СНЕЖАНА ВЕЛКОВА
СОЊА ЈОВАНОВСКА

# УЧЕБНИК ПО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## ЗА

## VI ОДДЕЛЕНИЕ

Рецензенти:
проф. д-р Гоце Цветановски
проф. Татјана Пеливанова
проф. Наташа Киркова

Лектор:
Елена Тошева

Дизајн:
МагнаСкен

Издавач: Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија

Печати: Арбериа Десигн - Тетово

Тираж: 13 900

Со одлука за одобрување на учебникот Македонски јазик за VI одделение, деветгодишно образование, бр. 22-993/1 од 13.06.2011, донесена од Националната комисија за учебници
Со решение на министерот за образование и наука бр. 26-508/1 од 12.03.2020 се продолжува важноста на одлуката за одобрување и употреба на овој учебник

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016:811.163.3(075.2)

ВЕЛКОВА, Снежана
Учебник по македонски јазик за VI одделение / Снежана Велкова, Соња Јовановска. - [2. изд.]. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2020. - 222 стр. : илустр. ; 25 см

Библиографија: стр. 216-217

ISBN 978-608-226-859-0

1. Јовановска, Соња [автор]

COBISS.MK-ID 51807749

## Почитувани ученици,

Пред вас е учебник кој е изработен според новата наставна програма и според современите педагошки барања.

Ова е работен учебник кој ќе ви овозможи **самостојно и творечко учење, индивидуални и групни истражувања, учење во парови и групи, работа по нивоа и по сопствен избор, проблемски задачи, барања во кои ќе кажувате ваши мислења и заклучоци.** Текстовите, јазичните и литературните катчиња, задачите, разговорите, дополнувањата на знаењата, како и она што ќе го откриете, повторувате и согледувате, ќе ви овозможи да ги применувате знаењата и самостојно да творите. Учебникот го замисливме како едно од наставните средства кое ќе ви овозможи полесно совладување на содржините предвидени да ги совладате во ова одделение.

Во учебникот се застапени содржини од четири наставни подрачја: Јазик, Литература, Изразување и творење и Медиумска култура.

Ве уверуваме дека учењето на јазикот не е тешко и може да ви биде интересно. Првичните знаења за јазикот сте ги стекнале дома, но знаењата треба постојано да ги збогатувате. За тоа ви се потребни **волја, интерес, желба и многу, многу ЉУБОВ за јазикот.** И тогаш ќе ви биде полесно да ги освоите светот на јазикот и на литературата.

Потрудете се учебникот да ви биде другар и пријател кој ќе ви помогне да нурнете подлабоко во усвојувањето на нови знаења.

Посакуваме учебникот да ви помогне во постигнувањето успех во новата учебна година.

**Од авторите**

# Ј А З И К

# П О Т Е К Л О Н А М А К Е Д О Н С К И О Т Ј А З И К

## ♣ Потсети се

♦ Што е оштење?
♦ Наброј средства кои можеме да ги употребиме при општењето.
♦ Кое е најсовршено средство за општење меѓу луѓето?

## ♣ Согледај и заклучи

♦ Македонскиот јазик има доста **заеднички особини** со другите словенски јазици и, заедно со нив, спаѓа во **семејството на словенските јазици.**

♦ Разгледај ја шемата на која е прикажано од кој јазик се развиле словенските  јазици, колку јазични групи се развиле од него и во која група се вбројува македонскиот јазик.

**ПРАСЛОВЕНСКИ ЈАЗИК**

↓ ↓ ↓

| западнословенска група | јужнословенска група | источнословенска група |
|---|---|---|
| полски<br>чешки<br>словачки<br>лужичко-српски | македонски<br>српски<br>хрватски<br>словенечки<br>бугарски | руски<br>украински<br>белоруски |

### ♣ Одговори на прашањата

- Од кој јазик потекнува македонскиот јазик?
- Колку групи словенски јазици јазици се оформиле и кои се тие?
- Во која група спаѓа македонскиот јазик?
- Наброј кои словенски јазици во кои групи спаѓаат.

### ♣ Дознај повеќе

♦ Историски, во јужнословенската група јазици спаѓа и **старословенскиот јазик.**

♦ Тој бил **прв литературен (стандарден) јазик** за сите словенски народи.

♦ Најстарите зачувани текстови напишани на старословенски јазик потекнуваат од крајот на **10 век** до почетокот на **12 век.** Меѓу овие текстови се и: **Асемановото евангелие, Зографското евангелие и Мариинското евангелие.**

### ♣ Разгледај

Следат фотоснимки на кои ќе видите дел од **Асемановото евангелие** (напишано со глаголско писмо), дел од форми на најстарите глаголски букви и натписот на надгробната плоча на Самоил (со букви од старословенската азбука).



**Форми на најстари глаголски букви**



**Натписот на надгробната плоча на Самоил**

♦ Разгледајте ги фотоснимките и дискутирајте за формите на буквите. Со помош на наставникот, обидете се и нешто да прочитате.



**Фотоснимка од Асемановото евангелие**

## СТАРОСЛОВЕНСКИ АЗБУКИ

♦ Словенската писменост започнала во **втората половина на 9** век кога браќата **Кирил и Методиј** почнале да ги **преведуваат** првите црковни книги од грчки **на старословенски јазик.** Тој бил првиот литературен словенски јазик (на кој зборувале македонските Словени од околината на градот Солун).

♦ **Старословенскиот јазик** бил пишуван со **две** сосема различни **азбуки.**

а) **глаголица,** која ја создал **св. Кирил** и имала 38 букви;
б) **кирилица,** која имала 44 букви.

## ♣ Разгледај, уочи

♦ Следи фотоснимка на **двете азбуки.** Разгледајте ги буквите, уочете ги разликите меѓу нив и поразговарајте за броевите кои тие ги означуваат; со помош на наставникот обидете се да прочитате некои од зборовите.



# СОВРЕМЕНО МАКЕДОНСКО ПИСМО

## ♣ Потсети се

♦ Во кое семејство на јазици се вбројува македонскиот јазик?
♦ Наброј ги јазиците од јужната словенска група.
♦ Кој ги превел првите црковни книги и со која азбука?
♦ Која е првата словенска азбука и кој ја создал?
♦ Колку букви имала кирилицата?

## ♣ Запомни

Современата македонска азбука**, кирилицата,** со која денес се служиме, ја изработила Јазична комисија, а ја одобрила Народната влада на Македонија со решение **од 5 мај 1945 година.**

## ♣ Разгледај и потсети се

♦ Следи фотоснимка со буквите од **современата македонска азбука,** ракописни и печатни**.** Потсети се на правилниот редослед на буквите и нивното правилно пишување.
♦ Под **поимот азбука** се подразбира вкупност од букви со нивните определени форми и знаци, распоредени по утврден ред.

*Аа Бб Вв Гг Дд Ѓѓ Ее Жж*
*Зз Ѕѕ Ии Јј Кк Ќќ Лл Љљ*
*Мм Нн Њњ Оо Пп Рр Сс Тт*
*Уу Фф Хх Цц Чч Џџ Шш*

Аа Бб Вв Гг Дд Ѓѓ Ее Жж
Зз Ѕѕ Ии Јј Кк Ќќ Лл Љљ
Мм Нн Њњ Оо Пп Рр Сс Тт
Уу Фф Хх Цц Чч Џџ Шш

Ова решение влегува во сила од денот на објавувањето.

*Министер на просветата:*
*Н. Минчев, с. р.*

*Претседател на Народната влада:*
*Л. Колишевски, с. р.*

# ПОДЕЛБА НА ГЛАСОВИТЕ

♣ Спореди

♦ Изговори го гласно зборот **двор** неколкупати. Притоа, спореди кој глас во зборот го изговораш најлесно и најгласно, а кои гласови ги изговори потивко. Обрни внимание и на движењето на воздушната струја во усната празнина.

♦ При **изговорот на гласот о** воздушната струја слободно се движи низ усната празнина, а **при изговорот на другите гласов**и во зборот, се создава преграда и воздушната струја не може да мине слободно низ усната празнина.

♣ Заклучок

Гласовите кои ги изговараме слободно, без воздушната струја да наиде на пречки, се викаат **самогласки.**

А гласовите при чиј изговор воздушната струја наидува на пречки се викаат **согласки.**

♣ Запомни

♦ **Во македонскиот јазик има 31 глас,** од кои пет гласа се самогласки (**а, о, у, е, и**), а останатите гласови се согласки.

♦ Со комбинирање на самогласките и согласките се образуваат **слогови**.

♦ **Самогласките** имаат слоготворна функција, односно тие **се носители на слогот**.

♣ Збогати ги знаењата

**Гласот р** може да биде носител на слог, и тоа:

а) меѓу согласки ( д**р**-во, ц**р**к-ва, п**р**-во, г**р**-ло );

б) во почеток на зборови (’**р**жи, ’**р**кулец, ’**р**ти).

♣ **Вежби**

♦ Од набројаните гласови, состави што повеќе зборови: **ч, е, д, в, и, о, у.**

♦ Препиши ги зборовите во тетратка и подели ги на слогови: **зборови, јадење, поплава, ученици, дрвено, согласки, самогласки, табла и ученик.**

♦ Определи во кои зборови има самогласно **р**: **роденден, старец, прстен, првпат, другар, група, метро, престол, врба, крвоток и крзно.**

## ПОДЕЛБА НА СОГЛАСКИТЕ

♣ **Присети се**

♦ Како се делат гласовите според својата звучност?

♦ Кои гласови се носители на слоговите?

♦ Наброј ги самогласките во македонскиот јазик.

♣ **Прочитај и објасни**

♦ Прочитај ги гласно **согласките** во низите и објасни ја разликата во нивната звучност.

♦ **СОНОРНИ: Р, Л, Љ, М, Н, Њ, Ј.**

♦ **ЗВУЧНИ: Б, В, Г, Д, Ѓ, Ж, З, Ѕ, Џ**

♦ **БЕЗВУЧНИ: П, Ф, К, Т, Ќ, Ш, С, Ц, Ч, Х**

♦ Од која низа согласки при читањето почувствува најголема звучност?

♦ Наброј на која звучна согласка одговара соодветна безвучна согласка. (Размисли согледувајќи како се подредени по парови во низите.)

♦ Која согласка нема свој звучен парник?

## ♣ Вежби низ игри

♦ Организирајте игра на тој начин што еден ученик ќе каже звучна согласка, а друг ученик ќе го каже нејзиниот безвучен парник.

♦ Напишете на табла самогласки и согласки од кои ќе составувате зборови. Ученикот кој ќе напише најголем број зборови, за определен број минути (за што однапред ќе се договорите), ќе биде победник и ќе му честитате со аплауз.

♦ Вежбајте изговор на гласовите со гласно читање на брзозборките.

Трганица
турканица
виканица.
Мешаница
караница
паѓаница.

Сѐ заради
само една
лизгавица.

**Ристо Давчевски**

Кракара-бакара!
Бакара-кракара!
Скинав
конец
од макара.

**Стојан Тарапуза**

# ПРАВИЛА ЗА АКЦЕНТИРАЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

♦ Што е акцент? **Нагласувањето на одреден слог во зборот се вика акцент.**

## ♣ Прочитај, согледај, одговори

♦ Читај ги гласно зборовите во низата обрнувајќи внимание на тоа кој слог во зборовите го чувствуваш посилно при изговорот.

**вода, говор, другар, табла, тетратка, човекот, татковина**

♦ Преброј од колку слогови се составени зборовите во низата.

♦ Кои слогови во зборовите ги почувствувавте посилно при изговорот?

♣ Запомни

♦ **Кај едносложните зборови** акцентот стои **пред самогласката** во тој **единствен слог.**

Примери: п'**а**т, др'**а**г, св'**е**т, пр'**а**г, к'**у**м

♦ Акцентот **кај двосложните зборови** стои **пред самогласката на вториот слог од крајот на зборот.**

Примери: м'**а**јка, д'**е**те, ј'**а**де, з'**е**лен

♦ **Трисложните и повеќесложните зборови** се акцентираат **на третиот слог од крајот на зборот.**

Примери: '**у**ченик, '**а**втобус, уч'**и**лиште, разг'**о**вори

♦ **Согледа** дека во македонскиот јазик постојат правила за местото на акцентот во зборовите и затоа тој е **определен.** Тој е и **динамичен** затоа што го одликува силината на гласовниот удар врз определен слог.

♦ **Знакот** со кој се обележува акцентот (') стои пред самогласката која се акцентира.

♣ **Примени ги знаењата**

♦ Препиши ги зборовите и обележи го акцентот.

**училница, овошје, акцент, моливи, моливите, зборови, четврток, трева, јуни, црвени, градови, ученик, ученици, наставник, трчање, мислев.**

♦ Прочитајте ги речениците со правилно акцентирање на зборовите. Потоа секој нека ги препише зборовите и нека ги акцентира.

а) Сонцето ги повика децата на пролетна прошетка.
б) Бабите раскажуваат интересни приказни.
в) Младиот елен се упати кон блискиот извор.
г) Плашливата верверичка скокна на дрвото.
д) Секое другарство треба да се негува.

## ♣ Вежби

♦ Напиши по три едносложни, двосложни, трисложни и повеќесложни зборови и обележи го акцентот.

♦ Определи кои зборови се неточно акцентирани.

**'акцент, друг'ар, пробл'ем, т'етратка, сл'огови, пр'одава, учен'ик, л'ивче, р'оман**

♦ Организирајте натпревар во изразно читање на извадокот, а особено внимавајте на правилното акцентирање на зборовите.

„...Часот по македонски јазик подобро и не можаше да почне. Тројца ученици: Јован, Глигор и Панчо мошне лесно добија петки. Поради тоа во одделението се создаде свечено расположение. Професорот беше очигледно добродушен, па одеднаш на сите во одделението им се причинуваше дека тој ова утро се разубавел...“

♦ Препиши ги зборовите и обележи го акцентот.

**Адван Хозиќ**

♦ Препиши ги зборовите и обележи го акцентот.

## ♦ Внимавај!

Зборовите ја менуваат својата форма, па затоа присети се на тоа дека акцентот во македонскиот јазик е **динамичен**.

| | |
|---|---|
| **зелен, зелена, зелениот** | **син, синче, синовите** |
| **бел, побел, најбелиот** | **јаде, јадење, појадок** |
| **вода, воден, водена** | **лов, ловец, ловција** |
| **убав, убава, убавиот** | **дрво, дрвена, дрвениот** |

♦ На час од подрачјето **Изразување и творење** напиши состав на тема **Боите на есента**. Потоа читај го и дискутирај за тоа колку е внимавано во примената на правилата за акцентирање при читањето.

# МОРФОЛОШКА КЛАСИФИКЦИЈА НА ЗБОРОВИТЕ

## ♣ Потсети се, размисли и одговори

♦ Прочитај ги речениците кои следат, а потоа определи го видот на зборовите.

**а) Илија ќе купи нови ролерки.**
**б) Уф, јас и Мила се исплашивме.**
**в) Секако дека ќе ги видам двете другарки.**

♣ Досега си учел за видовите зборови. Знаеш ли дека во македонскиот јазик се изделуваат **единаесет зборовни групи:**

1) **именките** именуваат суштества, предмети, појави и поими (**Марија, мачка, дожд, молба**);

2) **придавките** искажуваат карактеристики на некого и нешто (**убаво, брзо, зелено, негови, златно**);

3) **заменките** означуваат или посочуваат лица, предмети или појави (**ние, таа, себе, нејзе, мене, овој, себе (си**);

4) **глаголите** означуваат дејство или состојба (**зборува, мисли, спие**);

5) **броевите** означуваат количество (**три, дваесет, илјада, дваесет и пет**);

6) **прилозите** искажуваат околност во која се врши некое дејство (**лесно** учи, **добро** зборува, **веднаш** дојди, **малку** пари);

7) 8) и 9) **предлозите, сврзниците и честиците** изразуваат одделни граматички значења (**во, под, штом, ако, ќе, би**);

10) **извиците** изразуваат чувства (**оф, леле, псст, плас, еej**);

11) **модалните зборови** искажуваат сопствен став кон нешто што е кажано (**секако, веројатно, несомнено, можеби**).

## ♣ Размисли и запомни

♦ Кои зборови во речениците ја промениле формата?

**а)** Едно дете истрча на улица. **б)** Едното детенце истрчало на улицата.

♦ Сите видови зборови во македонскиот јазик, **според тоа дали ја менуваат својата форма или не ја менуваат, се делат на две групи.** Од шемата која следи, донеси заклучок кои се тие групи и кои видови зборови спаѓаат во нив.

| МЕНЛИВИ: | НЕМЕНЛИВИ: |
|---|---|
| ↓ | ↓ |
| ИМЕНКИ | ПРИЛОЗИ |
| ЗАМЕНКИ | ПРЕДЛОЗИ |
| ПРИДАВКИ | СВРЗНИЦИ |
| БРОЕВИ | ИЗВИЦИ |
| ГЛАГОЛИ | ЧЕСТИЧКИ |
| | МОДАЛНИ ЗБОРОВИ |

## ♣ Забелешка

♦ Поголемиот број прилози се неменливи зборови, **но има и такви кои ја менуваат својата форма.**

Примери: **брзо – побрзо – најбрзо, лесно – полесно – најлесно**

## ♣ Примени ги знаењата

♦ Кои се двете зборовни групи во однос на менливоста на зборовите во македонскиот јазик?

♦ Наброј кои видови зборови во која зборовна група спаѓаат.

♦ Определи го видот на зборовите во речениците и зборовната група во која спаѓаат.

а) Детската смеа го разбуди дедото.
б) Еј, од кога не сум те видела!
в) Секако дека ќе дојдеме кај вас.
г) Маја купи само еден сладолед.
д) Победникот и победениот се браќа.
ѓ) Многу ја сакам сината боја.

♦ Напиши пет реченици, а потоа определи го видот на зборовите во нив и во која зборовна група спаѓаат. (Тоа направи го во табели.)

## ♣ Задача за дома

♦ Откако ќе го разгледаш примерот, во тетратката напиши пет реченици и определи го видот на зборовите онака како што е дадено во примерот.

Бојана нацрта прекрасен цртеж.

______ _______ ________ ___

# ВИДОВИ ИМЕНКИ

## ♣ Потсети се

♦ Во петто одделение ги изучи видовите именки: **општи, сопствени и збирни**.

♦ Посочи ги именките во речениците кои следат и определи го нивниот вид.

1. Мајка ми пее во црковниот хор пет години.
2. Тони свири виолина во нашиот оркестар.
3. Дојде нова стока во продавницата.
4. Одбојкарскиот тим го освои првото место.
5. Групата на Марко има многу поени.
6. Кучето Шарко спие крај масата.
7. Купивме нов мебел за дома.

## ♣ Запомни

♦Именките кои можат да искажуваат **дејства** или **состојби** кои само ги именуваат, се викаат **глаголски именки**.

♦ Тие **не се поврзуваат** со конкретен вршител на дејство или со времето на одвивање.

**Примери:** игра – игра**ње**, врти – врте**ње,** тропа – тропа**ње**

♦ Глаголските именки се образуваат само од **несвршени глаголи.** Со која **наставка** се образуваат?

**(Погледни во претходните примери!)**

♦ Прочитај ги примерите: соопште**ние,** призна**ние,** увере**ние,** изда**ние.**
Со која друга наставка може да се образуваат глаголските именки?

## ♣ Согледај, спореди

♦ Прочитај ги примерите кои следат. Уочи која **граматичка категорија** можат да ја имаат глаголските именки.

трчање**то,** лутење**то,** пеење**во,** пишување**во,** играње**но,** признание**то**

## ♣ Примени ги знаењата

♦ Посочи ги глаголските именки во речениците.
За учење е потребна и желба.
Тој беше на заседание.
Работењето не го замори.
Лутењето е негова особина.
Мора да има планирање на времето.
Го сакам раѓањето на денот.

♦ Кои именки во горните реченици се членувани?

## Вежби

♦ Напиши пет реченици во кои ќе има и глаголски именки.

♦ Трансформирај ги наведените глаголи во глаголски именки: пишува, гледа, мисли определува, препознава, запишува, гради, прави, сфаќа, грее и црта. (Пример: седи – седење.)

## ♣ Збирни именки

♦ Во петто одделение учеше за **збирни именки**. Потсети се што ознауваат тие.

♦ Збирните именки **не образуваат множина**.

♦ Посочи ги збирните именки во извадокот.

„...Населението се собра пред училиштето. Требаше да биде договорена изградба на спортска сала. Толку многу свет не беше собран одамна. Сите беа среќни зашто салата ќе биде место во кое ќе спортуваат. Дел од собраниот народ ќе организира акција за собирање пари со кои ќе купи мебел за кабинетите...“

**Љупчо Андовски, ученик**

# ОПРЕДЕЛЕНОСТ КАЈ ИМЕНКИТЕ

## ♣ Размисли, спореди

♦ Прочитај го извадокот и согледај по што се разликуваат нагласените зборови.

„Најмалото **дете** беше ученик во шесто одделение. Не само што беше одличен ученик, **детето** беше вистински талент за глумење. Но тоа не го користеше пред **наставниците** за да се снајде. И другарите, но и неговите неговите **наставници** го почитуваа тоа...“

♦ Со именките **дете** и **наставници** се означени општи и истородни суштества, а со именките **детето** и **наставниците** се означени веќе познати, определени суштества.

♦ Ова означување на веќе познати суштества (предмети или појави) се прави со **членски наставки** и се нарекува **определеност** на именката (или **членување**).

♦ При определување (членување), на именките им се додаваат овие членски наставки:

**еднина: -от, -ов, -он** (за машки род): ден**от**, ден**ов**, ден**он**;
**множина: -те, -ве, -не** (за машки род): денови**те**, денови**ве**, денови**не**;

**еднина: -та, -ва**, **-на** (за женски род): врата**та,** врата**ва,** врата**на**;
**множина**: **-те**, **-ве**, **-не** (за женски род): врати**те,** врати**ве,** врати**не**;

**еднина**: **-то**, **-во**, **-но** (за среден род): дете**то**, дете**во**, дете**но**;
**множина**: **-та**, **-ва**, **-на** (за среден род): деца**та**, деца**ва**, деца**на**.

**Забелешка: Сопствените именки** не се членуваат (Сања, Пчиња, Дебар). Но ако ги членуваме (а тоа е можно кај некои од нив), тогаш **изразуваме посебен однос на говорителот**. (Примери: Дебар**ов**, Дејан**ов**, Пелистер**он** и сл.)

## ♣ Вежби

♦ Одберете еден текст и препишете ги членуваните именки. Потоа направете зедничка проверка и поправка на задачата.

♦ Напиши пет реченици во кои ќе користиш и членувани именки. Направете заедничка проверка на сработеното.

# ГРМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА НАЧИН КАЈ ГАГОЛИТЕ

## ♣ Спореди

♦ Прочитај ги речениците и спореди какви дејства искажуваат глаголите.

1. Бојан учеше. 2. Бојане, учи! 3. Бојан би учел.

♦ Каки дејства се искажани со еден ист глагол во трите реченици?

**Н А Ч И Н**

| **исказен** | **заповеден** | **можен** |
|---|---|---|
| Јана пее. | Јане, пеј! | Јана би пеела. |
| Песот лае. | Песу, лај! | Песот би лаел. |
| Сања игра. | Сања, играј! | Сања би играла. |

Значи, покрај **граматичките категории лице, број и време** (за кои учевте минатата година), глаголите имаат и категорија **начин**.

## ♣ Примени ги знаењата

♦ Напиши по три реченици за секој вид од начините на кои се искажува глаголското дејство.

♦ Посочи на кој начин се искажани дејствата во речениците.

Тој вежба редовно.
Гоце, пишувај побрзо!
Јана би пеела постојано.

Донесете вода, ве молам.
Јас би јадела сладолед.
Калина редовно учи.

♦ Трансформирај го исказниот начин во речениците во заповеден начин.

(Пример: Баба зборува. Бабо, зборувај! Баба би зборувала.)

1. Тато оди брзо. 2. Тања гледа филм. 3. Рибарот фати риба.

# ВИДОВИ ПРИДАВКИ

(заменски, односни: материјални)

## ♣ Присети се

♦ Што искажуваат придавките? Посочи ги видовите придавки во речениците.

1. Игравме во училишниот двор.
2. В година ќе бидам седмо одделение.

## ♣ Прошири ги знаењата

♦ Придавките се делат во четири групи: **описни, односни, бројни и заменски.**

♦ **Односните придавки** можат да бидат **присвојни** (за кои учевте во петто одделение) и **материјални**: **метален** столб, **стаклена** врата, **сребрен** прибор, **пченичен** леб (значи покажуваат од каков материјал потекнува нешто).

♦ **Заменските придавки** можат да бидат:

1. **присвојни**: мој, твои, нашето, нивна, неговите;
2. **количествени**: онолкав, толкав;
3. **квалитативни**: таков, онаква, ваквиот, ваков;
4. **прашални**: колкав, каков, какви;
5. **неопределени**: некаков, некакви;
6. **општи**: секаков.

## ♣ Примени ги знаењата

♦ Определи го видот на придавките во речениците.

1. Стотина чекори понатаму имаше дрвена куќичка.
2. Таквите убави зборови звучеа како нежна мелодија.
3. Во градскиот парк има и скршени клупи покрај тесните патеки.
4. Во училишниот двор беа засадени секаков вид цвеќиња.
5. Секаков вид внимание му е потребно на секој човек.

♦ Напиши пет реченици со материјални придавки.

♦ Збогати ги (прошири ги) речениците со соодветни придавки.

1. Беше зима. 2. Му се стркала солза. 3. Играа пред вратата.

# ЗАМЕНКИ: ЛИЧНИ И ПОКАЗНИ

## ♣ Подготви се учење

♦ Во македонскиот јазик има **три групи** заменки: **лични, лично-предметни и показни заменки**.

Формите на **личните заменки** се:

**еднина: јас** (прво лице), **ти** (второ лице), **тој** (трето лице);
**множина**: **ние** (прво лице), **вие** (второ лице), **тие** (трето лице).

♦ Кои граматички категории ги препознаваш кај личните заменки?

**Забелешка:** Постои и повратна заменка чии форми се **себе** (**себе се** и **себе си**).

Пример: **Си реков** да побрзам зашто ќе задоцнам.

♦ **Показните заменки** се групирани во **три групи.** Согледај ги нивните форми.

**1. Првата група** посочува лица и предмети кои се **блиску** до говорителот.

**еднина**: **овој** (машки род), **оваа** (женски род), **ова** (среден род);
**множина**: **овие** (за сите три рода).

Примери: **Овој** човек ми е познат. **Ова** дете е примерно.

**2. Втората група** посочува лица и предмети кои се **подалеку** од говорителот.

**еднина**: **оној** (машки род), **онаа** (женски род), **она** (среден род);
**множина**: **оние** (за сите три рода).

Примери: **Онаа** жена пее убаво. **Оние** слики се убави.

**3. Третата група** посочува лица и предмети **без просторно определување**.

**еднина: тој** (машки род), **таа** (женски род), **тоа** (среден род);
**множина: тие** (за сите три рода).

Примери: **Тие** луѓе се гостите. **Таа** улица е најчиста.

### ♣ Размисли и одговори

♦ Зошто заменките спаѓаат во менливата група зборови?

♦ Согледа дека заменките од третата група показни заменки имаат исти форми како личните заменки. Како ќе знаеш дали заменката е лична или показна?

♦ Прочитај ги речениците, размисли и објасни. (Нека ви помогне и наставникот.)

Примери: **Тој** дојде рано. **Тој** човек дојде рано.

### ♣ Вежби за на час

♦ Напиши по една реченица за секоја лична заменка.

♦ Посочи кои заменки во речениците се показни.

1. Тој беше купил три килограми јаболка.
2. Таа куќичка им се допадна на посетителите.
3. Тие не сакаа да го навредат оној дрзок човек од соседството.
4. Тој ветер можеби беше и најсилниот оваа година.
5. Тие колачиња ги подготви онаа готвачка.

♦ Замени ги нагласените зборови во речениците со соодветни заменки.

1. **Ученикот** како да не ја разбра добро опомената.
2. Мајка му не ги разбираше **неговите** другари.
3. Катја рече дека **сивите** ролерки се најубави.

♦ Определи го видот на заменките во извадокот.

„Во тој клас токму оној ученик беше најзаслужен за победата. А тој натпревар значеше влез во финалето и борба за она најпосакуваното, освојување на пехарот. Јас бев повреден и не играв, но навивав од срце. Си велев себе си: „Е, да не можам да помогнам кога е најпотребно...“

**(Од училишниот весник „Глас“)**

## ♣ Задача за дома

♦ Напиши состав во кој ќе ја опишеш **училишната библиотека**. Насловот го одредуваш сам, но потребно е да употребуваш од сите видови заменки.

♦ На часот читај го составот и определувај го видот на заменките во него.

## ♣ Примени ги знаењата

♦ Препиши ги речениците на тој начин што на местото на празните линии ќе допишеш соодветни заменки.

1. ------------- подарок ми го купија другарите од одделението.
2. Секоја пролет --------------- врапчиња прават седало кај нас.
3. Планинаревме до ----------- врв на кој уште има снег.
4. ----------- што учи редовно постигнува високи резултати.
5. Ги воодушеви играта на ------------ играорка.
6. Го освоија ---------- пехар на натпреварот во кошарка.
7. -------------- си реков дека ќе бидам подобар оваа година.



# ГЛАВНИ РЕЧЕНИЧНИ ЧЛЕНОВИ

### ♣ Потсети се

♦ Кои се главни членови во реченицата?
♦ Кој е создавачки член во реченицата?
♦ Што означуваат главните членови во реченицата?

### ♣ Вежба

♦ Посочи ги подметот и прирокот во речениците.

1. Секојдневно тој им носеше храна на врапчињата.
2. Тие знаеја за нивната голема желба за нов баскет.
3. За неговите успеси заслуги имаа и неговите најблиски.
4. Темните облаци на небото ги исплашија.

# ЗБОРОВИ ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДМЕТ

### ♣ Согледај и објасни

♦ Посочи ги подметите во речениците и објасни кои видови зборови имаат функција на подмет.

1. Сонцето изгреа рано.
2. Тие трчаа брзо.
3. Победникот заплака.
4. И вториот заплака.
5. Ние бевме среќни.
6. Првиот е највисок.
7. Мачката скокна.
8. Вие победивте.

### ♣ Вежби

♦ Состави четири реченици во кои функција на подмет ќе имаат: именка, заменка, придавка и број.

♦ Препиши ги подметите од извадокот и одреди кои видови зборови ја вршат таа функција.

„Јас верував во сказни иако веќе имав дванаесет години. Пролетта дојде многу рано, а на планините имаше снег. Се договоривме да планинариме до врвот. Најхрабриот одеше прв, правејќи тесна патека во длабокиот снег. Марко се плашеше и одеше до мене зашто јас неколкупати покажав храброст во нашите игри...“

# П Р И Л О Ш К И  О П Р Е Д Е Л Б И:
# ЗА МЕСТО, ЗА ВРЕМЕ И ЗА НАЧИН

## ♣ Размисли и запомни

♦ Прочитај ја реченицава; посочи го прирокот и размисли по што го објаснуваат прирокот зборовите под кои има прашалници.

Вчера во библиотека учев полесно.

**кога?** **каде?** **како?**

Зборовите под кои има прашања даваат податоци **за околностите под кои се врши глаголското** дејство. Таквите членови во реченицата се нарекуваат **прилошки определби**.

Постојат неколку видови прилошки определби. Овде ќе стане збор
за прилошките определби за место, време и за начин.

**1. Прилошките определби за место** го означуваат местото каде што се врши дејството. Одговараат на прашањата: **каде**? **до каде**? **на каде**?

Примери: **Денес** јадев грозје. Тие стоеја дури **онаму.**

**2. Прилошките определби за време** го определуваат времето во кое се врши глаголското дејство. Одговараат на прашањата: **кога**? од **кога**? до **кога**?

Примери: **Вчера** купив билети. **Утрово** станав доцна.

**3. Прилошките определби за начин** го определуваат начинот на кој се врши глаголското дејство. Одговараат на прашањето **како**?

Примери: Тој се движи **бавно**. Зборуваа **шепотејќи**.

### ♣ Примени ги знаењата

♦ Напиши по две реченици со секој вид прилошка определба за која учеше.

♦ Определи го видот на прилошките определби во речениците.

1. Шепотејќи се обиде да му помогне на другарот.
2. Сериозно му пријдоа на проблемот и набрзо го решија.
3. Вчераутро сите се собраа пред зградата во осум часот.
4. Тренираше секојдневно во салата во осум часот.
5. Лесно ја прескокна оградата и влезе во дворот.

# СЛОЖЕНА РЕЧЕНИЦА

### ♣ Повтори ги знаењата

♦ Од кои членови е составена простата реченица?

♦ Определи ги главните членови во речениците.

1. Кучињата се стрчаа кон автомобилот.
2. Баба ми ми сплете убав шал.
3. Јасмина отиде кај другарката.

### ♣ Запомни

Реченицата која содржи два или повеќе глаголи во лична глаголска форма се вика **сложена реченица**.

Примери:

1. Таа **дојде**, но **замина** брзо.
2. Секојдневното вежбање на игралиште ги **измори**.

Прочитај ги внимателно претходните реченици. Размисли дали простата реченица мора да биде пократка од сложената реченица? Поразговарајте за тоа.

Во текстовите сретнуваме и **самостојни делови кои не содржат глагол во лична глаголска форма**. На пример: Добар ден! Оф! Мили пријатели!

## ♣ Вежби

♦ Претвори ги простиве реченици во сложени. Потсети се на бројот на глаголи во лична глаголска форма кај сложените реченици.

Заврна силен дожд.
Стефан излезе рано.
Се појави месечината.

Кучето залаа силно.
Го исплаши грмењето.
Отидовме на викенд.

♦ Посочи кои реченици во извадокот се сложени.

„Две ѕвезди, светкави точки на небото, ѕиркаа помеѓу зелените лисја на јаболкницата. Тие како да се чудеа на сиромаштијата во нашата малечка куќичка.

Ги гледав замислено низ прозорецот и им мавтав со едната рака за да ги повикам во мојата соба и да ја продолжиме играта. А една ѕвезда трпереше силно во темната ноќ како да го везеше мојот сон...“

♦ Напиши пет прости реченици кои потоа ќе ги претвориш во сложени.



# РЕЧНИК И СТИЛ

## Лексичко значење на зборовите

## ПАРОНИМИ

### ♣ Потсети се, збогати ги знаењата

♦ Во претходните одделенија научи дека во изразувањето (писмено и усно) употребуваме и: исти зборови со различно значење, повеќе зборови за еден поим и зборови со спротивно значење.

♦ Разгледај ги табелите од кои ќе ги научиш имињата на видовите зборови кои досега си ги изучил, како и речениците во кои се употребени.

| | |
|---|---|
| **Синоними** – зборови со различна форма, но со исто или слично значење. | ● На небото има **виножито**.<br>● **Sуницата** се појави по дождот. |
| **Антоними** – со спротивно значење. | ● **Врелото** лето беше **долго**, а **студената** зима **кратка** |
| **Хомоними** – зборови со иста форма, но со различно значење. | ● Дедо ми го болеше **грбот**.<br>● Ова е **грбот** на Македонија. |

### ♣ Прошири ги знаењата

♦ Постојат зборови кои се блиски по изговор, но со различно значење. Тие се нарекуваат **пароними.**

♦ Токму затоа треба да внимаваме при нивниот изговор за да не го смениме нивното значење, но и значењето на реченицата.

Примери: 1. Мамо, каде живеат **Индијанци**, а каде **Индијци**?

2. Тато **слуша** за големата **суша** во Африка.

♣ Вежба

♦ Пронајди ги синонимите, антонимите, хомонимите и паронимите во речениците и напиши ги во табели.

1. Цела ноќ ми мина во бдеење наместо во спиење.
2. Се одржуваше фудбалски куп и се пријавија куп клубови.
3. Старицата стоеше, а ученикот седеше без срам.
4. Денонокно твори и создава поезија за деца.
5. Човеков често крева врева и ги вознемирува сите.
6. Тој е славен пијанист, а таа е прочуена примадона.
7. Таа имаше своја цел и затоа учеше цел ден.
8. Ги прашав зошто не дојдоа зашто сите ги чекавме.

♣ Примени ги знаењата

♦ Напиши реченици користејќи ги зборовите: извор – вруток, темно – мрачно, влегува – излегува, тежок – лесен, лоз – воз.

♦ Напиши ги значењата на зборовите: гума, воден и клас.
(Пример: град: населено место, врнежи од град.)

♦ Состави по една реченица со паронимите: натпис – напис, лоз – воз, зашто – зошто.



## ПРАВОПИС

# СКРАТЕНИЦИ

(за обраќање, за мерки на метричкиот систем и за другите мерки и големини)

♣ **Повтори ги знаењата**

♦ Што се тоа скратеници?

♦ На кои зборови се однесуваат скратениците: т. е., и др., стр., бр. т.н., с., ж. р., о. г.?

♦ За наредната задача ќе треба да се потсетиш на **знаења по математика** за метричкиот систем и за други мерки и големини.

**д-р** **г-ѓа**
**дкл.** **км** **см**
**стр.** **мг**
**и др.** **и сл.**
**ж. р.** **бр.**
**т.н.** **о. м.**
**чл.** **т. е.**

## ♣ Размисли, напиши

♦ Препиши ги речениците и на местата до скратениците напиши го целиот збор.

1. Уште еден (м) ____________________ и ќе стасам прв.
2. Дедо купи еден (кг) _______________ јаболка.
3. За тортата требаше еден (дл) _______________ млеко.
4. Треба да пиеш два (л) ________________ вода на ден.

♦ Постојат и скратеници кои се користат за обраќање кон лица.

Примери: 1. Се обратив кон **г-ца** (госпоѓица) Марија.
2. Сите ја викавме **г-ѓа** (госпоѓа) Важната.

## ♣ Потруди се

♦ Согледај и објасни кои правописни знаци се пишуваат или не се пишуваат, при образувањето на скратениците.

## ♣ Примени ги знаењата (задача за дома)

♦ Препиши ги скратениците и напиши објаснувања за нив.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ул. | гимн. | км. | инж. | м-р | и сл. |
| бр. | дкг. | хл. | г-ца | д-р | на пр. |

♦ Напиши скратеници од зборовите:

Република Македонија, година, машки род,
оваа година, член, тон, множина, декалитар, сантиметар, Македонски народен театар, Обединети нации.

♦ Во Правописот на македонскиот литературен јазик пронајди ја содржината за скратеници која ќе ти помогне да ја напишеш домашната задача и да согледаш и други примери за скратување на зборовите.

## СЛЕАНО ПИШУВАЊЕ НА СЛОЖЕНИТЕ ЗБОРОВИ

### ♣ Размисли, одговори

♦ Откако ќе ги прочиташ примерите, обиди се да објасниш што се тоа сложени зборови.

- великодушен
- Лазарополе
- риболов
- баснописец
- дрворед
- двојазичен

♦ Во македонскиот литературен јазик се образуваат **сложени зборови**, составени од два или повеќе зборови, при што тие добиваат **свое значење**.

### ♣ Прочитај и дополни

♦ **За да не грешиш** во слеаното пишување на сложените зборови, **прочитај ги** примерите и **обиди се да додаваш** свои примери.

### 1. Слеано пишување на именките:

● две именки поврзани со самогласките **-о-** и **-е-**: дрворед, баснописец, водовод,

јаглерод, очевидец, југоисток...
● сложени имиња на празници и географски имиња: Илинден, Велигден, Спасовден, Суводол, Монблан...
● сложени именки чиј прв дел е туѓ збор: **авио**механичар, **видео**тека, **електро**мотор, **микро**филм, **радио**врска, **хидро**авион...
● именки чиј прв дел се елементите **пол-** или **полу-**: **пол**ден**, пол**кило**,** **пол**час, **полу**брат**, полу**годие, **полу**глас...
● сложени именки чиј прв дел е број: **три**месечје, **едно**чинка, **пет**денарка...
● сложени именки чиј втор дел го сочинуваат зборовите: **литар, метар, грам**:
хекто**литар**, мили**литар**, мили**метар**, деци**метар**, мили**грам**...

## 2. Слеано пишување на придавките:

● сложени придавки поврзани со самогласките **-о-** и -**е-**: босоног, добродушен, срцевиден, очевиден...
● сложени придавки чиј прв дел е **пол-**, **полу-**: **пол**часовен, **полу**годишшен или **пол**годишен, **полу**писмен...
● сложени придавки од типот: две**годишен**, едно**месечен**, седум**дневен**, три**минутен**, пет**вековно**...
● сложени придавки чиј прв дел е број: **едно**кратен, **осмо**крак, **прво**роден, **трето**сложен...

## 3. Слеано пишување на прилозите:

● сложени прилози од типот: двапати, стопати, секојпат, вчераутро, едноподруго, сеедно...
● сложени прилози чиј прв дел е предлог: **без**друго, **до**сега, **на**вечер, **од**никаде, **преку**ноќ...
● сложени прилози чиј прв дел е честичката **не**: **не**когаш, **не**каков, **не**која, **не**чиј
● степенувани прилози: **по**инаку, **по**после, **нај**прво, **нај**после...

## 4. Слеано пишување на броевите:

● броевите од единаесет до деветнаесет, десетиците и стотиците од двесте до деветстотини: пет**наесет**, седум**десет**, осум**стотини.**..
● приближните броеви: петнаесетина, триесетина...

### ♣ Вежби за примена на знаењата

♦ Во извадокот има зборови кои се погрешно напишани. Пронајди ги и препиши ги точно.

„...Јане беше главен во нашата играорна група. Тој беше ороводец и тоа прво класен. Најдовме без платен простор во една пет катница. Групата брои петнаесетина члена и упорно вежбаме веќе три години. Сега имаме три часовни вежби секое попладне зашто се подготвуваме за еден фолклорен фестивал кој ќе одбележи дваесет годишнина од своето постоење. Ќе имаме неколку дневен престој...“

**Илија Јованчевски, ученик**

♦ Во тетратката направи табели во кои ќе напишеш слеано по пет збора според барањата кои следат.

| Именки кои се пишуваат слеано | Придавки кои се пишуваат слеано | Прилози и броеви кои се пишуваат слеано |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

♣ **Работа во двојки (Примени ги знаењата!)**

♦ Со другарчето до тебе договорете се за диктат на делови од текст во учебникот. Додека едниот од вас диктира дел од текстот, другиот пишува. Потоа сменете ги улогите, делот од текстот да не биде истиот, но да биде со еднаква должина. Разменете ги тетратките и со молив или боичка направете меѓусебни корекции. Без да се налутите, определете чиј диктат е поуспешен. Потребната помош за некои нејаснотии побарајте ја од наставникот.



# ОСНОВНО И ПРЕНОСНО ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

♣ **Размисли, објасни, заклучи**
♦ Прочитај ги речениците и размисли за значењето на нагласените (зацрнети) зборови. Во кои реченици зборовите се во своето основно значење, а во кои имаат преносно значење? Поразговарајте за тоа.

1. Марко јаде **лута** пиперка.
2. Навестуваат **лута** зима.
3. Баба **испече** вкусна пита.
4. Томе го **испече** занаетот.
5. Таа доби **златен** прстен.
6. Дарко постигна **златен** гол.

## ♣ Запомни

♦ Во изразувањето (писмено или усно) употребуваме зборови во своето **основно**, самостојно значење, кои можат да добијат и ново, преносно **значење**.

## ♣ Примени ги знаењата

♦ Разгледајте ја шемата и поразговарајте за значењето на зборовите во неа.

**птици**
**риби** ⟹ **јато** ⟹ **желби**
**скакулци** **зборови**
**ѕвезди**

♦ Напиши по две реченици со зборовите **материјал, камен и сонце**. Во едната реченица зборовите нека бидат со своето основно значење, а во другата со преносно значење.
♦ Препиши ги зборовите од левата колона и десно допиши ги истите зборови со преносно значење. (Следи го примерот!)

остар молив – остар поглед
ведро небо _________________
горка напивка _______________
рој мисли __________________

# ИНТЕРПУНКЦИСКИ ЗНАЦИ: ТОЧКА ЗАПИРКА, ПРАШАЛНИК И ДВЕ ТОЧКИ

## ♣ Присети се

♦ Што е тоа правопис? **Правопис** е збир од правила за пишување во еден јазик. И секој од нас е должен да ги знае и да ги почитува правописните правила.

♦ Секако дека во правописните правила спаѓа и пишувањето потребни знаци, интерпункциски и правописни. Досега си изучил некои од нив.

## ♣ Прошири ги знаењата

♦ Следат правила за употреба на интерпункциските знаци: **точка запирка, прашалник и две точки.**

## 1. Кога пишуваме точка запирка? (;)

● Во поголема сложена реченица, независните реченици може да се одделат со запирки, но и со точка запирка.

**Пример:** „Кон чунот се тркалал втор бран; личел на куче, па на лебед, најпосле се претворил во маѓесник со црвени очи и со бела брада.“

**Славко Јаневски**

● Ред од реченици во кои се развива една мисла, се одделуваат со точка запирка.

**Пример:** „Јас нема да останам слепа; јас ќе учам, како што учеле сите учени луѓе; колку и да ми е тешко, по снег, по дожд, јас ќе чекорам по тој светол пат.“

**Ката Мисиркова-Руменова**

● Кога речениците во сложената реченица се однесуваат на една главна реченица.

**Пример:** „Тој знаеше дека може да ја закачи сликата повторно; да ги израдува, да им ја врати вербата.“

**Блаже Конески**

## 2. Кога пишуваме прашалник? (?)

● Зад прашален збор и израз се пишува прашалник.

**Пример:** Зошто не дојдовте? Јана ќе чита?

● Ако туѓите зборови во прашањето ги приведуваме точно, пишуваме прашалник.

**Пример:** Тој го праша: „Се сеќаваш на првата средба?“

● Ако не сме сигурни во она што го тврдиме, пишуваме прашалник.

**Пример:** Ти доби петка? Утре одиме на излет?

## 3. Кога пишуваме две точки? (:)

● Зад збор по кој следи наброување, пишуваме две точки.

**Пример:** Го красат: добрина, чесност, решителност, храброст.

● Пред да се приведат туѓи зборови, пишуваме две точки.

**Пример:** Бојана рече: „Ќе излеземе ли вечер?“

● По реченица по која има една или две реченици кои го дообјаснуваат реченото, пишуваме две точки.

**Пример:** Јас сум сигурна: ти ќе бидеш победникот.

## ♣ Примени ги знаењата

♦ Препиши ги речениците впишувајќи ги потребните знаци.

1. Ветрот не стивнуваше просто поулаве и рушеше сè.
2. Секојдневно ме прашуваше Имаш ли домашно.
3. Јас знам дека ќе дојде дека ќе ме посети дека не ме заборавил.
4. Таа ќе вежба ќе тренира редовно ќе нè претстави достојно.
5. Ќе го потпишеш договорот со клубот.

♦ За да ја согледаш важноста на интерпункциските знаци и при читањето, читајте текст од учебникот без да ги почитувате знаците. Потоа читајте со почитување на знаците и почувствувајте ја разликата.

♦ На час од подрачјето **Изразување и творење** напиши состав на тема како замислуваш парк во твојата населба, користејќи ги сите

интерпункциските знаци кои досега се учени. (Разгледај ја фотографијата!)

♦ Користи и директен говор. Читај го составот и вреднувај го низ дискусија.



# ЛИТЕРАТУРА

# ПОДЕЛБА НА ЛИТЕРАТУРАТА ПО РОДОВИ

## ♣ Потсети се на ученото

● Досега имаш прочитано многу песни, бајки, сказни, приказни, романи, драмски текстови. Освен по содржината, по кои други надворешни белези (во нивната форма) ги распознаваш?

## ♣ Прочитај и согледај

● Прочитај ги изразно следниве текстови. Размислувај за формата во која се напишани. Спореди ги нивната должина и начинот на кој говорат ликовите.



### МОСТОВИ

Низ долината тече река. Целиот крај таа го дели на две половини. Овој мал свет реката го дели на два брега. А на двата брега, сосема близу до водата растат тополи и врби. Малку потаму, на издигнатите падинки и од левата и од десната страна стојат две куќи. Нивните прозорци се свртени како очи едни кон други. И, цело време само се гледаат.

А на прозорците две лица, две лица на двата брега. Две деца на два брега.

Две деца, а една заедничка приказна за нив. Така е, зашто кај нив

скоро сè е заедничко, имаат скоро исти таги и радости. Само страните на кои живеат се различни. На левиот брег живее Диме, а на десниот брег живее Младен.

Летно време реката се претвора во поток. Тие газат со босите нозе низ топлата вода, си играат, трчаат, прават врбови свирки, гонат пеперутки, разговараат. Така е по цел ден. Летото го сакаат како мајка. Прават малечки мостови преку потокот. Прават брани, воденици, хидроцентрали. Но, најчесто мостови. Мостовите се нивна голема игра и голема желба.

Со доаѓањето на есента сивило се вселува во нивните срца. Реката дотечува и ги прекинува нивните радосни игри. Реката ги прекинува нивните разговори. Таа ги разделува двата брега, двете куќи, двете деца цели пет месеци.

Тогаш Диме тагува на својот прозорец, гледајќи на прозорецот на спротивниот брег. Младен тагува од другата страна на реката и ги сонува своите мостови.

Кога времето е сончево и тивко, тие доаѓаат до брегот на реката, секој на својата страна и разговараат, си ги кажуваат сите радости и таги, сите новости. Реката бучи и половина нивни зборови ги однесува. Но тие викаат, ја надвикуваат...

Одвоени еден од друг, само една заедничка мисла, една долга мечта ги сврзува – мост!

Ја чекаат пролетта, да спадне водата во реката, па по петмесечна одвоеност да се прегрнат, да се растрчаат по ливадите, да ги посетат заедничките места, да почнат да ги градат своите детски мостови.

Кога ќе пораснат и тие ќе знааат да изградат и голем, вистински мост што ќе ги поврзе и зближи двата брега, двете страни.

**Глигор ПОПОВСКИ**



## НАШЕТО СОНЦЕ

Кога бев мал – мислев дека
само од нашата планина сонцето се раѓа;
мислев дека мајка му го чека,
па затоа навечер стрмоглаво зад ридот паѓа;
мислев дека далеку некаде се крие
во своите дворови кристални, светли,
мислев дека во срмени душеци спие
додека не го пробудат првите петли.
Кога бев мал – мислев дека
само нашето сонце е врело,
зашто со мене идеше лека – полека
кога одев во некое друго село;
и дома кога си идев
по целиот далечен пат,
сонцето ќе го видев
дека ме следи со зракот злат.



Сонцето е на сиот свет
на сите континенти – на сите пет
и секому му се смее;
и секого го милува, го гали,
и возрасните и дечињата мали,
белата, жолтата и црната раса –
секаде тоа може да стаса.

Сонцето од секој рид изгрева
сонцето зад секој рид заоѓа,
со зраците што ги разлева
секого секаде наоѓа;
со своите зраци – коприна
секому живот дарува
секому влева топлина,
секаде тоа царува.



**Боро СИТНИКОВСКИ**

## ВЕСЕЛА ВСЕЛЕНА



ИГОР : Десет!... Девет!... Осум!...Седум!... Пет!... Шест!... Четири!... Три!.. Два !... Е – ден!...

СТЕЛА: Стоп!

ЖАРКО: Каде стоп?!

СТЕЛА: Стоп, кога велам!

ЖАРКО: Ама, зошто стоп, кога уште не сме ни летнале?

СТЕЛА: Ако вака одбројуваме, нема ни да летнеме. Кој е на лансирниот пулс?

РОЗА: Ќе летнеме на буково, ова де – на куково лето!

ЗЛАТКО: Што правите? Од бесшумниот мотор – не слушам добро.

СТЕЛА: Прашувам, јасно и гласно: Кој е на лансирниот пулс? Погрешно одбројуваше.

ЗЛАТКО: Тој погрешно одбројуваше, а ти погрешно се изразуваше... Нерешено: еден – еден!

СТЕЛА: Јас погрешно сум се изразила?

ЗЛАТКО: Да. Се вели лансирен пулт, а не лансирен пулс.

СТЕЛА: Чудно?! Воопшто не забележав што реков јас, но убаво слушнав дека одбројувачот згреши!

ЗЛАТКО: Секако, секако, туѓите грешки далеку полесно се забележуваат.

СТЕЛА: Добро, во ред, благодарам за исправката. А сега, кажи ни кој е на лансирниот пулс, пардон – пулт, за да можеме и него да го исправиме.

РОЗА: Сигурно е Игор, штом погрешно одбројува. Тој има бандера, ова де

– единица по математика.

СТЕЛА: (*Прекорително*) Ех, и вие така да летнете, а?

РОЗА: Каков распуст, ова де – пропуст!

ЗЛАТКО: Можам и оттука, без да влезам во ламарината, ова де – во кабината. Го знаеш мојот глас.

ЖАРКО: И кога шепотиш, гласот ти се слуша ... „дури до наша нива!“

СТЕЛА: Ништо не е, штом не е до друга планина. И вашата најоддалечена нива е поблиска од најблиската планета.

вет!... Осум!... Седум!... Шест!... Пет!... Пет!... Пет!...
ЗЛАТКО: Ура, веќе се вивнавме горе! ЖАРКО: Ама мудрост!

РОЗА: Доста со тие глупирања, ова де – надмудрувања! Предлагам секој да си ја гледа својата работа.

ЗЛАТКО: Не само да ја гледа, туку и да ја врши. Ајде Роза, гледај пред себе, вклучи го ласерскиот теледеригиран микрофон и почнуваме!

РОЗА: Десет!... Де

СТЕЛА: Значи, ја совладавме Земјината тежа?!

ЗЛАТКО: Да

РОЗА: *(Се издишува*) Ех, ми олесни!

ЖАРКО: Земјина тежа? Што беше тоа Земјина тежа?!

ЗЛАТКО: Тоа е силата што ги задржува предметите на Земјата за да не одлетаат во просторот, додека Земјата се врти.

ЖАРКО: Нам тоа и ни треба – да одлетаме.

ЗЛАТКО: Но таа не прашува што ни треба нам. Едноставно, си има тука закон. За да се совлада Земјината тежа е потребна огромна сила. Ракетата или вселенскиот брод, или некоја друга летечка машина каква што е нашата, мораат да постигнат брзина од цели дванаесет километри во секунда.

ЖАРКО: А – а – а?

ЗЛАТКО: Што „а“?

ЖАРКО: Додека речеш „а“ – да летнеш дванаесет километри?! Тоа навистина е премногу!

ЗЛАТКО: Додека се изговори една буква, минуваме 12 киломери; додека ти ја изговори оваа реченица во која има 59 букви, веќе сме минале 59 по 12: 708 километри. Пресметав.

ЖАРКО: Како пресмета? На табла?

ЗЛАТКО: Да, но не на црна, дрвена, туку на црвена, дигитронска.

СТЕЛА: Море, не е толку чудно како пресметал, туку тоа како ние успеавме да ја совладаме Земјината тежа?

РОЗА: Треба сила за тоа, а не шега.

ЗЛАТКО: Успешното лансирање покажа дека ја имаме таа сила.

ЖАРКО: Кој ни ја даде?

ЗЛАТКО: И тоа е јасно: петките.

ЖАРКО: Петките што ги одбројуваше Роза?

ЗЛАТКО: Да.

РОЗА: Поголема сила од знаењето, има ли? Затоа јас не ги спомнав пониските оценки, ова де – бројки.

ИГОР: (*Доаѓа и се вклучува во разговор*) а за единиците – и да не зборуваме!

ЖАРКО: Браво Игор! За искреноста!

СТЕЛА: А за другото – другпат.

ЗЛАТКО: Па сега, да заклучиме. Среќно летавме и ќе се вивнеме високо, високо кон целта благодарение на петките. На петките и знаењата. Со нив може сѐ да се постигне! Сѐ да се успее! Секаде да се стигне!

**Александар КУЈУНЏИСКИ**

## ♣ Учествувај во дискусијата

- Какви значења може да се претставaт со зборот мост?
- Зошто децата имале заедничка приказна за куќите во кои живееле?
- Зошто мостот им бил најголема мечта, што планирале да направат?
- Што го инспирирало поетот да ја напише песната „Нашето Сонце“ и зошто?
- Која била нивна најголема желба?
- Какви карактеристики му дава на Сонцето?
- За што разговараат ликовите во текстот „Весела планета“?
- Каква моќ имале петките?
- На кои видови текстови им припаѓаат творбите што ги прочита?
- Која е првата разлика што ја уочи во формата со која се напишани?

## ♣ Запомни

Литературата се дели на три литературни рода: **лирика, епика и драма.** Тие се разликуваат по надворешната форма.

**Лириката** ја одликуваат **стиховите и строфите,** во кои поетот ги искажува **чувствата** на сликовит начин, а присутна е и музикалноста преку римата.

Главен белег на **епиката** е **раскажувањето** настани во кои учествуваат ликови (на пример, сказните, бајките, приказните, расказите, романите, епските песни).

Кај **драмата** најважен е **дијалогот** меѓу ликовите кој може да биде изведен и на сцена пред гледачи. Ликовите ги претставуваат настаните преку разговори, движења (гласови, мимики), песна и слично. Тие се носители на **драмското дејство.**

## ♣ Примени ги знаењата

● За изработка на оваа задача, по сопствен избор, можеш да ги примениш техниките: **петоред, скалест приказ, прозорец, проблемско поставување, Венов дијаграм.**

● Прочитај по еден текст од трите литературни рода, а потоа провери го знаењето преку следниве вежби.

● Усно дополни ги реченициите.

1. Луѓето што пишуваат поезија се викаат...
2. Раскажувачи се писатели кои пишуваат...
3. Разликите што сте ги утврдиле се однесуваат на...

● Во кој од прочитаните текстови има настани, а во кој опејување чувства?

## ♣ Потруди се (задача за дома)

Поделете се на **три групи. Првата група** нека напише литературна творба во стихови (песна), **втората група** пишува прозен текст (состав), а **третата** разговор во дијалошка форма. Темите одберете ги по претходен договор. На наредниот час прочитајте ги творбите и дискутирајте за надворешните белези кои ги одликуваат трите литературни рода и кои ги применивте во вашите творби. Разговарајте за содржината на творбите и за нивниот правопис, а од најуспешните направете презентација која може да ја илустрирате со изработки на компјутер.



# СОДРЖИНА НА ТЕКСТ

♣ **Читај и размислувај**

- Забележи ги зборовите и речениците во кои има описи (атмосферата во домот, во фурната, пчелите и сл.)
- Согледај ги размислувањата и чувствата од кои е обземено детето.

## ЛЕБ ЗА ТАТЕ



Во нашата сиромашна соба заѕвони часовникот; рапаво, како да кашла. Пет часот наутро. Шумови: мама тивко го буди татко ми. Тој сонливо прашува: „Зар е веќе време...?“

Тате излегол надвор, цепи некое трупче. Мириса на запалена весникарска хартија, мама дува во шпоретот, ќе вари чај од липа... Ги познавам нејзините меки чекори до моето креветче.

Мама шепоти: Иле, синко, знаеш, треба да одиш по леб... Така е секое утро.

Излегов надвор. Студеникаво е. Ја покренав јаката од палтото. Фурната се наоѓаше на аголот. Ниска куќарка, а внатре се: испотениот фурнаџија и помошниците – боси и во поткошули. А лебовите, скоро извадени од фурната, мирисливо се испаруваат, а нивната препечена кора е црвеникава... Во малата дланка ги стегам парите, точно до денар. Фурнаџијата имал обичај да поткрадува од мали деца, велеа

домашните. Изминав, можеби, половина пат. Од една кафеава порта се измолкна русо детенце. Геле! И него го пратиле по леб... Цупкаме кон фурната. Ќе купам топол леб, тате ќе ми рече: Голем да пораснеш, Иле! И пак ќе се нурнам во креветчето, сонот ме очекува под перницата.

Но, што е тоа? Геле застанал. Повеќето луѓе се собрале среде улицата. Вреват. Се крева чад; некој пали оганче... Разбравме: во едно ѕитче имало осарник, населен со стотици лути оси. Нешто ги вознемирило, само брмчат. Летаат во роеви, жолти и долгнавести, со остри пецкалки. Го препознав гласот на тетка Мабела:

– Луѓе, да ги растераме некако. Не може да се помине ни наваму ни натаму!

Еден мустаклија го остави својот стар велосипед и рече:

– Јас им го знам лекот! Ќе го разгорам ова оганче – па право под осарникот. Димот ќе ги уништи!

Така и направија. Осите како споулавени летаат горе-долу, паѓаат на земјата, но ги има уште, како жолт рој извираат од дупката на ѕидот. Луѓето се разбегаа. Јас и Геле се засолнавме во најблискиот двор... Борбата со овие налутени инсекти ќе потрае долго...

Геле, да одиме ние! Ќе го разграбаат лебот.

Будалче, ќе ни ги изгризат ушите!

– Одам сам!

– Чекај, доаѓам и јас. Зачудени, луѓето викаа по нас:

Стојте, немојте бре, деца, ама чии сте, вратете се назад! Налутена завеса од боцкави оси. Чад. Едвај го гледам Геле, а до мене е.

– Со палтото преку глава! – Му викам; ме чул и послуша.

Трчаме низ осите, пет чекори, десет... Тогаш почнаа да нè касаат. Првиот убод ме здоболе до срце. Мислев дека ќе умрам од вториот. Следните веќе како да не ги чувствував. Геле заплака, ја спомна мајка си. Тој застана, потоа се врати. Јас грабам напред. Не толку од храброст – повеќе од инает! Шака ситни оси да ме спречат да купам топол леб за

појадок на тате?!

...Стигнав пред фурната. Задишан и сиот потечен.

– Кутриот малечок! – рекоа насобраните луѓе и ме пуштија да купам леб преку ред.

– Оди си дома, веднаш трчај дома! – загрижено врескаше една баба. Ќе одам, но сега одоколу. Подалеку е, брзам, ме печат тие убоди од острите шилци на осите, лебот жеже во рацете, речиси трчам...

Дома сум! Мама, кога ме здогледа таков, испушти метална чинија и вресна. Тато се бричел, дотрча насапунет, прашува што се случило. Тешко зборував. Усните ми беа отечени. Одвај разбраа.

– Кал! Свика мама. Да му ставиме кал!

Ме намачкаа со кал. Студеникавото лепливо тесто ми ги ублажува болките. Сум бил каснат на седум-осум места...

Тато ми се внесе в лице:

– Зошто,будалче, зошто?! Шепотам:

– Топол леб... ме пративте... еве... донесов...

– Мажот на тато! И така, ти низ осите, без страв! Мама се смирила, вели:

– Ќе ти помине како кутре... Зошто не се врати? Реков едноставно:

– Тато треба да појадува!

**Велко НЕДЕЛКОВСКИ**





## ♣ Учествувај во дискусијата

- Зошто мајката го буделеа детето рано наутро?
- Опишете ја возбудата на луѓето од осите и борбата против нив.
- Која е целта на детето која упорно го води и низ опасноста од осите?
- Прочитај го на глас разговорот меѓу родителите и детето.
- Дискутирајте за чувствата кои во вас ги предизвика тој разговор.
- Прераскажете ја **содржината** на текстот усно, дел по дел, насочувајќи го вниманието кон настаните кои ги раскажал авторот.

## ♣ Запомни

**Содржината претставува еден од елементите на творбата. Таа го опфаќа сето она што авторот го напишал во неа.**

## ♣ Одбери што ќе пишуваш (вежба за на час)

Прочитај ги задачите и одбери што ќе пишуваш во тетратката.

- Прераскажи ја содржината на текстот.
- Прераскажи ги описите од текстот.
- Подели го текстот на целини на кои ќе им дадеш наслови.



### ♣ Задача за наредниот час

- Прочита ја приказната која следи („Три добри совети“) и прераскажи ја нејзината содржина во тетратката. На час читај го составот и дискутирај за успешноста на извршената задача. Разговарај и за пораката на приказната.
- За зборовите кои не ти се познати, побарај објаснување во Речникот на македонскиот јазик. (Поразговарај и со други, можеби некој го знае објаснувањето.)

# ТРИ ДОБРИ СОВЕТИ

Имало некое време еден татко; си имал девет синови – сите работни и добри. Дошло време за вршидба, ставиле снопје да вршат, но се расчуло по село дека во градот се продава памет. Таткото размисли малку и им рече на синовите.

– Вие вршете, јас одам да видам како памет се продава!

Зел со себе три лири и заминал. Кога стигнал до градот прашал:

– Каде се продава памет?

– Еве, тука.

Влегол внатре и гледа – стар човек.

– Добар ден, старче!

– Дал бог добро!

– Ти продаваш памет?

– Јас.

– Колку пари?

– За еден лаф, една лира.

– Добро, еве ти една лира, да видам што ќе кажеш!

Ја прибрал стариот лирата и му рекол:

– Денешната работа за утре не ја оставај! – и замолчал.

– Толку беше?

– Толку. За друг лаф друга лира.

– Е, добро, еве ти уште една лира.

– Кога ќе се налутиш, изброј до петнаесет, па после да го извршиш тоа што си го намислил! И пак замолчал.

– Толку!

– Толку.

„ Ми остана уште една, – си помислил селанецот – да му ја дадам па што ќе биде нека биде.“ И му ја дал. Си ги дал човекот сите лири, добил три совети и се вратил. Кога стигнал дома, гледа синовите го собрале житото на куп, го оставиле невеано и тргнале да носат други снопје. Таткото им рекол:

– Не, ќе го извееме житото, ќе го собереме во амбарот, а ако остане време ќе одиме за снопје.

– Чуј, татко, ќе донесеме снопје, денес да бидат готови за утре, а утре ќе го извееме житото, – рекле синовите.

– Не, не, сега ќе го извееме!

Синовите го послушале таткото, го извејале житото и тукушто го собрале во амбарите, се навалил тежок облак и плиснал дожд. Така врнело, што ако не го беа дигнале житото, ќе го однел дождот.

По некое време селанецот се скарал со жена си и дигнал секира да ја заколе, но веднаш се сетил на советот: „ Кога ќе се налутиш , избој до петнаесет, па после да го извршиш тоа што си го намислил.“ Поминало и

тоа, останала жената жива.

Еден ден решиле да одат на гости кај роднините на жената. Добро, но за да стигнат дотаму, требало да поминат преку река. Кога стигнале до реката, гледаат – водата матна.

– Чекај жено, – рекол селанецот.

– Ајде, мажу, нели го знаеш мостот?! – рекла жената.

– Не, не, чекај нека претече водата.

Во тоа време ете еден Турчин со натоварен коњ.

– Што чекате, бре ѓаури?

– Чекаме да помине матната вода, па да прегазиме.

– А, – рече, – еве држи го ти коњот, а јас ќе пробам дали може да се помине.

– Добро, ефенди.

Загазил и – водата го однела. Коњот со товарот останал кај селанецот. Кога го растоварил коњот дома, што да види?! Дисаѓите биле полни со злато.

**Народна приказна**



# РАСКАЗ

## Белези на расказот

### ♣ Подготовка за час

● Прочитај го текстот во себе и размисли за настанот кој е опишан во творбата.



## КОГА ЦУТЕА БАДЕМИТЕ

Се случи тоа многу одамна... Во едно далечно време кога уште верував во сказни, кога бев исплашена и гладна, а во сказните секогаш сѐ убаво завршува.

Снеговите рано окопнеа. Пролетта надоаѓаше незапирливо. Уште во првите мартовски денови сите гранки беа набабрени до распукување.

Беше војна... Не одев на училиште зашто никој не се грижеше дали одам или не. А Сара и Мирјам не одеа затоа што не смееја: на палтенцата

носеа жолти ѕвезди и со тоа беа обележани како еврејски деца. Таа пролет и од дворот не излегуваа, толку беа исплашени од фашистичката полиција, па најчесто седевме зад нивната или нашата куќа, се греевме на мартовското сонце и водевме некакви бесконечни разговори. Понекогаш читавме сказни – Гримови и Андерсонови. Така по ред, сказна по сказна, една ќе чита, двете ќе слушаме – секогаш внимателно, небаре ги слушаме првпат.

Тој ден почна да цути бадемот зад нивната куќа. Позаветно беше, присојно, па секогаш нивниот бадем расцутуваше некој ден порано од нашиот бадем. Со лицата спуштени врз згрчените коленици, некако чудно изморени и безволни, бевме загледани во бледорозовите цутови. Долго така молчевме, а потоа почна нашата игра.

– Што размислуваш? – ме праша Сара.

– Да имам волшебно масиче, па да му речам:

Масиче, масиче, ај

јадење слатко ни дај!“

– Па сите заедно да јадеме. Да јадеме бел леб, да јадеме кифли, пити, колачиња...

– А, што ќе пиеме? – возбудено ме праша Сара.

– Млеко, млеко со шеќер – извикав.

– Може – се согласи Сара – а може и млеко со какао. – А јас сакам сок од малини – рече Мирјам.

– Па, се согласувам, да има за секого што сака – реков, правејќи движења небаре ги послужувам.

– Ама јас немам волшебно масиче! – воздивнав и беспомошно ги раширив рацете.

– Ми дојде добрата самовила – тивко почна Сара – и ми рече: „Убава си и имаш милозливо срце. Затоа ќе те наградам. Еве, земи што сакаш!“ Си го зедов фустанчево, нели е волшебно? И овие сини

чевлички.

– Нели се прекрасни? Кога во квечерините ќе шетам низ големата улица, сите ќе се свртуваат и ќе прашуваат: Сара ли е оваа?

А јас ќе чекорам вака – полека – и ќе се насмевнувам...

Небаре сонува, чекореше лесно, на прсти, си го поднаместуваше ветвото фустанче, навистина беше чудесна – сè до мигот кога згасна насмевката на бледото детско лице.

– Што размислуваш Мирајм? – ја прашавме.

– Ете, да сум Трнорушка, да заспијам, па да го преспијам сево ова што нè измачува... А кога ќе се разбудам – наоколу гледаш сонце, гулаб, цвеќиња, песна... – одеднаш молкна.

Изморени од нашите сказни седевме молчеливи и загледани во сончевината што гаснеше зад расцутените бадемови гранки.

****

– Нека спие... Нема да види што станува. Подобро... Тоа е шепотот на татко ми.

– А што да не видам?... Што да не видам? – ми ѕуни низ свеста. Се обидувам да се расонам, да станам.

– Не, немој... немој, мило... – вели мајка ми. Надвор е блокада. Никој не смее да излезе. Ги одведоа. Сите... Ги одведоа...

– Сара? Мирјам?

Мајка ми тивко липна.

Гледа низ прозорецот. Гледа во нивниот двор. Преку ноќ бадемовите гранки беа се сториле бледорозов окит...

****

Се случи тоа многу одамна... Но секоја пролет, кога цутат бадемите, посакувам да верувам во сказните, зашто сите сказни имат убав крај. Сара, Мирјам сè е како во нашите одамна сонувани сказни: има и бел леб, и кифли и пити, и колачиња, и млеко со шеќер, и какао, и сок од малини, и девојчињата шетаат во прекрасни фустанчиња, и ги загледуваат, и небото е сино... Но, секоја пролет, додека цутат бадемите, попусто очекувам Трнорушка да се разбуди од својот студен сон.

**Бистрица МИРКУЛОВСКА**

## ♣ Дискусија за текстот

- Во кој период се случил настанот? Од кои моменти во текстот го согледа тоа?
- Како децата го минувале времето? Што си играле?
- За што мечтаеле во својата игра?
- За што размислувала Мирјам?
- Што се случило една вечер?
- Зошто раскажувачот посакува да верува во сказни?

## ♣ Размисли, одговори

( Посочи ја буквата со точен одговор.)

- Бидејќи текстот раскажува настан, тој е:

  **а)** епски **б)** лирски

- Текстот е напишан во:

  **а)** поезија **б)** проза **в)** драмски дијалог

- Бројот на главните ликови е:

  **а)** петмина **б)** двајца **в)** тројца **г)** шестмина

## ♣ Вежби

- Кој е главен настан? (Прераскажи го!)
- Наброј ги споредните настани. (Прераскажи ги!)

## ♣ Заклучи и запомни

Од одговорите на прашањата можеш да извлечеш заклучок дека овој текст е **расказ.** Главниот акцент е ставен само на **еден настан**, еден момент од животот на главните ликови. За да даде можност поубаво да се сфати и доживее текстот, писателот предава и други моменти од животот на ликовите.

Значи, **расказот е вид кратка епска творба** во која се спомнуваат и други настани и ликови, а тие се во тесна врска со главниот настан и лик.

## ♣ Задача за час

Подготви се за усно прераскажување на содржината на расказот според следниот план:

1. Пролетта за време на војна.
2. Исплашените Сара и Мирјам.
3. Бадемот во цут.
4. Размислувањата на Сара.
5. Замислената Трнорушка.
6. Прекинатиот сон.
7. Дали е сè како во сказните?

## ♣ Сработи дома

Прочитај го следниот текст и откриј ги елементите на расказот. Запиши ги во тетратка, а на наредниот час прочитај ги и дискутирај за сработеното. Прераскажи ја усно содржината на текстот и анализирај ги постапките на ликовите.

# ШАМПИОН



Таа зима во селото наврна многу снег. Снежната дебела покривка студениот ветер ја  направи тврда. Децата се лизгаа со семожни реквизити, се докажуваа меѓу себе, а се избираше и шампион.

Павле беше еден од најсреќните. Три пати беше шампион и со право!

Таа зима веќе беше изминат еден снежен месец и децата ем беа изнализгани, ем доста имаа научено од вештините. Се јавија многу скијачи фалбаџии кои проширија вест дека Павле нема да биде шампион! За Спасета велеа дека вака рекол:

Павле нека не се јавува на лизгање. Ќе го направам смешен не во три дисциплини, туку во триста и три ако треба!

Најпосле дојде и денот на одржувањето на натпреварот.

Почнаа и трките. Прв се спушти Спасе, а по него се одлепија Ранко, Јован, Никола, Илија и на крајот Павле.

– Еј Спасе, додека стасаат другите, ај дај му ги скиите на Стојче Влечко нека се поскија и нека покаже дека е шампион! – му рече некое од децата.

Другите гркнаа во смеа. Мислеа дека Стојче ќе се откаже и ќе се расплаче. Тие во него препознаа страшливец кој доаѓа на лизгалките да ѕемне, а не да скија.

Кога децата се изнакикотеја и колку што треба и колку што не треба, Стојче беше на работ да се расплаче. Тој тргна кон Спасета, му ги зеде скиите и на тргнување, им рече:

– А сега, ќе ви покажам кој е страшливец!

И додека тие се смееја, тој се најде на удолничиштето сиот засилен и заслепен од стравот и од лутината. Опијанет од возбудата, цврсто верувајќи дека ќе успее, малку се заниша и скиите скршнаа од патеката упатувајќи се кон густежот од дабје.

Долу за среќа го најде Павле. Тој го виде Стојчета како оди право на дабовите стебла, застана и во миг кога профуче до него, со сета сила го турна. Стојче се истркала и најпосле по десетина метри се запре. Најлошото беше отстрането.

Со Павлета тој стана и почна да се качува нагоре по нагорнината, кон целта. Во пресрет му тргнаа сите деца, дури и тие што го исмејуваа. Павле сиот возбуден, но и среќен што му помогна на Стојчета, на децата им рече:

– Деца, еден аплауз за шампионот Стојче!

Децата од срце почнаа да му аплаудираат, а Стојче му рече на Павлета:

– Тебе никој не може да те надмине! Ти си вистинскиот шампион... Ти ми го спаси животот и со тоа си уште поголем и во моите и во очите на сите што сме тука!

Павле одново беше прогласен за шампион. Стојче го победи стравот, а Спасе остана со фалбите.

**Рајко ЈОВЧЕСКИ**

♣ **Биди креативен**

Зимата на децата им носи многу игри. Потсети се на некој настан што ти се случил во некој зимски ден и што ти останал во сеќавање. Напиши состав за него применувајќи ги стекнатите знаења за расказ и за неговите елементи како епска творба.

На часот читај го составот и дискутирај за неговата успешност. Од најуспешните состави во одделението може се направи ѕиден весник.

# ВИДОВИ РАСКАЗИ

♣ **Прочитај и согледај**

Додека ги читаш следниве раскази, размисли кој од опишаните настани може да се случи во реалноста, а кој не може.



.

## СРЕДБА СО АЛАДИН

Не се надевав дека би можел да бидам одведен подалеку од бесилката и дека ќе доживеам нешто сосема непредвидено. Молчев и одев понатака од мостот. Не видов ништо друго освен натпис со големи светли букви: „Почеток на долниот свет“.

Влегов во голема светла сала осветлена со дијаманти. Пред мене

беше испречен црн глобус на кој со бели линии беше оцртан горниот свет.

Седнав и се загледав во глобусот. Тој се сврте неколкупати, а од црнината се појави обичен бел човек со чалма.

Човекот како да ми беше познат. Но не можев да се сетам кој е. Се поклони учтиво, а потоа ми се претстави:

– Јас сум Аладин.

– Аладин!... Аладин маѓепсникот? Сум слушнал за него.

Аладин се смурти, небаре навреден:

– Никогаш не сум бил маѓепсник! Јас сум Аладин што се занимава со прашањето на иднината, науката што најмногу ја ценат подземните жители.

– Да, работев и на земјата, но луѓето ја злоупотребија мојата добрина.

– Каде Ви е чудотворната ламба?

– Малечок, никогаш не постоела таква ламба. Постои само чудотворен ум. Разбираш? Ламбата е обичен предмет...

Во тој момент заѕвони електричното ѕвонче и салата се преполни со стотици мравки со книги во рацете. Истовремено, црните војници се дигнаа, а Аладин се доближи до мене, па ми се извини:

– Морам да го започнам својот час. Ти не смееш да бидеш присутен додека не заврши предавањето. По извесно време пак ќе се видиме и ќе ти ја кажам смислата на чудотворноста. Помислив, некако обременет од необичното исчекување. Бев збунет. Помислив за тоа да ги прашам црните војници... Но, во моментот не бев доволно храбар нешто да сторам, зашто не ги знаев подземните правила на поставување.

Но, средбата со семоќниот Аладин ми влеа храброст, и надеж дека можам да се вратам назад. А, желбата да ја видам неговата чудотворна ламба, за која верував дека ја прикрива, не ме напушташе.

**Ристо ДАВЧЕВСКИ**



## РАСКАЗ ЗА ЦВЕТОТ

Еден убав цвет, еден многу убав цвет, почнал да венее, драго дете. Тогаш долетал немирниот ветер и му рекол:

– Цвету, гледам веќе не се шири твојот убав мирис. Дали ти е жал што ќе свенеш?

– Мене? Не, напротив, чувствувам радост, бидејќи мирисот со мене не свенува, сиот мирис тебе ти го дадов.

Ветрот одлетал и ги собрал последните воздишки од цветот.

Потоа долетала птицата топла како лето, песнопојна и мила, па го прашала цветот трепкајќи со своите крилја:

– Цвету, повеќе не ја слушам твојата песна да ѕвони. Дали ти е жал листенцата свенати што ќе ги спониш?

– Не, напротив, птицо, чувствувам радост, бидејќи песната со мене не свенува, песната тебе ти ја дадов.

И одлета птицата во синевината пресна носејќи го во клунот

последниот стих на цветовата песна.

Долетало утрото и му рекло:

– Цвету, не го гледам руменилото твое. Дали ти е жал што ќе заминеш без бојата своја?

– Не, утро, напротив, чувствувам радост, бидејќи сето руменило тебе ти го дадов, а ти го растураше по вршките на горите, го лепеше по прозорците.

И одлетало утрото со насмев благ носејќи го од цветот последниот румен зрак.

– Навистина ќе свенам, но ништо во мене скапоцено немам. Сè убаво што имав со радост на другите го дадов.

Затоа сети се на цветот, дете, додека со мирис те заплискува немирниот ветер, сети се за цветот додека по синевината пресна птицата ја расплетува својата песна, сети се на цветот додека утрото во руменило меко го обросува светот.

**Бошко СМАЌОСКИ**

## ♣ Дискутирај за текстовите

- Каде се нашол раскажувачот на расказот „Средба со Аладин“?
- Зошто му бил познат човекот со бела чалма и како се викал тој?
- Со што се занимавал човекот?
- Како можеш да го објасниш зборот чудотворност кој го кажува и Аладин?
- Која желба не го напуштала раскажувачот?
- Можно ли е да се случи она што е опишано во текстот?
- Што е реално, а што е невозможно во текстовите? Објасни ги тие делови.
- Од кои делови на текстот може да се заклучи дека цветот не бил тажен?
- Во што се состоела неговата убавина?
- Која е пораката на авторот за цветот да остане во сеќавањето на децата?

### ♣ Заклучи, запомни

Постојат повеќе **видови раскази.** Според настаните што ги обработуваат, односно според нивната содржината, тие може да бидат: **реалистични, хумористични, фантастични, сатирични, семејни, филозофски, политички** и други.

### ♣ Задача за час

Одбери тема на која ќе напишеш состав, според следниве упатства.

1. Подели го текстот по делови и дај им наслови.
2. Опиши ги ликовите од текстот.
3. Користи фантастични и реалистични елементи во текстот.

На час читај го составот и **вреднувај го** со помош на наставникот.

### ♣ Домашна задача

Прочитај расказ со научнофантастична тематика и прераскажи го. На часот читај и дискутирај за содржината на расказот, особено кои се научните елементи во него и истакни ги зборовите од текстот преземени од науката. Можеш да користиш детски печат, весници, интернет, енциклопедии и сл.

### ♣ Потруди се повеќе

Прочитај разни видови раскази. Потруди се да пронајдеш аудиозаписи, или видеозаписи од одделни раскази па проследи ги. Анализирајте ги особините на расказот, особено сличностите и разликите во обработените теми.



# РАСКАЖУВАЧ (НАРАТОР)

## ♣ Литературно катче

Зборот **нарација** е од латинско потекло и значи **раскажување, изложување, прикажување.** Оттаму потекнува и зборот **наратор, однсоно раскажувач.** Авторот на една литературна творба не смее да се изедначи со раскажувачот на творбата. Тој е оној кој ја создава творбата, но го создал и раскажувачот во неа. А раскажувач може да биде: човек, животно, предмет, растение и сл.

## ♣ Читај и размислувај

- Прочитај го текстот кој следи („Гнездо“) и усно одговори на прашањата.
- Во кое лице раскажува нараторот на текстот? (Согледај од глаголите!)
- Истакни ги зборовите и речениците во кои има описи.
- Разговарај за размислувањата и чувствата кои се опишани во текстот.





# ГНЕЗДО

Долу, во корењата на габровата грмушка, меѓу лански лисја и јагоди што никогаш не узреваат – најдов гнездо. Мало, топло, неугледно, од суви тревки, мов и волна. Си мислев, тука на тие четири дамчести грди јајценца, во тоа толку неугледно гнездо, бездруго, живее некоја кутра, ситна и можеби болна птица.

Станав љубопитен.

Затоа, се засолнив под блиската дренка, во сенката и чекав да дојде сопственичката. Многу птици, убави, прекрасни птици долетуваа, одлетуваа, прелетуваа, но ниедна не слета во грмушката. Дури, сопственичката на гнездото ја замислував како ќе дојде поткуцнувајќи по земја, ја замислував црна, раскрилена, за никаде.

Наеднаш, прво на дренката над мене, со горчлив чрчор, слета прекрасна птица, најубавата што сум ја видел. Крилцата ѝ беа жолтеникаво порабени, а опашката црвена, ама онака, како оган пред изгаснување. Толку бев занесен, толку вљубено ја гледав, та не забележав кога се спушти во грмушката со неугледното гнездо во своите корења. Ми се чинеше дека птицата сѐ позлати околу себе и во мене, дека се распеа околу себе и во мене.

Отидов во грмушката. Наеднаш, трепнувајќи со жолто порабените крилја – излета птицата. И пак како да истури злато, музика и миризба врз сѐ наоколу! Ги допрев топлите јајценца, сега дамките им беа како ситни цвеќиња, а гнездото не беше она неугледно и грдо. Ако не птицата, ама тогаш нејзината златна сенка, беше во него, нејзината сѐ уште неисчезната топлина.

Почекав уште еднаш да се врати птицата.

Се врати.

И засекогаш остана во мене. И не ми беше мака што знаев дека таа птица обично се вселува во неугледни гнезда.

**Бошко СМАЌОСКИ**

## ♣ Разговор за текстот

- Каков вид литературна творба е текстот „Гнездо“?
- Која е темата што е обработена?
- Што се наоѓало во корењата на габровата грмушка?
- Како е опишано гнездото?
- Како ја замислува раскажувачот птицата?
- Опиши ја птицата која слетала во гнездото.
- Објасни го последниот дел од текстот:

„Почекав уште еднаш да се врати птицата. Се врати. И засекогаш остана во мене.“

- Наброј глаголи од текстот со кои ќе одредиш во кое лице раскажувачот го раскажал настанот.



**♣ Уочи**

Додека го читаш текстот, уочи кој говори во текстот.

## ДАРБИ

Во почетокот, кога се делеа дарбите на секое живо суштество, на луѓето, животните, птиците, инсектите, растенијата, пчелата имаше причина да не биде задоволна, при сѐ што беше наградена со најубавите дарби.

За секоја дарба од небото слегуваше по една ѕвезда. Таа му ја предаваше дарбата на живото суштество и веднаш се враќаше назад. Зашто, ако се задржеше подолго време, секое животно или растение ќе посакаше не една, туку повеќе дарби.

Кога ѝ дојде редот на пчелата, од небото пристигна една млада, убава и милослива ѕвезда. Таа се покажа многу дарежлива и ја опсипа пчелата со многу дарби: да биде упорна и работлива, да не поднесува нечистотија, да се дружи со цвеќињата, да ги прави восокот, смолата и најслаткото на светот јадење – медот.

Пчелата беше многу задоволна, при сѐ што, заради многуте дарби, ѕвездата ѝ определи – преку пролет и лето да живее шест недели, а преку есен и зима – шест месеци.

Но, по извесно време, пчелата застана под ѕвездите и почна да ѝ се жали на ѕвездата што во тој миг делеше дарби. А тоа сега беше една стара, мудра и искусна ѕвезда. Не се жалеше пчелата на краткотрајниот живот, зашто, подолг или пократок, приближно толкав животен век имаа и другите инсекти слични на неа. Пчелата единка работеше и се грижеше, пред сѐ за семејството. А семејството, ако е здраво, сложно и вредно, може да се размножува и да живее вечно.

Застана пчелата под ѕвездите и ѝ се жалеше на мудрата ѕвезда:

– Единствено јас на светот го правам медот, но за мене не останува речиси ништо и често умирам од глад. Сите влегуваат во мојот дом и си земаат од медот колку што сакаат. И мравките, и мувите, и молците, дури и гуштерчињата и глувчињата. А да не ја споменувам мечката... Јас сум немоќна. Немам со што да се бранам.

Старата ѕвезда ѝ рече дека нејзината претходничка, помладата ѕвезда, била дарежлива и ѝ дала многу убави дарби, ама погрешила што не ѝ ја дала и дарбата за одбрана, која ја имаат речиси сите животни.

– Бидејќи си мала, те дарувам со осилото, во кое секогаш ќе имаш и малку отров. Тој отров не е толку опасен како кај змијата, но понекогаш може да биде и рамен на него. Затоа, бранејќи го семејството, на напаѓачот ќе му нанесеш силна болка, а од него ќе зависи дали ќе загине или не.

Пчелата многу се зарадувала поради оваа дарба што ја правеше бестрашна и силна.

– Но, продолжи мудрата ѕвезда – за да не се служиш со тоа оружје и тогаш кога не е потребно, при секое употребување на отровното осило и ти ќе загинеш. Значи, осилото може да ти послужи како оружје само еднаш, при што настрадувате и твојот напаѓач и ти самата.

Пчелата убаво размисли и со здрав разум ја прими таквата дарба. Затоа, и денеска, таа никого не напаѓа, туку осилото ѝ служи само за одбрана на своето семејство.

**Цане ЗДРАВКОВСКИ**



## ♣ Разговор за текстот

- Како ги добивале дарбите луѓето и другите суштества?
- Кои дарби ги добила пчелата? За што се жалела таа?
- Во што се состоела грешката на младата ѕвезда?
- На што се израдувала пчелата?
- За што ѝ служела новата дарба на пчелата?
- Кој говори во текстот и по што го откривате тоа?

## ♣ Запомни

**Раскажувачот (нараторот)** може да раскажува во **прво** и во **трето** лице.

**Раскажувачот во прво лице** раскажува за настаните како нему да му се случиле.

**Раскажувачот во трето лице, сезнаечкиот раскажувач,** има увид во настаните кои им се случуваат на ликовите.

## ♣ Задача за наредниот час

Поделете се на четири групи. Секоја група нека се подготви според овие барања:

- **Првата група** нека го извежба текстот *Гнездо* да го раскажува во трето лице;
- **Втората група** го подготвува текстот *Дарби* да го раскажува во прво лице;
- **Третата група** го чита и го вежба текстот кој следи, *Необрани јаболка*, за раскажување во трето лице;
- **Четвртата група** се подготвува да го раскаже текстот кој следи, *Не знаел колку е богат*, во прво лице.



# НЕОБРАНИ ЈАБОЛКА

На училиште одевме претпладне и попладне, та целиот ден ни минуваше наваму-натаму и радоста ни беше бескрајна. Пролетта ретко ми се случуваше да задоцнам на часовите, а зиме, исто така, ама есента, можам да речам дека ретко ми се случуваше да стигнам навреме. Се разбира, и есента патот си беше истиот, а сепак задоцнував. Во почетокот, некаде до грозјебрање, можеби и успевав во училницата да влезам барем една – две секунди пред учителот, набрзина некого да клоцнам или некој да ме клоцне – и најпосле да седнам на клупата. Учителот, добриот, ќе ме видеше испотен и задишан – и само ќе речеше:

– Е, бре, дете, не ти дојде умот!

Сите ќе се насмееја, па и јас ќе се насмеев.

– Не смеј се, теленце, зашто те гледам како тргнуваш на училиште. Прв тргнуваш на училиште. Прв тргнуваш, а последен стигнуваш!

Право да ви кажам, никогаш не одев по патот, туку секој ден по нов пат преку нивите, низ градините, по меѓите... Додека беа богати со плодови родниците, јас набрзина ќе откинев, не за најадување, зашто и не бев некој голем јадач, туку за да ми биде, ете така, убаво на душата. Така, ќе скинев јаболко од најниските гранки, ќе скинев круша од најдолните

гранки и некако ќе стигнев навреме на часовите. И како ќе се намалуваа плодовите на долните гранки, така се наголемуваше моето задоцнување на часовите, зашто веќе морав да се качувам на дрвјата. Најпосле остануваа уште необраните јаболка по највисоките гранки на јаболкниците. Прекрасните!

Бидејќи врнеше, не можев да се качам на јаболкницата и решив со камења да го соберам јаболкото. Веќе ме заболе десницата од фрлање камења, а јаболкото беше недостижно. Иако преморен, решив да го симнам малечкото сонце од влажните гранки. Подолго нанишанив, не трепнував и го фрлив каменот. Силно се заниша погодената гранка, се заниша, па го испушти јаболкото, последното детенце свое. Тоа почна да паѓа од гранка на гранка.

Од меѓата се разлеа таков аплауз, таков победнички повик, та одвај се соземов. Учителот заедно со учениците ракоплескаше. Заплакав од радост. Но, учителот, прекрасниот мој учител, се прибра, зазеде строга поза и повикна:

– Е, бре, дете, тебе умот не ти доаѓа!

Јас сè уште плачев. И сè уште плачам по необраните јаболка од детството.

**Бошко СМАЌОСКИ**



# НЕ ЗНАЕЛ КОЛКУ Е БОГАТ

Си живеело некогаш, во некоја далечна земја, сиромашно момче. Било високо како ела, здраво како карпа, силно како мечок. Но, со кого и да се сретнело, секогаш се жалело: Црн е овој живот! За да спечалам парче леб, мора да работам, да се потам. Колку би било убаво кога би имал големо богатство, па ништо да не работам, само да уживам, по цел ден да седам и лежам.

Еден убав пролетен ден, кога момчето се прибрало во својот дом, го посетил еден старец.

– Кој си ти, старче, и што бараш во мојата куќа?
Патник сум, синко... Видов отворена врата, па влегов да ми дадеше леб...
Си ја згрешил вратата старче, зашто домаќинот на оваа куќа е најголемиот сиромав.

Така момчето почнало да се жали на својот тежок живот.

– Зошто велиш дека си сиромав? – го прекинал старецот.

– Кога те гледам вака, ми изгледаш побогат од најголемиот богаташ.

– Ми се чини дека си дошол да се шегувашсо мене! Тогаш старецот извадил од пазува огледало, му го покажал на момчето и му рекол:

– Погледни во ова огледало, синко! Сѐ што ќе видиш во него, посакај го и ќе биде твое.

Момчето погледнало и занемело од чудо. Прво видело голем дворец со златни кули. Потоа видело огромен двор украсен со безброј фонтани, а на крајот од дворот големо езеро.

– Да синко, сѐ што виде во огледалото ќе биде твое, ако за замена ми ги дадеш очите... Се согласуваш ли?

– Не, старче, уште сто такви дворци да ми дадеш, не се согласувам да ти ги дадам моите очи – одговорило момчето.

Бидејќи очите ти се толку скапи, дај ми ги тогаш твојте раце.

– Не, не! Не давам ниеден прст од моите раце – возбудено извикало момчето. Старецот нежно го погледнал и му рекол.

– А, гледаш ли синко, дека имаш немерено богатство, а ти се жалиш дека си најголем сиромав.

Момчето уште наредниот ден се фатило за работа и никој повеќе не го слушнал да се жали дека е сиромав.

**Народна приказна**



# ПОИМ ЗА ДРАМА

♣ **Задача**

- Прочитај го текстот во себе забележувајќи ги зборовите кои не ти се јасни. Ако за некои од нив не најдеш објаснување во учебникот, прашај го наставникот. Објаснувањето на зборовите е многу важно за да можеш да го читаш текстот изразно.
- Размисли за надворешните белези на текстот по кои се разликува од епските и лирските творби.



## ИЗМАМА

(Сцена од првиот чин)

*(Пејо Мариојцо и Секула, слуга на Аџи Јанкула од Прилеп, се гладни како волци, но немаат ни скршена пара. Сепак, седнуваат крај една маса пред една гостилница во Солун и порачуваат богато јадење и пиење. Кога се најадоа и напија, Секула со плеснување на рацете го вика младото гостилничарче.)*

СЕКУЛА: Момче, напрај го есапо. Да платам мастраво па д'ојме да бркаме работа...

ГОСТИЛНИЧАРЧЕ: Пеки, чорбаџи! (*Момчето гледа што е изедено и испиено и пресметува на прстите.*)

ПЕЈО: Ашколсун! Ашколсун, баце. Ти да платиш? Јас правам овде гости, ти да платиш! Али јас чув добро, али така ми се стори. Госпо да чува и брани! Момче. Прај го есапо, бре јунак, и дај ми го мене! (*Момчето ги гледа обајцата нерешително.*)

СЕКУЛА: (*плачно – потресно*) Брачет! Пријателе! Кардаш! Пејо, брате! Сум твој гостин, ама пушти ме јас да платам! На денешен ден... (*плаче*) умре покојната ми мајка... мајчица Софија. За душа на... (*липа и шмрка*) мајчичка ми Софија... На денешен ден иљадо... Беше понеделник или четврток...

ПЕЈО: Јок, од твоето плајчејне ништо не бидува! Ако мајчица Софија тебе ти беше мајка, мене ми беше баба. За нејзина душа јас сакам да платам, атер да не ти остани!

СЕКУЛА: Ама како ти да плајчаш за мајка ми?! Како ч'излезам пред очи на мајчица ми (*плаче*). Ти не знајш, баце, шо душа беше мајка ми! Ако не платам сега, голем грев си земам на душа... Момче, златен мој, прај го есапо и згора приклај еден грош за тебе, и дај ми го мене!

ПЕЈО: (*станува и вика*) Јок!

СЕКУЛА: (*станува и вика*) Јок!

(*Момчето ги гледа двајцата и не знае што да прави.*)

ПЕЈО: Чунки двајцата сакаме да го платиме алашверишо, кардаш, ти пресечи: али да платам јас, али да плати мојов побратим. (*на Секула*) Туку да знајш баце, овде ме боли! (*се чука по градите*) Момче, ти пресечи. Ич не бој се, ти бакшижо че си го добијаш и вака и така. (*на Секула*) Да е превалиме и оваа работа па да сјојме, да бркаме друзи работи. Ајде, кардаш!

ГОСТИЛНИЧАРЧЕ: Ама јас... чорбаџи... како јас...?

СЕКУЛА: (*на гостилничарчето*) Знајш шо, златен, не мачи се многу! Покажи саде со малото прсте: ти да платиш или ти. Ние имаме пари ко пес болви... Нејќум лаф! Нема да не знајш ни мене ни него! Саде покажи!

ПЕЈО: Ние сне добри пријатели, поарни од брајча. Еве! (*Го бакнува Секула в образ и плукнува скришо.*)

СЕКУЛА: (*Го брише бакнатиот образ и тој го бакнува Пеја.*). Еве! (*И плукнува.)*

ГОСТИЛНИЧАРЧЕ: Јас не оти знам, чорбаџи...

ПЕЈО: Ако не знајш, синко, јас че ми те научам па да знајш за друг пат... (*Вади од џеб шамија.*) Че ми ти ’и врземе очите с’оваа шамија и кој че фатиш прв со рака, тој че плати. Али мене че ме фатиш, али него, ние не береме гајле, пари имаме ко болви пес... И ти не бери гајле, вајчај слободно!

(*Секула му дава знак на момчето како да го моли него да го фати, Пејо тоа го видува и божем се лути.*)

ПЕЈО: Аааа, побратиме, со иље да нема! (*Пејо му ги врзува очите на момчето.*)

ПЕЈО: Че бром до три и почни! Еден... два... три...

(*Момчето со врзани очи ги испружува рацете напред, смеејќи се и тргнува напред да ги бара. Пејо и Секула нога за нога, газејќи на прсти, се оддалечуваат од гостилницата и се кријат во еден од сокаците. Момчето барајќи се удира во масата, масата се превртува и сè што беше на неа се истура наземи. Ја вади шамијата од очи, ја сфаќа измамата и засрамено бега в гостилницата.*)

**Миле ПОПОВСКИ**

**(Извадок од комедијата „Солунски патрдии“)**



## ♣ Учествувај во дискусија

- Кој лик од македонското литературно творештво го препозна во прочитаниот текст.
- Ликовите во текстот говорат на дијалект од прилепско-мариовскиот крај. Посочи од каде може тоа да се согледа.
- Што прават Секула и Пејо откако ќе се најадат?
- Во каква форма е претставен настанот, како говорат ликовите меѓу себе?
- Од каде дозна повеќе за она што се случува во нивната меѓусебна комуникација?
- Кои надворешни разлики и сличности ги откри во овој текст во однос на сознанијата за расказ и песна?

## ♣ Заклучи, запомни

Литературна творба во која ликовите ги претставуваат настаните преку: **разговори, движења, гласови, мимики, песна и сл.** се вика **драма.** Драмскиот текст може да биде наменет за изведба на сцена пред публика.

**Главна одлика** на драмата е настаните од животот да ги прикажуваат така како да се одвиваат пред очите на читателот или гледачот.

**Во основата на драмата** се наоѓа конфликтот, судирот на два или повеќе ликови со спротивни сфаќања и интереси.

Раскажувањето на авторот за изгледот на сцената, за движењата и расположението на ликовите често се пишува во загради.

**Носители** на драмското дејство се **ликовите**.

## ♣ Научи повеќе

**Драмата** најнапред се појавила во старогрчката литература. Зборот драма е грчки и значи **дејство**. Како литературен род се појавила пред лириката и епиката. Може да биде пишувана во стих и во проза.

## ♣ Вежба на час

Проследи драмски текст или дел од него, по претходен договор, во аудио или во видеоформа. Дискутирај за надворешните особините кои ги согледа: особините на ликовите, презентирањето на настаните директно во разговорот, дијалогот, амбиентот во кој се одвива дејството, ефектите на сценската изведба.

## ♣ Задача за дома

Прочитај го текстот и презентирај го овој драмскиот извадок во раскажувачка форма.



# БУЛКИ КРАЈ ШИНИТЕ

## ♣ Да ви биде појасно

*(Дејството во драмскиот текст се одвива крај железничка станица и го отсликува секојдневието на луѓето чиј живот се*

*возовите, луѓето, односите меѓу нив. Главен лик е Ване, љубопитно дете, чие детство се одвива крај шините*.)

Предел покрај шини со булки. Ден.

Покрај шините има многу булки. Меѓу нив, однекаде, изникнува Ваневото лице. Тој ги здогледува цветовите, ги допира пупките. Сака да скине една пупка, но во тој миг како да му се причини дека го слуша гласот на татко му.

Гласот на Владо: Пупките не треба предвреме да се скинат. Од нив ќе расцутат убави булки!

(*Ване ја трга раката од пупката и се обѕрнува наоколу. Немаше никој. Тој повторно ја пружи раката кон пупката. Ја скина и со сета љубопитност почна да ја испитува нејзината внатрешност. Не откри ништо особено, но забележа на прстот некаква бела, како млеко, леплива течност која капеше од стракот. Тој се загрижи и како да се каеше што не го послуша советот на татка си, ги остави булките и се упати дома*.) Околина на куќарката на свртничарот. Ден. Куќарката на свртничарот беше оградена со дрвени, зелено обоени тараби. Беше многу помалечка од зградата на станицата. Додека се приближуваше, Ване го забележа свртничарот, којшто чепкаше со едно мотиче во бавчата со цвеќиња. Градината не беше голема, беше оградена со жица и убаво утврдена. Ване пријде до оградата.

СТАВРЕ: О, Ване! Каде беше, чичино? Шеткаш, а? Шетај, шетај! ВАНЕ: Чичко Ставре, што е тоа што се цеди од булките кога ќе ги скинеш? Нешто бело?

СТАВРЕ: Тоа цвеќињата плачат, што сме ги скинале. Јас одгледувам цвеќиња во бавчата, но никогаш не ги кинам.

ВАНЕ: Јас многу ги сакам булките.

СТАВРЕ: Да, да, тие се најубав украс крај шините.

ВАНЕ: Кој ги сади?

СТАВРЕ: Никој, сами си растат како и сите други растенија на земјава.

ВАНЕ: Јас мислев дека ги садат железничарите со црвени капи.

СТАВРЕ: А зошто тие да ги саделе?

ВАНЕ: За да личат на нив. Тате ми рече да не ѝ кажувам на мама дека тој личи на булка.

СТАВРЕ: А ти не ѝ кажа?

ВАНЕ: Не.

СТАВРЕ: И, немој!

**Велко НЕДЕЛКОВСКИ**



## ♣ Примени го знаењето

Напиши лична творба, кус драмски дијалог на тема другарство. Примени ги надворешните белези на драмскиот текст. На часот презентирај ја творбата, дискутирај за сработеното и вреднувај го.

# ДИЈАЛОГ И МОНОЛОГ ВО ДРАМСКИ ТЕКСТ

♣ **Обиди се да заклучиш**

Внимателно прочитај го извадокот и размисли за двете изразни форми кои ги користат ликовите во говорот.



## ГОСТИН ОД АМЕРИКА
### ЧИН ТРЕТИ

*(Во куќата на Софрета. Селска соба која дава впечаток на богата куќа. Лево врата; десно на ѕидот огледало, а понатаму, кон прозорците, е прикачена ламба. При кревањето на завесата Ана е сама, добро е облечена и се дотерува на огледалото.)*

АНА: (*весела и насмеана*). Пак што, убава сум вака. Зар не?... И вистина убаво ми рече мајка ми вчера: „ Ано ќерко, поднамирви се веќе малку поубаво кога одиш на вода, оти таму се собираат момичките и жените од село во село, па ќе те прикажуваат. Ги знаеш какви се жениве наши: „ Оваа била ваква – онаа била онаква! Онаа нема вода во очите и се изнамирила... А онаа пак има, за в гроб ги чува! „А ние се есапиме за домаќини во селово и не треба сами да се правиме ќотии. Ти си веќе голема, петнаесет ги

наполни и во шеснаесет си влезена. Пак може и некоја стројница да нè погледа... Затоа, тебе не ти личи да одиш како-годе...“ И вистина така е! Ете, сношти кога одев на вода ме пресретна Ефтим „Трупалено“! Ама ми се запули и (*намигнува*) чкрап со окото! А тоа чкрапање не е за бадијала (*се чешка со прстот пред срцето*) некој молец го јаде овде. (*Оди и се гледа на огледалото.*) Пак што, од мене поубава ќе најде?! Да проштева! Ете, и Цвета некни ми рече. И навистина, Цвета не е таква да се крева до каде што не е. „Ти – рече – си убава, татко ти е богат, ние не можеме со тебе да се токмиме.“ Секако тебе ќе те побара Ефтим „Трупалето“.

ПРВОТО ДЕТЕ: До... до... дојде... дојде Ангеле! А, а, а... Ангеле дојде!

АНА: Вујко ми Ангеле ?!... Од Америка иде? Ангеле!... Треба да е вујко ми Ангеле!... Како изгледа? Полн, така...

ВТОРОТО ДЕТЕ: Со толкави куфери...

ПРВОТО И ВТОРОТО ДЕТЕ: Во градски алишта!

АНА: (*срекна*) Тој треба да е! Чекајте!... Влезете внатре! (*оди и бара во ковчегот*)

(*Децата влегуваат и ѕиркаат во ковчегот кај што бара. Вади од ковчегот две шамичиња и две јаболка и им дава по едно на децата.*) – На, зашто ми кажавте, по едно шамиче да си се бришете и по едно јаболко да си каснете.

(*Децата радосни и со скокање излегуваат.*)

Што ќе биде сега ова да дојдел вујко ми наврапито од Америка?! Ни писмо пуштено, ни кажано!... А не оти го познавам за до го дочекам, но тој мене!... А и татко ми не го знае... (*Се досетува и се чукнува по главата.*) Их! Како забудалена, како врзана?! (*Потрчува збркана сакајќи нешто да подреди.*) Кај одам додека не потспастрам малку! (*Се слушаат чекори.*)

Иде!... (*Потрчува кон вратата.*)

(*Збркана, налетува на него.*) Добредојде!...

АНГЕЛЕ: Ме познаваш ли кој сум?

АНА: Не, туку...

АНГЕЛЕ: (*Ја бацува в образ.*) Така! А каде се сега татко ти и мајка ти? Сама си ти овде?

АНА: Сама сум. На жнеење се тие. Отсега треба да дојдат... Седи де...

АНГЕЛЕ: Далеку е нивата?

АНА: Не е далеку, овде над село!

(*Се слушаат чекори и потрчува до вратата.*)
Ете се, идат... Не кажувај се да видиме дали ќе те познаат.
АНА: (*Ја отвора вратата.*) Кај сте вие? Имаме и други гости!
СОФРЕ: Камо вакви гости да ни идат секогаш...
АНГЕЛЕ: Збори за волкот – волкот на врата!
СОФРЕ: Е, добре ни дојде! (*Се бацуваат.*)
КАТА: (*Истрчува.*) Бате! Добре ни дојде!... (*Се загрлуваат и се бацуваат. На Ката солзи и излегуваат од радост.*) Зошто не ни прати абер по некој човек оти си дошол?

АНЃЕЛЕ: Ано, донеси го куферот понаваму.

АНА: (*Го подига.*) Леле што бил тежок! Што има, вујко, овдека, пари? (*Му го носи.*)

АНЃЕЛЕ: (*Бара клуч по џебовите и отвора*). Трчај, ќе видиш! (*Префрлува во куферот и вади златен саат.*) Еве, зету, тебе еден златен саат ти донесов. Има и нешто друго само изгледа во големиот куфер е.

СОФРЕ: (*Земајќи го.*) Што ти требаше да се арчиш... (*Го разгледува радосен.*)

АНЃЕЛЕ: Како било тоа, не е тоа лаф! (*Бара и понатаму и вади пред себе еден чифт женски чевли, еден златен прстен и еден чифт женски копринени чорапи.*) Еве, сестро, тебе ова сум ти го донел. Со здравје да си го носиш. Дома и нешто друго ќе најдеме...

КАТА: Да си жив! Господ повеќе да ти даде! (*Ги зема пред себе на скутот.*) Така ете, кажи нешто за Америка како е.

АНЃЕЛЕ: За кого е убава, за кого е црна и таа. Спроти ние што бевме овде, кога си отидов јас, таа е шеќер. После, таму што немаш: кина, театри, паркови... Што нема за времето да го убиеш... Америка си е убава, ама за тие што им се блиските – најмилите околу нив, а за нас, одделени од вас – црна е! А уште поцрна за оние што ги оставија таму, нозете и рацете, по фабриките та дури и главите. Таму, вистина ти плаќа, ама низ носот ти ја вади заработувачката. Јас некако се снајдов и полесно поминав, а и повеќе спечалив. Некои не можат да тргнат настрана за да се вратат.



**Ристо КРЛЕ**

**(Извадок од драмата „Парите се отепувачка")**

## ♣ Размисли и одговори

- Каде се одвива дејството во драмскиот извадок?
- Кому му се обраќа Ана додека се гледа во огледало?
- Опиши ги карактерните особини на Ана што ги откриваш во извадокот.
- Кој ѝ се придружува на Ана на сцената и за што разговараат?
- Каков е ставот на Анѓеле за печалбарството во Америка?

## ♣ Заклучи и запомни

Во драмското дело постојат две **изразни форми** во говорот на ликовите.

**Монолог –** форма на прикажување на драмското дејство во која еден лик не се обраќа на друг, туку разговара сам со себе и со тоа ги запознава читателите со своите душевни состојби и побуди.

Освен во драмскиот текст, монологот се среќава и во прозните дела и се вика **внатрешен монолог,** а се користи за раскажување во прво лице.

**Дијалог –** разговор меѓу два или повеќе лика во драмското дело. Тој ја поттикнува и истакнува спротивставеноста меѓу ликовите и ги доведува во ситуација да ги откријат своите чувства и карактер и да го развиваат дејството.

Дијалогот е еден од битните елементи во епските творби зашто ликовите во комуникацијата меѓу себе го изразуваат ставот за луѓето за кои разговараат

## ♣ Вежба за час

- Прочитај ги следните текстови. Пронајди ги изразните форми во кои говорат ликовите и спореди ги. Откриј ги сличностите и разликите меѓу нив, запиши ги и размени мислење за сработеното.



## ШТО СТАНАЛО СО ЅУНИЦА

Едно пролетно утро од дванаесет кожурци излетале дванаесет пеперутки. Си биле мошне слични: исти белузлави крилца, исти слаби ножиња, исти извиени пипки.

– Гледајте, утринава се родени! – извикале цвеќињата. – Да ги почестиме со медена роса!

Зашеметени од многу пролетни убавини, пеперутките итале од цвет на цвет. Сакале во еден ден да ја прелетаат целата ливада. Но, денот згаснал и тие се засолниле во грмушка – јасмин.

Другото утро најмалата пеперутка се разбудила многу рано. Жедна била. Денот штотуку забелувал кога летнала да побара капка вода. Ја нашла врз листот – капина. И додека пиела, нешто болснало. Сонцето излегло и низ росната ливада светнало виножитото. Пеперутката замижала од таа чудесна светлина. И тогаш – врз крилцата ѝ легнале седумте волшебни бои: црвената, портокаловата, жолтата, зелената, сината темносината и виолетовата. Боите биле толку лесни, што не ги почувствувала. Се вратила во грмушката и повторно заспала...

Малата белузлава пеперутка се претворила во ѕуница – се чуделе

цвеќињата.

На Ѕуница ѝ било необично дека е поинаква од сестричките, па сите ја загледуваат. Штурчињата дури и песна испеале за неа:

Пеперутка Ѕуница
Најмила, најубава,
Крилца шири в игрив лет,
Украс е за секој цвет!

Од таа песна ѝ станало мило, што навистина заспала врз една бела рада... Се разбудила в миг, чувствувајќи силна стега. Слушнала забрзани извици и чудна врева:

– Ваква пеперутка немаме видено!

– Внимавај да не ѝ ги повредиш крилцата!

Се исплашила кутрата Ѕуница и, додека собирала здив да ги повика сестричките, телото ѝ го пронижала некаква студена болка.

– Што се случи со мене ? – тагоболно крикнала Ѕуница и две дробни солзи се стркалале од оцагорените очиња.

– Пеперутката плаче... – слушнала жални зборови.

– Будалче! Не може да плаче! Таа нема душа! Капка роса останала врз неа...

– Толку ли е животот?... воздивнала Ѕуница, крилцата сè уште ѝ трепереле, потоа се опуштиле, свенале – тој час ги снемало оние чудесни бои на виножитото.

Децата занемени гледале во белузлавата пеперутка, пронижена со остра игла.

**Бистрица МИРКУЛОВСКА**



## А ДЕВОЈЧЕ ПЕРУНИЧЕ



А девојче, пруниче,
што си поли обросило?
Ил си в гора билје брало,
ил по река перуника,
ил в градина бел босилок?
Ни сум в гора билје брало,

ни по река перуника,
ни в градина бел босилок.
Сум врвело низ ливаѓе,
јас сум браќа попраќало:
ливаѓето росни беа,
поли ми се обросија.

**Народна песна**

### ♣ Потруди се

На часот проследи монолог и дијалог по избор. Внимателно слушај го начинот на кој се презентира содржината и откриј ги спецификите за кои учеше.

### ♣ Примени го наученото

Одбери монолози од драмски текстови. Драматизирај ги на часот внимавајќи на препораките што се дадени во заградите. Вежбај изразно читање со правилна интонација и гестикулација.

Може да се организира и натпревар за настапување со монолог, а најуспешните да се наградат со аплауз за изведбата.

# КОМУНИКАЦИСКИ ДИЈАЛОГ

♣ **Согледај**

- Прочитај го дијалогот и размисли по што се разликува во однос на драмскиот.

## ПРИВРЕМЕН ДИЈАЛОГ

МОМЧЕ: Добар ден, дедо! Како е?
СТАРЕЦ: Фала на прашањето, синко. Добро е... Еве, да бидам малку поблиску до сонцето – го поправам покривот на куќичето. Капе, пустинското, кога ќе го фатат дождови.
МОМЧЕ: Нема ли да ве рушат наскоро?
СТАРЕЦ: Да, ќе нè рушат. Само привремено живееме тука. Веќе десет години чекаме решение ...
МОМЧЕ: А, инаку... Од што живееш?
СТАРЕЦ: Пензиичката ми е, во просек, задоволителна, крпа до крпа, крпеж-трпеж, се разбира. Но, ми рекоа дека тоа е само привремено. Подоцна ќе ми ја покачеле...
МОМЧЕ: Добро, дедо зошто го работиш ова на стари години? Немаш ли некој свој?
СТАРЕЦ: Како не. Сум исчувал пет чеда, пет арслани...
МОМЧЕ: Па, каде ти се?
СТАРЕЦ: Зар мал е светот? Најмалиот ми е на привремена работа во Германија.
МОМЧЕ: А другите?
СТАРЕЦ: Полека, да не погрешам. Вториот... да! Вториот е во Австралија, на привремена работа. Третиот во Австрија, четвртиот во Канада. Привремено. Петтиот во Ко...
МОМЧЕ: Во Колумбија?
СТАРЕЦ: Не, тој е во „Комуналец“. Таму е само привремено вработен...

**Александар КУЈУНЏИСКИ**



## ♣ Анализирај

- Која е основната разлика што ја уочи кај дијалогот што го водат Старецот и Момчето во однос на дијалозите во драмската творба?
- Посочи ги деловите во кои го откри тоа.
- Кои се сличностите што ги уочи во текстовите?

## ♣ Заклучи

Двата лика во овој извадок **разговараат** меѓу себе. Тие тоа го прават за да се разберат еден со друг, за да си ги кажат своите мисли, желби, потреби. Тој вид разговор се вика **комуникациски дијалог.** Се употребува во секојдневниот живот за разговор на различни теми и при тоа се употребува поедноставен израз.

## ♣ Работа во парови

- Поделете се во парови. Меѓусебно остварете комуникациски дијалог на еден од предложениве наслови:

1. Настан од училишниот живот.
2. Меѓусоседските односи во моето маало.
3. Новости од саемот на книгата.
4. Впечатоци од проследен филм.

- Напишете ги дијалозите кои ги водевте, а потоа меѓу себе прегледајте ги и поправете ги направените грешки во однос на правописот.

# ЛИРСКИ ВИДОВИ
**(Според мотивот)**

## ЉУБОВНИ, ПАТРИОТСКИ И ПЕЈЗАЖНИ ПЕСНИ

♣ **Размисли**

- Повтори ги елементите за изразно читање.
- Секој ученик во себе ја чита песната, а потоа се чита изразно на глас.
- Размисли за чувствата кои ги инспирирале авторите да ги напишат овие творби.

### ЖЕТВА



Момето песна плете
од грлото – два гласа,
жетварот леси плете
од сонцето што класа.

Ме сврза песната мека
низ класјето што збори.
Љубовта љубов чека,
сонцето пламено гори.

Носиме зрело злато
изморени по патот...

**Јован КОТЕСКИ**

## БОИТЕ НА ТАТКОВИНАТА

**Зелена** е таа
кога пролетта ѝ крои зелено кадифе
и цветови расфрла на сите страни
да е шарена, цветна
и со мајска роса да ја храни.

**Жолта** е,
кога ја милуваат сончеви зраци и кога
чудесен волшебник исткајува
виножито на синото небо.

**Црвена** е Татковината, со
црвени булки,
во пролеаната крв на јунакот, во
црвеното вино.

**Сина** е,
во синиот бескрај на небото, во
езерските далги,
во сините детски очи.

**Зелена** е,
кога есента лисјата ги позлатува, во
зрелите плодови есенски,
во јатата птици што долетуваат.



**И бела** е Татковината,
побелена од густите снегулки,
бела во облаците бели,
и крилјата на гулабот.

**Марина БЕБЕКОВСКА**

## ТИ ЛИ БЕШЕ ПРОЛЕТ



Ненадејно дојде во нашиот двор.
Врз цреша̀та бели ѕвезди фрли,
под стреата – ластовички хор
и два штрка на стариот брест,
а не чувме ни чекор, ни ѕвон,
не те сети ни будниот пес...

Мина кротко над синиот јаз,
со зелено врбите ги покри,
зелен тепих врз полето посла,
шарен килим над ливади мокри,
рој шарени пеперутки пушти,
славејчиња појни цело јато,
ведра смеа со дрсје им плисна
по лицата на децата мили –
ти ли беше тоа, пролет, ти ли?



Во крошните на дрвајата стари
зелен кафез од лисја им сплете
на птиците – и лулки и гнезда,
во реката сини очи фрли,

над житата ѓерданот го срони –
пролет, твојот глас ли ѕвони?

Од кај идеш? Кој ли пат ти кажа?

По река ли доплови со брод?
Со автобус шарен може стигна
сношти доцна со задниот мрак?
А можеби по синиот свод
те донесе златен сончев зрак?

Дојде тихо како сон под стреа,
го сетивме твојот топол здив
и ја чувме во срцата наши
твојата ведра и весела смеа.



**В. ДИМИТРОВСКИ**

### ♣ Учествувај во дискусија

- За секоја песна определи што ги поттикнало авторите да ги испеат.
- Кое е основното чувство кое го опел авторот во песната „Жетва“?
- Кон кого се искажува љубов во песната и во кои стихови го согледа тоа?
- Со кои бои е опишана родната земја во песната „Боите на татковината“?
- Зошто поетот ги одбрал токму тие бои?
- Нагласи ги чувствата што ги опеал поетот во песната.
- Што го поттикнало авторот да ја испее песната „Ти ли беше пролет“?
- Каква сличност пронашол авторот меѓу пролетта и девојката?
- Во кои делови во песните откри преплетување на мотивите и посочи ги тоа?

## ♣ Заклучи, запомни

**Основната мисла или водилка**, поттикот на авторот да ја создаде творбата, се нарекува **мотив.** Во лириката мотив е сознанието на поетот за нешто што поттикнало чувства кои тој ги опеал (радост, тага, болка, љубов и сл.).

Според мотивот, песните може да бидат: **родољубиви (патриотски), пејзажни (описни), љубовни и сл.** Честопати во лирските песни може да се сретне и преплетување на мотивите. Така во пејзажните и во патриотските песни можат да се сретнат и љубовни мотиви и обратно.

## ♣ Задача

- Поделете се на три групи. Секоја група нека одбере по една од следниве песни по претходен договор. Потоа одговорете на следните барања:

  Определете го мотивот на песната која ја анализиравте.

  Откријте ги поетските слики и насловете ги.

  Прочитајте ги римите што ги пронајдовте.

  Посочете ги деловите во кои откривте преплетување на мотивите.

- На часот секоја група ги презентира одговорите усно. Одберете ја групата која најуспешно ја изврши задачата.

## ПРИСПИВНА



Кој ли ќе те гушне
со рацете мали
и со златна коса
санок ќе те гали?
Кој сребрена песна
на сон ќе ти пее:
„Надвор ветре дува,
месечина грее!
Надвор лисје шуми,
ројот ѕвезден бега.
Јас те сакам многу,
мој си , мој си сега.
Надвор роса роси
и зокумон спие.
Спиј ми, спиј ми, сонот
убав нека ти е!“

**Блаже КОНЕСКИ**

## ЗАЛЕЗ



Спуштено сонце в чун
како врв од кормило, како клун
како долг од злато друм.
Друм што негде далеку од трските се крие,
друм што од умора и долг пат спие.

Се нишка чунот, се нишка
ко лесна капка на дланка,
огромен син простор
врамен во златноалова рамка.

И додека ветерот ко галебово крило
изгубено во просторот вее,
езерото тивко со струните свои
во срцето ми пее.

**Јован СТРЕЗОВСКИ**

## МОЈОТ РОДЕН КРАЈ

Крајот мој е цветен предел,
од сребрени капки росен
прадедовски завет љубен
од дамнина в срце носен.

Крајот мој е шумски предел
во шарени птици распеани
со најубав ѓердан реден
од бели стада расеани.

Јас го љубам, јас го љубам
мојот роден крај,
тој е како детска смеа
како сончев сјај.

**Живко НИКОЛОВСКИ**

♣ **Сработи дома**

Прочитај песни со различни мотиви. На наредниот час презентирај ги со изразно читање. Можеш да направиш и аудиозапис. Наставникот ќе ја вреднува успешноста на рецитирањето.



# ВИЗУЕЛНИ И АУДИТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ ВО ПЕСНИТЕ

♣ **Согледај**

- Читајќи ја песната, размислете за описите на природата опеани во неа.
- Пронајди ги зборовите со кои се опеани некакви звуци.
- Одбери стих (стихови или строфа) од чии зборови си создаде слика и презентирај ја.

## ДЕТЕ ЗАСПАНО КРАЈ ЕЗЕРО



Ти спиеш малечко
а езерото се замислило –
езерото ја подготвува твојата судбина.
Ти спиеш а тоа
со неусетно потплиснување ти влегува в душа
како во заливче со бели камчиња
во кое секое камче се гледа.
Ти спиеш
но и најситното негово набирање
како нишка води до оние гласни таласи
што еднаш ќе се родат, ќе заплачат и ќе те понесат.
Спиј детенце
езерото ја создава твојата душа
и мисли за твоите идни возбуди.

**Блаже КОНЕСКИ**

### ♣ Разговараме за песната

- Кое е основното чувство кое го обзело поетот за да ја создаде оваа песна?
- Каква е оваа песна според мотивот?
- Каква е поврзаноста меѓу детето и езерото?
- Откриј ги сликите и звуците во стиховите.
- Издвој ги зборовите кои те упатуваат на звуци!

### ♣ Литературно катче

Во песните честопати сретнуваме стихови кои нè поттикнуваат кон создавање слики за она што е опеано. Тогаш велиме дека поетот употребил **визуелни елементи.** (На пример, сликата на горато во која жолтее расцутен дрен.)

Исто така, во песните наидуваме на зборови кои нè упатуваат на некакви звуци. За таа цел, поетите применуваат **аудитивни елементи.** (На пример, гласот на муграта која го поздравува новиот ден.) Овие елементи ја збогатуваат сликовитоста на поетските творби.

### ♣ Вежба

- Пронајдете ги аудитивните и визуелните елементи во следниве стихови:

„Над Вруток извира – бисер, во
предел – волшебен сон. Еј, шуми
во срцата наши ко сладок
разигран ѕвон...“

**Перо МИЛЕНКОВСКИ**
(„Песна за Вардар“)

Врз едно невидливо катче од езерото,
како непозната трпка врз телото,
помина бледо, лесно разбранување.

Водата сосема бавно се премрежи

и пак се потона во камено смирување..."

**Ацо ШОПОВ ( „На Езеро")**

„А со неа и птичките појни пораниле во
небото ширно; распеани, со гласенца
бројни утринскиот концерт пак го
свират.

Гледам... Слушам... Чувствувам од радост

блика крвта во секоја жила...

И несетно, со занес, од гради

слушам извик: Здраво, Бистро мила!..."

**Генади БОЛИНОВСКИ**

♣**Задачи**

- Секој ученик нека запише во тетратката пет збора кои би можеле да претставуваат аудитивни елементи во создавањето поетска творба.
- Исто така, секој ученик нека напише најмалку два стиха кои би претставувале слика (визуелен елемент) во песна.
- Напиши поетска творба со наслов **„Езерска слика"** во која ќе користиш визуелни и аудитивни елементи. (Песната да биде составена најмалку од две строфи со по четири стиха.)
- Наредниот час читај ја творбата и анализирај ги токму тие елементи.
- За најуспешните творби, може да се направи компјутерска илустрирана презентација.

# СТИЛСКИ ФИГУРИ

## ЕПИТЕТ

**Стилските фигури**, познати и како **изразни средства,** авторите ги употребуваат за да постигнат поголема сликовитост, музикалност и емоционалност на творбата. Со нив творбата стилски се збогатува и ја прави попривлечна за читателот.

### ♣ Размисли

- Секој ученик нека ги прочита следниве песни насочувајќи го своето внимание кон зборовите кои ги објаснуваат именките.
- Обрни внимание на јазикот на кој се напишани. Побарај објаснување за зборовите кои не ти се јасни.

**ШУПЕЛКА**

Уште ко си беф малечок
од клас си писка напраиф
со неја сфирев, потскаквеф
и по зелени ледини
си трчах по пеперуги,
Достигне други години
да свира мило ми беше;
радосен свирка напраиф
и со моите другари
играф со срце весело,
трчаф по поле широко,
шетаф по гори високи
и низ езера поминаф.



Сега се други времиња,
ја сега нејќу да трча,

не ми е мило да шета
ни сака игри другарски.
Сега што ми е најмило
дружба да има шупелка.
Да најда место високо
и под ладна сенка д’боа;
пред мене поле широко,
под нозе рече да течит,
над глава ветар да шумит;
и ја на д’бот навален
да свира со шупелката,
как ќе ме учит срцево.

**Константин МИЛАДИНОВ**



## ЖНАЛА МАРА ЖОЛТО ПРОСО

Жнала Мара жолто просо,
поминале кираџии.
Едно мало кираџиче,
тоа Маре и велеше:
– Ајде да се наджневаме,
ако тебе те наджнејам,
да ми дадеш кован ѓердан;
ако мене ме наджнееш,
ќе ти дадам брза коња,

И Мара му одговараше:
– Ако тебе ја наджнијам,
не ти сакам брза коња,
туку тебе добар јунак,
добар јунак да те земам.
И фатија да се наджневаат.
Жнала, жнала бела Мара,
жнала, јунака наджнала,
и јунака си го зела.

**Народна песна**



## ♣ Разговор за песните

- На каков јазик се напишани творбите што ги прочита? Кои разлики ги откри во однос на литературниот јазик?
- Колку моменти од својата младост опфатил поетот во оваа песна?
- Проследете го тоа преку зборовите писка, свирка и шупелка!
- Каков натпревар е опишан во народната песна?
- Што посакале Мара и кирацичето како награда за победата?
- Кој бил подобар жнејач?
- Кои зборови ги откри во двете песни што ја објаснуваат именката. Како се викаат тие во науката за јазикот?

### ♣ Заклучи, запомни

За да постигне поголема сликовитост, поетот и народниот пејач во песните употребил зборови преку кои се откриваат особини кои ја определуваат именката. На пример: (поле) широко, (гори) високи, ладна (сенка), жолто (просо). Ваквите зборови што ја објаснуваат именката се викаат **епитети**.

Епитетот најчесто стои пред или зад именката и открива некоја битна особина на предметите, односно на појавите именувани со именката.

Епитетот може да се удвои, на пример:

Крај бистра вода студена.

На росна трева зелена и сл.

Најчесто епитетот се искажува со придавка, но некогаш и со именка. На пример: (чаша) вода, (капка) роса и сл.

### ♣ Задача за час

Во тетратката напиши скалест приказ на следниве песни „Дом светол и топол“ и „Јунаково срце“. Презентирај го сработеното на час и разговарај за успешноста на приказите.

## Јунаково срце

Јунаку се срце разиграло,
како риба во длабоко море,
како вино во сребрена чаша,
како овен во големо стадо,
от ќе оди по невеста.

**Народна песна**

## ДОМ ГОЛЕМ И СВЕТОЛ

Дом голем и светол
секаде да има на светов.
Во таков дом треба да шета
секое дете на оваа планета.

Голем дом не се гради
само во големи згради,
ниту се купува на булевари
со златни пари,
ниту го чуваат железните двери
на тие облакодери.

Дом светол не се прави
ако се стават
големи прозорци,
балкони и тераси.

Во таков дом
треба само
песна да се гласи,
детска насмевка да го краси.

Голем и светол дом
може да биде
и трошна барака,
само ако во неа некој некого
братски сака.

**Александар ПОПОВСКИ**

**Реченица**____________________________________________

**(Што е опеано во песната?)**

**Стих**__________________________________________________

**(Кој стих, според тебе, најсилно искажува љубов?)**

**Рими**__________________________________________________

**(Препиши две рими)**

**Епитети**________________________________________________

**(Напиши три епитети кои ти се допаѓаат најмногу . )**

**Еден збор**______________________________________________

**(Со кој збор ќе искажеш твое чувство за песната?)**

- ♣ **Биди креативен**
- Напиши песна или состав во кој ќе опишеш една своја желба употребувајќи поетски слики и епитети.
- Насловот смисли го сам.
- Напишаното вежбај го со изразно читање.
- Наредниот час читај ја творбата и со учениците направи литературно катче.



Слика: „**Мир**“ – Петар Мазев

# АНАФОРА И ЕПИФОРА

**♣ Согледај**

- Прочитај ги следниве песни изразно.
- Откриј како завршуваат и како започнуваат стиховите.

## ОЈ ЛУЛЕ

Одлетала пеперуга, ој луле ој!
Од орача на орача, ој луле ој!
Од копача на копача, ој луле ој!
Од режача до режача, ој луле ој!
Да зароси ситна роса, ој луле ој!
Ситна роса бериќетна, ој луле ој!
И по поле и поре, ој луле ој!
Да се ранит сиромаси, ој луле ој!
Со бериќет виножито, ој луле ој!
Пчениците до градите, ој луле ој!
Јачмените до стреите, ој луле ојх!
Леноите до појаси, ој луле ој!
Уровите до колена, ој луле ој!
Да се ранит сиромаси, ој луле ој!
Дрвата не со осито, ој луле ој!
Да е сита годината, ој луле ој!
Дрвата не се ошница, ој луле ој!
Да е полна кошница, ој луле ој!
Дрвата не со јамаче, ој луле ој!
Да е тучна годината, ој луле ој!

**Народна песна**

## ТАМУ Е НАШАТА РЕКА

Кај што се кисне ’ржаница,
кај што се игра кританица,
кај што се скока трчаница,
кај што има прачканица,
и враcканица и драсканица,
и шлаканица и тупаница,
кај што рибите од штркот се плашат,
таму е реката наша...

Оти реката наша е саканица,
де умна, де улава познаница,
што нема сенка и станица,
и уште одврзана опчаница,
и одградена нива ораница,
и одуздена кобила враница
и недочитана страница...

Реката наша е жива граница
меѓу нас и нашата караница
и ако некокаш некој ве праша,
кажете му каде е реката наша:
„Главата ѝ стои в планина, горе,
опашката ѝ мрда, длабоко в море.“

**Петре М. АНДРЕЕВСКИ**



## ♣ Разговор за песните

- Наброј ги спомените на поетот поврзани со реката.
- Какви чувства будат во него сеќавањата за реката?
- Објасни ги последните два стиха.
- Опиши ја усно сликата што ја гледаш пред очи додека ги читаш последните два стиха.
- Напиши ги поетските слики во песната.
- Што посакува да се случи народниот пејач?
- Кого го моли да му помогне и зошто?
- Посочи ги стиховите во песните во кои има рима.
- Посочи ги епитетите во песните.
- Зошто се повторуваат исти зборови во почетокот и на крајот од стиховите?

## ♣ Заклучи, запомни

За да ги изрази посилно своите чувства и да ја зголеми музикалноста на песната поетот употребува исти зборови. Нивната употреба на почеток на стихот се вика **анафора,** а на крајот **епифора**.

## ♣ Задача за час

За овој час примени ја техниката **квадрат** за анализа на песните. Наставникот формира групи. Секоја група добива лист за една од следниве песни подлен на четири дела во кои учениците од групата ги пополнуваат деловите според барањата:

1. на првиот дел – се црта слика замислена од учениците инспирирана од песната;
2. во вториот дел – учениците впишуваат стилски средства (епитет, анафора, епифора) кои ги откриле;
3. во третиот дел – учениците впишуваат зборови со аудио или визуелни елементи кои ги откриле во песната;
4. во четвртиот дел – учениците впишуват поетски слики и ги насловуваат.

Читајте ги содржините на квадратите, разговарајте за напишаното, но и дополнувајте ако почувствувате потреба нешто да додадете.



## ЕСЕН

Штркот патува на југ наесен.
Мојот пат кон светот е – наесен.
Овчарот ги чува по планините кроткие стада,
па пеејќи се враќа дома – наесен.
Градинарот ги собира плодовите на својата пот,
златните праски и јаболките, румените овошки – наесен.
Налето што за него се трудел многу,
винарот го бере грозјето – наесен.
Така секој собира, бере и ужива
во веселба со плодовите на својата мака – наесен.

**Станко ВРАЗ**



## ВО НОВАТА ГОДИНА

Денот се роди со снежна глава,
Денот се роди со смрзнат камен,
Денот се роди со бела грива,
Денот се роди и ни донесе радост
во Новата Година.

Денот се роди со бело лице,
Денот се роди со жолто око,
Денот се насмеа со тенка жица,
Денот се насмеа со поглед на сокол
Во Новата Година.

Денот е постар за една година,
Денот е качен врз камен и планина,
Денот е дојден в поле и долина,
Денот дојде и ни донесе насмевка
во Новата Година.

**Шукри РАМО**



## СТАНИ СТАНКЕ

Стани Станке, стани јагне,
дворови да метиш,
дворови да метиш, Станке,
столови да редиш.
Стројници да чекаш;
Стројници да чекаш, Станке,
многу одалеку.

**Народна песна**

## ДОСТА СИ МОМА ОДЕЛА

Доста си моме одила,
доста си глава врзала
Отсега каар ќе береш.
Свекор да чекаш од пазар,
Љубе да чекаш од нива,
Девер да чекаш од гора.
Темна темница пред очи,
Тешко железо на раце,
Тешка тежина на глава:
Темна темница – љубето,
тешко железо – детето,
тешка тежина – куќата.



**Народна песна**

### ♣ Потруди се

Прочитај песни со анафора и епифора. Подготви ги за изразно рецитирање применувајќи ги твоите говорни особини:

1. Правилно изговарање на секој глас (артикулација).
2. Правилно изговарање на зборовите, со правилен акцент и со нагласување на одредени значајни зборови и реченици (дикција).
3. Правилна интонација на зборовите, според потребите да се прочита тага, страв, двоумење, среќа, недовршена мисла и сл.
4. Ритамот при читањето да биде природен, според потребите на содржината да се чита побавно или побрзо.
5. Правење паузи и почитување на знаците.
6. Користење мимики и гестови зависно од содржината.

На наредниот час подгответе натпревар во рецитирање. Од најуспешните може да се направи аудиозапис.

# ЛИРСКО-ЕПСКИ ПЕСНИ

## ♣ Присети се

- Кои се особините на епските, а кои на лирските песни?

## ♣ Согледај

Прочитај ги песните изразно и размисли какви чувства се опеани и какви настани се опишани во нив.

### МАЈЧИНО ВОСПИТАНИЕ



Кадрија беше сираче.
Татка си тој закопал.
Дреи му беа дрипави;
Куќата – мала колиба.
Но, мајка му – јуначица
На смерност го учела:
„Чуј сине, слово мајчино,
Силен е Бог на небеси,
По морски, земни ширини
Окото божјо следи сè,
Сè слуша уво негово!
Тагува пред лошините,
На добро се радува.
Десницата ја протега.
Справедливо му плаќа тој
Секому според делата.
Сакај го, сине, брата си,
Колку и мајка вдовица;
До што човек брат е твој,
Не гледај вера, боја, род,

Утеши секој страдалник,

Раздори, кавги смирувај...“

Така на Кадри учела

Блажена мајка Кадана.

На Кадри зборот мајчин, мил,

Во срце му се водворил

Како на цветот росата.

**Глигор ПРЛИЧЕВ**

## ЈУНАК И НИВА

Заплакала ми голема нива,

голема нива на врв планина:

– Оф леле, боже, оф мили боже!

Што не се најде најдобар јунак,

да ме изоре, да ме посее

бела пченица црнокласица!

Да му наполнам девет амбари,

да си ожени девет синови,

да си омажи девет девојки,

да си покрсти девет внучиња.

На збор се најде најдобар јунак,

ми ја изора, ми ја посеа

бела пченица црнокласица,

и му наполни девет амбари

и си ожени девет синој,

и си омажи девет девојки,

и си покрсти девет внучиња.

**Народна песна**

## ♣ Учествувај во дискусија

- Кој бил Кадри опишан во песната „Мајчино воспитание“?
- На што го учела мајка му? Посочи ги деловите од песната во кои ги откри поучните зборови.
- Какво влијание имале зборовите на мајката врз Кадри?
- Зошто заплакала нивата?
- Што му ветувала на јунакот што ќе ја обработел добро?
- На крајот се исполнува нејзината желба. Со што го наградила за неговиот труд?
- Објаснете ги пораките во двете песни?
- Откриј ги деловите во двете песни во кои се опишани настани и оние во кои забележа искажување на чувства.

## ♣ Заклучи, запомни

Раскажувањето на настан со силни чувства е карактеристика на **лирско-епските песни**. Овие песни според својата форма се малку подолги од лирските, но пократки од епските.

Тие можат да бидат **народни и уметнички**.

## ♣ Вежбај на час

Прочитај ја следнава песна и откриј ги лирските и епските елементи во неа. Посочи ги стилските фигури што ги пронајде во песната. Анализирај го јазикот го творбата и потруди се да ја преведеш на литературен јазик.

## СКЕНДЕР- БЕЈ И МОМЕ БИТОЛСКО

Попленил ми Скендер-беј
Јовче – Поле битољско
таарнана, Скендер-беј
тиј'ранини, Скендер-беј
ох, сите моми попленил,
от ванадесет години.
Девојче му говорит:
– Хеј, ти, бегу, Скендер-беј!
Сфите моми поплени,
мене не мојш да плениш,
от' јас сум си сфршено
з'едно мос'м едно оставил,
од дмче малово
од шеснадесет години!
Се налути Скендер-беј,
си го фати за р'ка,
си го фрли зад коња.
Момиче ми заплака,
ситна роса зароси;
момиче се насмеа,
летно с'нце угреа.



**Народна песна**

## ♣ Примени го наученото

Потруди се да напишеш песна со лирски и епски елементи. Одбери да опишеш настан во стихувана форма при што ќе употребиш и зборови кои изразуваат чувства. Употреби ги учените стилски средства.
Наредниот час читај ја творбата изразно, а наставникот нека ја оцени успешноста на изработката.

# ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

# УСНО ИЗРАЗУВАЊЕ

## РАЗГОВОРОТ КАКО ВИД НА КОМУНИКАЦИЈА

- **Читајќи го текстот, обрни внимание на комуникацијата меѓу ликовите.**



### УЧТИВИ ЗБОРОВИ

Будилникот тоа утро заѕвони цел час порано. Не беше грешка, така намерно го намести татко ми. Преселбата заврши и таа ме оддалечи од моето училиште неколку километри, па морав да патувам со автобус. Возбудата растеше. Подготвен се најдов пред зградата каде што ме сретнаа новите соседи, а јас љубезно ги поздравив:

– Добро утро и среќен ви ден!

Следуваше љубезен одговор:

– Да си жив и здрав, среќа да те следи на училиште! Некако добив елан и тргнав кон автобуската станица.

– Мојата „петка“ штотуку пристигнуваше полна со патници како торба полна со одлични оценки. Вратата се отвори и јас се качив обраќајќи му

се на возачот. Ќе ве молам еден билет, но за повеќе возења. Од денес сум ваш редовен муштерија.

– Повели момче, за десет возења, – ми го подаде билетот возачот.

– Благодарам! – му реков и се упатив кон средината на возилото.

Се возев неколку минути кога ја здогледав училишната зграда.

– Извинете! – ѝ реков на жената пред мене. Тоа е моето училиште, морам веднаш да слезам!

– Повели момче, помини – љубезно ми се насмеа и јас слегов. Весел дојдов во училиштето и веднаш им се пофалив на другарите дека сега патот до училиштето ми е поинтересен.

– Ќе ни го покажеш ли твојот нов дом? – ме запрашаа соучениците.

– Секако, само повелете, ќе појдеме заедно, ќе ви го покажам моето новоизградено катче полно со предизвици, – се насмевнав со загадочен израз кој веднаш морав да го сменам зашто дојде наставничката. Станавме и во еден глас ја поздравивме – Добар ден!

Таа отпоздрави и часот започна. Потонав во светот на новите знаења што се пластеа во мојот ум.

А, забавата со другарите? Таа ќе дојде како награда. Ќе им предложам да појдеме во театар. Ќе ми се придружите ли и вие?

Ах, да, заборавив, на час не се зборува.

**Јоана ДОНЧЕВСКА**



## ♣ Разговор за текстот

- Каде се се одвива дејството во текстот?
- Кои зборови за културна комуникација ги уочи кај ученикот?
- Како се однесувале личностите со кои ученикот доаѓал во комуникација?
- Зошто нивниот однос кон него е токму таков?
- Разговарај за твојот однос кон личности со кои комуницираш: родители, другарчиња, во автобус, во такси, во продавница...

## ♣ За разговорот

Мислите, односно зборовите кои им ги упатуваме на нашите соговорници, кои, пак, ни возвраќаат со соодветен одговор, се нарекува **разговор.** Тој служи како комуникација во различни животни ситуации од нашето секојдневие. Разговараме дома, со блиските, со пријателите, на улица, во продавница, во автобус, во театар, во библиотека, на родендени.

Разменуваме мисли за: одреден настан, прочитана книга, проследен филм или документарна програма, спортски настан и сл. Особено е важна културната комуникација со зборовите: **молам, повелете, извинете, благодарам, поздрав.** Со тоа оставаме впечаток на културна личност, со воспитан израз кој помага во севкупната секојдневна комуникација.

## ♣ Биди креативен

(Сам одбираш што ќе работиш)

- Замисли дека си добил покана да одиш во театар, во кино или на роденден. Направете импровизиран разговор со вашиот соговорник затоа како сте ја прифатиле поканата, но и за тоа што се случило за време на настанот. Употребувајте ги зборовите:
  - на мое големо задоволство...
  - чест ми е...
  - голема благодарност...
  - повелете, молам, благодарам
  - соодветен поздрав (добра вечер, лека ноќ, пријатен ден, убав ден.)

- Напиши импровизиран разговор со одделенски раководител, наставник, директор, педагог сл. внимавајќи на културните изрази.
- Прочитај ги вежбите на часот и анализирај ги разговорите, откривајќи ги спецификите на културната комуникација и нејзиното значење.

### ♣ За наредниот час

- Договори разговор, на пример за прочитана книга, за проследен филм, документарна програма, спортски натпревар или за настан што се случил во училиштето, во соседството...
- Изнеси ги размислувањата и извлечи поука од дискусијата.



# ИНТЕРВЈУ

**♣ Прочитај и согледај**

Прочитај интервјуа од училишниот, дневниот или неделниот печат. Обрни внимание на личностите кои се интервјуирани, а потоа прочитај го и текстот што следи.

## НЕМАМЕ РЕЗЕРВНА ПЛАНЕТА

Во Центарот за уметност неодамна се отвори традиционалната изложба на ликовни и поетски дела посветени на Светскиот ден на планетата Земја.

Тоа беше повод да разговараме со организаторот на оваа манифестација.

**Ова е јубилејна изложба кај нас. Можете ли да ни кажете зошто се одлучивте таа да биде посветена на планетата „Земја“?**

Земјата е наша мајка, таа е наш живот, извор на нашите инспирации што уметниците секогаш ги пласираат во своите дела. Нивна желба беше секоја година да ѝ се оддолжуваат на саканата планета.

**Изминативе години настапуваа поети и ликовни уметници само од Македонија. За првпат оваа година на изложбата видовме и автори од странство. На што се должи оваа соработка?**

Оваа година поканимве и гости од странство поради големиот интерес. Со тоа оваа изложба ќе влезе во светските изложби што се организираат на ова тема.

**За првпат видовме и детски творби кои досега беа одделувани во посебна категорија. Зошто се одлучивте да ги вметнете во**

**официјалната програма?**

Децата со својата фантазија и љубов кон природата се вбројуваат меѓу нашите највредни творци. Добивме прекрасни дела и одлучивме да ги претставиме во категоријата која ја заслужуваат – да бидат рамноправни со возрасните кога се работи за уметноста.

**Од дневен весник**



## ♣ Размисли и одговори

- Со каква цел авторот го направил интервјуто?
- Обрни внимание на прашањата. На каков начин се поставени?
- Анализирај го јазикот со кој се служи авторот?

## ♣ Заклучи, запомни

**Интервју** се води со желба преку разговорот со некоја непозната личност да се даде одговор на едно или на повеќе прашања, во вид на информација заради формирање мислење кај читателите или слушателите. Значењето на интервјуто се гледа во неговата актуелност. Во него се сочувува автентичниот јазик на интервјуираната личност. Три главни особини на интервјуто се: **изборот на темите, личностите и прашањата.**

## ♣ Биди креативен

Направи интервју со награден ученик од твоето училиште, со наставник или со директорот, педагогот или психологот за активностите во училиштето. Можеш да направиш и замислено интервју со позната личност што би сакал да ја интервјуираш. Изработеното презентирај го на час и дискутирај за успешноста на интервјуата. Тие можат да се користат за училишниот или ѕидниот весник во одделението.

## ♣ Разбуди ја фантазијата

- Со помош на имагинацијата, напиши интервју со суштество од друга планета.

# ХРОНОЛОШКО И РЕТРОСПЕКТИВНО РАСКАЖУВАЊЕ

♣ **Размисли**

- Прочитај го текстот внимавајќи на редоследот на настаните кои се раскажани.
- Размисли во кое лице е раскажан текстот. (Внимавај! Потсети се за разликата во поимите: наратор и авторот на текст. Всушност, авторот го создава – обмислува, смислува нараторот – раскажувачот).

## ДУЊИТЕ НА БАБА МИ

Дуњите на баба ми беа жолти, мирисливи и стоеја на орманот. Така секоја есен. Многу ги сакав тие плодови. Тие незапирливо ме привлекуваа во собата на баба ми.

А беше тоа чудна соба. Соба со дуњи. И денеска се сеќавам: баба ми еден ден ме повика:

– Ајде, душичке на баба. Денеска ќе береме дуњи!

Зедов една кошничка и полека со баба ми одев кон градината. Се качував на дуњите, ги кинев внимателно плодовите и еден по еден ги фрлав во широката престилка на баба ми. Но, дуњи имаше многу повеќе отколку што можеа да се наредат на орманот. Од вишокот таа го правеше најубавото слатко на светот.

Кога имав осум години, наеднаш се разболев. Родителите сакаа да ме однесат в град на лекар, но баба ми не дозволи.

– Ништо не му е! Обична настинка, ќе видите!

Потоа ја презеде грижата околу мене. Ми раскажуваше приказни, ми даваше чаеви од некои тревки што лекуваат и честопати ми даваше слатко од дуњи. Постојано ми ја мереше температурата. Мислам дека

тогаш воопшто не спиеше. Колку пати само ја почувствував нејзината мека рака на челото. Бев навистина сериозно болен. Но, немаше таква болест која баба ми не знаеше да ја лекува. И сега сум сигурен дека таа година ме излекуваа нејзините дуњи.

**Јовица ЃУРЃИЌ**

### ♣ Учиме низ разговор

- Во кое лице е раскажан текстот? (Потврди го тоа со посочување глаголи.)
- Текстот е раскажан или прераскажан? (Размисли за одговорот кој ќе го дадеш; кои елементи придонесоа да го дадеш тој одговор.)
- Поразговарај и за редоследот на настаните. (Во тоа може да ти помогне прераскажувањето на фабулата.)
- Што претставува хронолошкото раскажување?
- Раскажувањето на настаните според редоследот како што се случувале претставува **хронолошко раскажување.**

### ♣ Да споредиме

- Прочитај го извадокот и спореди го редоследот на настаните од овој и од претходниот текст.

## ПРВО ПЕЕЊЕ

Ќе раскажам и за сеќавањата на она што ми го раскажуваа како дете. Овде, далеку од родниот крај, сеќавањата се многу важни... Мајка ми, според нејзиното кажување, и според кажувањата на свои блиски од нашата лоза, многу се израдувала кога сум се родил жив и здрав и својата радост не издржала да не ја искаже низ песна.

Пропеала, иако уште жалела по татка (умрел пред да се родам),

пропеала и проплакала. Како да сакала со своето прво пеење да ме задои со љубов за народната песна...

И моите браќа, Димитрија, Тане, Мате, Апостол и Наум, ја делеле радоста на мајка ми, но најзагрижен за моето растење бил братот Митре.

Тој ми беше најголемата поткрепа и ми го отвораше патот.

Неговите поучителни беседи се всадуваа во моето срце...

**Трајан ПЕТРЕСКИ**



## ♣ Разговор за текстот

- На кои мигови се сеќава раскажувачот (нараторот)?
- Од какви чувства била преплавена мајката?
- Со што сакала да го „задои“ мајката своето дете?
- Кој од браќата бил најзагрижен за најмалото дете во семејството?
- Преку чии кажувања раскажувачот бил запознат со она што го раскажува?
- Спореди го овој текст со извадокот „Дуњите на баба ми“ по начинот (редоследот) на кој се раскажани настаните.

## ♣ Заклучок

Согледа дека во текстот „Прво пеење“ раскажувачот ги раскажува настаните според сеќавањата. Таквиот начин на раскажување, со навраќање на настаните кои некогаш се случувале, се нарекува **ретроспективно раскажување.**

## ♣ Задачи за наредниот час

Поделете се на три групи и секоја нека добие една од задачите:

- **Првата група** ученици нека поразговараат со најблиските за сеќавањата кога сте се родиле. Потоа нека раскажуваат во прво лице, ретроспективно, според тие кажувања.
- **Втората група** ученици нека измислат друг почеток на текстот „Прво пеење“.
- Учениците од **третата група** нека го продолжат текстот „Дуњите на баба ми“ со хронолошко раскажување.

На часот дискутирајте за успешноста на извршената задача според барањата, за изразувањето, т.е. стилската обоеност на составите, но и за читањето.

## ♣ Потсети се

(Индивидуална задача)

- Потсети се на разликата меѓу раскажување и прераскажување.
- Прочитај ги следниве творби и определи кој текст е раскажан, а кој е прераскажан.

# МИЛОСИЈА

Дедо со наведнатата глава, брскум, ги оставаше зад себе лозјата, градините, лединките, тоа прекрасно царство што сееше мирис на златен животец. Ги прескокна ендеците, браздите, меѓите, газејќи ја штотуку пркнатата зелена трева, како да е сам.

Го прашав:

– Што ќе работиме денес, дедо?

– Откако ќе се наручаме дома, ќе се вратиме пак овде. Јас ќе го прашам лозјето, а ти ќе го кршиш ластарот.

– Ова ќе биде последно кршење, нели дедо?

– Последно, и другите работи стасаа, треба да се плеви кокарот, да се вади пиперот, водата треба да се наврти во браздите. Водата не се качува лесно, ама ние ќе ја намамиме со многу работа.

Со многу работа, со многу работа, со многу работа. Ова го слушав и дење и ноќе, ова го слушав секогаш.

– Дедо, утре е празник, не ќе можам со тебе на нива... Знам, знам... Утре ќе одиш на сколието.

– Ако, ако, оди... Ако сакаш да не одам?

– А, јок. Ќе одиш.

– Само јас одам секој ден, дедо. Другите деца... Не гледај ги другите деца...

– Милосија, клекни! Стави си ги рацете на градите и лафи како што ќе лафам јас.

Го сторив она што го заповеда дедо. Имаше строг израз на лицето, некаков жаровит поглед, небаре со години горел голем оган во

неговите длабоки јами.

– Кажувај! – викна. – Дедо ми, баба ми, мајка ми, татко ми, сестрите ни, се слепи; и кога има сонце тие не гледаат; и кога е дење тие по темнина одат; слепилото е некогаш од бога, а нашата е од душмани. Јас нема да останам слепа; јас ќе учам, како што учеле сите учени луѓе; колку и да ми е тешко, по снег, по дожд, јас ќе чекорам по тој светол пат, амин!

Колку време дедо ми ја стокмувал таквата заклетва, штом одеднаш ја истури во мојата глава? Не знам. Тешко ми беше и потоа да го прашам. Дури сега знам зошто тој ме заколна.

**Ката МИСИРКОВА-РУМЕНОВА**
(извадок од романот за деца „Милосија")



## ЕЗЕРСКА БАЈКА

Чул Крсте дека од онаа страна на езерото на врбите растат готови свирчиња, изворите се од лимонада, на белите врвови на Мокра не е снег, туку сладолед и кој знае што сè не! И, решил да појде во таа земја Дембелија, зашто таму и цвеќињата биле од шарен шеќер. Дури и боцките.

Станал рано, дошол до брегот на езерото, влегол во туѓ рибарски чун и завеслал.

Водата била мирна, сонцето греело. Крсте малку веслал, малку си починувал, сè додека лек ветрец не се лизнал по водата и не ја разбранувал. Допливала оддалеку магла и ја покрила Галичица. Густ темен облак се спуштил над езерото. Галебите со крикање се изгубиле.

Чунчето, нападнато од запенетите бранови, се занишало и заиграло. На неговото дно се собирала вода, па можело сѐ да стане... И станало.

Крсте се исплашил. Знаел дека бурата може да го довлече до дното на водата и се обидел да весла. Но, бил преслаб да се бори против ветерот. Се згрчил и завивал по помош. Никој не го чул од грмотевиците и ненадејниот плисок.

Не видел никого и ништо – ни сонце, ни галеби: голем заматен бран го поклопил и чунот и детето, и тоа не знаело дали ова е сон или не. Кон чунот се тркалал втор бран; личел на куче, па на лебед, најпосле се претворил во маѓепсник со црвени очи и бела брада...

**Славко ЈАНЕВСКИ**

## ♣ Заклучок

Првиот текст е **раскажан.** Раскажуваме настани во кои сме учествувале или на кои сме биле сведоци.

Вториот текст е **прераскажан.** Прераскажуваме настани за кои сме слушнале, сме ги виделе или за нив сме читале.

## ♣ Работа по нивоа

- Прераскажи го првиот текст „Милосија“.
- Раскажи го вториот текст „Езерска бајка“.
- Биди раскажувач. Продолжи го текстот „Езерска бајка“.
- На текстот „Милосија“ промени му го воведниот дел, односно измисли нов почеток.
- На часот читај го составот. Дискутирај за точноста на извршената задача и за изразувањето на соучениците.

# ОПИШУВАЊЕ

## Литературно катче

**Описот** е битен елемент во литературната творба. Тој за читателот претставува **„слика со зборови“.** Поточно, опишувањето ни овозможува да си создадеме **визуелна претстава** за она што го читаме. Во творбите сретнуваме описи на ликови, предмети, природни појави, на природата воопшто, на објекти, на простории и сл.

Внимателно прочитај ги следниве текстови за да ја согледаш сликовитоста на описите и изразните средства кои авторите ги употребиле.

### ОГЛЕДАЛЦЕ НА ДЕТСТВОТО

Имав прекрасно огледалце. Најубавото, шарено огледалце. Досега не сум видел толку убаво огледалце. Татко ми дојде од некаде и ми го подари за еден роденден.

Го држев мило во рацете и не можев да му се изнагледам. Беше тркалезно и врамено во една широка рамка од растопен и разнобоен шеќер. Си играв со него, огледувајќи се и плазејќи го јазикот. Сакав да се видам како изгледам насмеан, како изгледам намуртен и како изгледам кога се кривам со устата и како трампарам нешто набрзина. И другарчињата од соседите ми завидуваа на тоа огледалце, та бев принуден понекогаш да ги прибирам во таа смешна и интересна игра.

За чудо, иако толку го сакав и секогаш спиев со него, едно утро се разбудив со празни раце. Го немаше ни во постелата. Не знаев што стана со него. Можеби помалото братче се излажа со шеќерот, та успеа да ми го земе шареното огледалце. Можеби некое од другарчињата се довлечка до креветот и ми го извлече од рацете додека спиев. Можеби татко ми го скри некаде за да го сочува засекогаш...

**Петко ДОМАЗЕТОВСКИ**

# ЕЛКА

Надвор врнеше снег. Паѓаше толку густо што можеше за момент човек да завее.

На децата не им беше до прошетка. Кај Андреја дојде Павле, а Каќа ги поведе своите другарки: Варвара, Зина и Дуња. Наседнаа околу масата, ставија на неа сè што донеле – црвена хартија, хартија за конфети, малку памук, шишарки од елка, желади, празна лушпа од јајце.

Училишната елка, висока до таванот, ќе биде поубава ако ја красат многу играчки.

Џагорот, разговорот и смеата не престануваа. Највредна и најснаодлива беше Дуња. Таа од желади и црни гранчиња направи вистински човек со шубара. А од шишарките и памукот направи Дедо Мраз. Андреја не заостануваше од неа. Тој направи коњ, а од празното јајце птица со опашка и крилја. Каќа исече бели и шарени снегулки и ги нанижа на конец. Зина бојадиса прстенчиња од хартија за да направи голем ланец околу елката...

Приквечерината им ја прекина оваа весела работа.

Снегот надвор престана да паѓа.

Децата истрчаа на улица. Андреја направи Снешко и го постави покрај портата. Каќа и Варвара му ставија на Снешко кошница на глава, а плеќите му ги покрија со стар ќилим за да не настине преку ноќта.

Кога се стемни, децата си отидоа дома. Снежната тишина ги покри покривите на куќите, дворовите и улиците.

Вечерта, покрај куќата на Андреја мина некоја старица.

Таа го погледна снежното страшило, се поклони и рече:

– Добра вечер!

Не измина ни чекор, промрмори налутено:

– Дали е глув, што му е? Јас му се јавувам, а тој не одговара!

Топлата печка што ја запали бабата, ги дочека Андреја и Каќа. Каќа седеше крај огнот. На коленото мачката ѝ предеше. Каќа гледаше во огнот. Пламенот се дигаше, си играше. Црвени проѕирни искри летаа на сите страни.

А на улицата мразот беше сè посилен. Новата година одеше низ околината и во шумата подготвуваше најубава елка за веселиот детски празник.

**Марија ВОРОНКОВА**



### ♣ Разговор за текстот

- Што е опишано во првиот извадок? Кои изразни средства (стилски фигури) ги користел авторот за да ја збогати сликовитоста на текстот?
- Прераскажи го вториот текст со свои зборови. Нагласи ги изразните средства на кои наидуваш при читањето на текстот.

## Литературно катче

Опишувањето на **предметите, природните појави, природата воопшто (пејзажите)** честопати се сретнува во литературните творби. Тие можат да претставуваат и теми на кои авторите ги создаваат своите творби, но можат да бидат застапувани и како делови на некоја творба во која се обработува друга тема.

Веројатно забележа во извадоците дека при опишувањето се користат и **аудитивни и визуелни** елементи.

Описите се сретнуваат и во лирски и во епски творби.

### ♣ Вежба за час

Двајца ученици добиваат задача текстот „Елка“ едниот да го раскаже концизно (кусо), а другиот опширно. Останатите ученици слушаат и одредуваат кој од учениците раскажал кратко, а кој раскажал опширно со тоа што ги бележат разликите.

### ♣ Одбери што ќе работиш

- Една група ученици нека напише состави во кои накусо ќе опише предмети. Другата група нека состави песни во кои ќе опише природна појава. А третата група нека твори описи од природата – пејзажи (во поезија или проза). (Можат да бидат и новогодишни.)
- Трите групи треба да користат стилски фигури, аудитивни и визуелни елементи.
- На часот читајте ги творбите и дискутирајте за успешноста во творењето (според претходно дадените упатства) и за стилот со кој се создадени (убави реченици, јасни мисли, богат речник).

# ОПИШУВАЊЕ ЛИКОВИ И ЛИЧНОСТИ

**♣ Размисли, согледај**

- Присети се на некоја детска игра што ти е омилена додека играш со другарчињата.
- Во следниов текст ќе сретнеш неколку ликови. Уочи како ги претставил авторот.

## НЕШТО ЗА НАШЕТО МААЛО

Јас живеам во една зграда, на третиот кат. Во таа зграда и во другите крај неа живеат повеќе деца, мои врсници, но не се дружам со сите. Најмногу се дружам со Ратко, Коле и Верче.

Ќе ме прашате зошто не се дружам со другите деца? Па ќе ви кажам.

Ете, да речеме со Митко... Со него не се дружам зашто постојано се прави дека сè знае. На сè наоѓа одговор. И цврсто е убеден дека е точно она што го вели тој. Така, кога игравме една игра на градови, тој се караше и тврдеше дека главен град на Љубљана е Загреб. И така ја доби играта. Зар можевме да му докажеме дека не е така? А еднаш пак, кога игравме ракомет, не призна чист гол, иако нему, како на голман, топката му мина низ раце. Велеше дека е преку пречката. Ви велам, со него не може убаво да се игра. Постојано тој е во право и постојано се кара.

А, Борче?

Со него не може да се разговара! Сè за некои каубојци расправа, сè му се вртат пред очи некои Индијанци! Па тој често го шара лицето со боички, става некои пердуви во косата и вика, и скока, и се валка, како да се наоѓаат пред него стада бизони, а не ние, неговите другари. И такви книги чита, во кои се раскажува за Индијанците, за Дивиот Запад, за каубојците. Па како да се дружам со него? Зар би можеле вие да играте со едно такво дете?

А, Миле?

За Миле можам да кажам само толку дека тој нема време за играње. Постојано оди од еден кај друг и се распрашува како треба да се решат домашните задачи. А, ако најде некој што напишал домашна работа, му треба цел час да ја препише.

Ист е сличајот и со Виолета. И таа нема време за играње. Постојано нешто учи, нешто чита – сака да има само петки во дневникот. А, не ѝ текнува дека за да добие петка по фискултура треба малку повеќе да трча со нас!

Ние четворицата, Ратко, Верче, Коле и јас, имаме петки по фискултура и сме најдобри на часот. Оттаму, можеби, доаѓа и нашето пријателство. Се разбира дека имаме и други петки, но не сме ги добиле со заедничко учење.

Така, на Ратко многу добро му одат јазиците и знае многу убаво да составува и разни песнички и раскасчиња, а Верче ги сака природните науки и реди петки во дневникот. Коле многу ја сака математиката и како од шега ги решава и најтешките задачи. Мене, пак, сѐ ми оди, само кога ќе запнам. А, тоа верувајте, не го правам на крајот од учебната година, туку уште отсега, од почеток. Иако не е за верување.

И така, Верче, Ратко, Коле и јас сме неразделни и најдобри другари во нашето маало. Заеднички одиме на училиште, в кино, заеднички си грицкаме семки и кикирики, а кога имаме повеќе време седнуваме и во слаткарницата на чичко Насе, татко ѝ на нашата соученичка Мира.

Навистина, прекрасно е човек да има верни другари!

**Михо АТАНАСОВСКИ**

### ♣ Разговор за текстот

- Со кого се дружел раскажувачот?
- Поради кои постапки на Митко тој не другарува со него?
- Какви книги читал Борче?

- Какви особини има Миле?
- Зошто Ратко, Верче и Коле биле неразделни другари со раскажувачот?
- Кои особини ги имале тие како ученици?

## ♣ Запомни

Ликовите се **носители на настаните** кои се раскажуваат во една епска творба. Значи, тие се носители на фабулата. Секој лик во себе носи **внатрешни (карактерни) особини и надворешни (физички) особини.**

Надворешните особини ги согледуваме од описите кои ги дава авторот на творбата. А внатрешните особини ги **согледуваме од зборовите на авторот и од постапките на ликовите.**

## ♣ Работа во групи – На час по изразување и творење

- Поделете се во три групи.
- Првата нека направи опис на ликот на Митко според тоа како е претставен во текстот, но и според тоа како го замислуваш неговиот надворешен изглед.
- Втората група нека ги опише Борче, Миле и Виолета.
- Трететата го опишува другарувањето на Ратко, Верче, Коле и раскажувачот според нивните активности во училиштето и надвор од него.

## ♣ Домашна задача

Напиши состав во кој ќе опишеш лик од текст што си го прочитал и ти оставил впечаток. На часот читајте од составите, дискутирај за успешноста во творењето, од најуспешните составите може да се направи ѕидното литературно катче.

## ♣ Спореди

Прочитајте ги внимателно двата текста. Споредете ги описите на ликовите и согледајте за какави ликови станува збор.

### ЛИКОТ НА ХАЈДИ

„Детскиот роман „Хајди“ ме воодушеви. Едноставно поскав да се најдам веднаш на прекрасните падини на швајцарските Алпи. Секако, претпоставувате дека ликот на малото девојче Хајди е најзаслужно што јас се вљубив во животот на планина. Но исто така влијаеше и врз моите постапки. Хајди докажа дека детското срце може да го стопи и најтврдиот камен. Нејзината добрина, другољубивоста, хуманоста, искреноста, ведрината ќе го смени животот на луѓето околу неа. Среќата што несебично ја зрачи нејзиниот лик се пресели и на мене.“

**(Извадок од ученички состав)**

### НАШИОТ ДИМЕ

„Диме е мојот прв сосед, но воедно и мој соученик и најдобар другар. Не

само мој туку и на целото одделение. Колку сме среќни што го имаме. Затоа ќе му го посветам составот нему.

Диме се досели во нашата зграда пред четири години. Неговиот татко добил работа во странство, па тој заедно со сестричката се пресели кај баба му која живее веднаш до нашиот стан. Таа порано ни раскажуваше дека нејзиниот внук е многу разбрано дете кое целосно му е посветено на книгите. Но, ние откривме дека тој е несебичен другар кој секому помага, не остава некој да биде без домашна работа, ни ги објаснува задачите со голема трпеливост. Знае да помогне во неволја, да се жртвува за другарството. „Сила“ е нашиот Диме...“

**(Извадок од ученички состав)**

- Веќе согледа дека во првиот извадок ученикот опишал **лик** од прочитана книга. А во вториот извадок, еден ученик опишува **личност,** односно својот другар.
- Значи, треба да правиш разлика меѓу **лик и личност.**

## ♣ Задача

(Секој ученик одбира една тема за која ќе зборува.)

1. Личност која ме воодушевува со своите постапки.
2. Запознав ново другарче.
3. Не сакам да наликувам на таа личност.
4. Прикажи ги добрите и лошите особини кај луѓето.

На час дискутирај за содржината што ја сработи.

# ИЗВЕСТУВАЊЕ (ИЗВЕШТАЈ)

- Во средствата за информирање: во весници, на радио, на ТВ секојдневно читаш, слушаш разни текстови од кои секојдневно дознаваш податоци за одредени настани кои го привлекуваат вниманието.
- Наброј теми кои ги обработуваат.
- **Прочитај го** следниот текст и обрни внимание на јазикот и стилот на кој е напишан.

## ДА ЈА САКАМЕ КНИГАТА

Во изложбениот салон на Градскиот музеј се одржа манифестацијата „Да ја сакаме книгата“ на која беа претставени уметнички изработки на учениците од сите основни училишта во Републиката.

Изложените предмети беа изработени од природен материјал со што тие го искажаа својот апел да се сака книгата, да се чита и да се твори. Учениците напишаа пораки со што на симболичен начин ги опоменаа луѓето да внимаваат на своите деца кои треба да ги воспитуваат во личности со високи вредности.

Беа застапени и многу цртежи со слики од природата, а учениците ги читаа  литературните творби во кои ја искажаа надежта дека човекот своите сили и можности ќе ги насочи да го подобри својот и животот на идните генерации.

**Од дневен весник**



## НАСТАНИ ЗА ДЕНОТ НА УЧИЛИШТЕТО

Одделенската заедница, на седницата што ја одржа, ја утврди програмата за претстојниот ден на Училиштето што треба да биде со свечен карактер поради претстојниот јубилеј. Учениците обмислија многу настани на кои треба да учествуваат секциите со свои изработки. Предвидено е да се изведе химна на училиштето, да се одржи концерт со хуман карактер и продажна изложба. За таа цел учениците својот ангажман во училиштето ќе го дополнат со активности во кои ќе ја искажат својата фантазија во добротворни цели. Заедницата реши да не го менува раководството сè до крајот на учебната година.

**Од состанок на одделенската заедница**

## ♣ Разговор за текстот

- Што дозна од прочитаните текстови? Какви настани се одржувале?
- На што апелирале учениците со своите изработки?
- Кого го опоменале децата и зошто?
- Што било искажано во литературните творби?
- Каква разлика уочи во јазикот што е употребен во овие текстови со оној употребен во литературна творба?

## ♣ Запомни

Текст во кој авторот **известува** за одреден настан при што врши избор на податоците за времето, местото и учесниците на настанот се вика **извештај.** Овој вид текст се пишува со прецизен и јасен јазик што влијае извештајот да биде разбирлив и објективен (вистинит).

## ♣ Спореди

Прочитај извештај од детскиот печат, а може да проследиш некој и во електронските медиуми. Раскажувај ги содржините и споредувај ги (по тема, содржина, јазик и сл.) во вид на говорна вежба.

## ♣ Вежба за усно изразување

Поделете се во групи и составете извештај на некоја тема. Разговарајте за особините на извештаите кои ги пронајдовте во вид на говорна вежба.

## ♣ Вежба за писмено изразување

Поделете се во групи и составете писмен извештај на следните наслови:

- Последнатата училишна екскурзија.
- Училиштен натпревар.
- Приредба по повод Денот на училиштето.
- Извештај од работата на училишна секција.

Во писмениот извештај потрудете се да ги употребите сите негови особини: јасен и прецизен јазик, податоци за настанот, време и место на одржување, учесници.

Наредниот час читајте ги и разговарајте за извештаите и за тоа дали се правилно напишани.

# ВЕСТ

## ♣ Размисли

- Согледај кои елементи (податоци) ги содржат текстовите кои следат.

### НАЈДОБРИТЕ НА ОЛИМПИЈАДА

Ученици од сите училишта во земјава, викендов учествуваа на квиз-натпреварот што го организираше Градскиот сојуз. Тие ги претставија своите знаења од областа на мајчиниот јазик, математиката, биологијата, хемијата и географијата. Екипно најмногу бодови им припаднаа на учениците од Кавадарци. Тие беа победници во двата круга на натпреварот кој содржеше прашања од наставниот материјал, но и прашања од општата култура. Наградените ученици ќе одат на Олимпијадата на знаења во Москва.

**Од ученички весник**



## ЛИТЕРАТУРНА ШКОЛА

Училишниот одбор на Училиштето вчера, на состанокот одржан во 18 часот во наставничката канцеларија, донесе одлука ова лето да се организира летна школа по литература за сите заинтересирани ученици во детските одморалишта на Пониква и Голак. Смените се организирани на секои десет дена, а ќе биде вклучено и разгледување на историските споменици во околината на туристичките места, сè со цел учениците да имаат креативен одмор.

### ♣ Разговор за текстовите

- На кои прашања може да добиеш одговори од текстовите?
- Наброј кои податоци ги дозна од текстовите.

### ♣ Заклучок

Кусото известување за некој нов и значаен настан се вика **вест.** Таа е основен облик на новинарското известување. Веста треба да биде навремена, вистинита, актуелна, интересна и да дава одговор на прашањата: **кој, што, каде, кога, зошто, како.** Во веста се запознавате со одредени податоци за некој настан во кратки црти (место, време, повод, причина, тек на настанот, носител), со **јасен и прецизен јазик** карактеристичен за новинарскиот потстил. Веста е јадро на сите други облици на новинарското творење. Вести читаме во весниците, а тие се составен дел и на вестите на радио, ТВ, но и на електронските, односно на интернет-порталите.

### ♣ Задача

Проследи неколку вести од информативните електронски медиуми или прочитај во весниците. Пронајди ги во нив одговорите и податоците кои треба да ги добиеш од веста.

### ♣ Индивидуална работа

Напиши вест за настан од твојата околина и презентирај го на часот. Анализирај ги јазикот и содржината на веста. Употреби ја и својата фантазија за да соопштиш вест која сакаш навистина да ја чуеш (прочиташ).

# СЦЕНСКИ ИЗВЕДБИ

## (ДРАМАТИЗАЦИЈА)

- Прочитај го внимателно текстот во себе, размислувајќи за постапките на ликовите и на примена на елементите за изразно читање.

### ОГЛЕДАЛЦА

Седам до прозорецот и гледам во дворот. Дождот тукушто е престанат. А пред малку силно тураше. Право да ви речам, полн бев со задоволство. Толку убаво удираше по стреите, плускаше во прозорците и правеше меурчиња по вирчињата во дворот. По жицата оптегната за алишта патуваа капки. Јадри киако бисери. Штом едните ќе паднат, веќе други тргнале.

Поубаво нема. Мислам, барем за мене. Вака би се пулел ако сакаш цел ден. А можеби и повеќе од толку. Во собава друго немам што да правам. Сите дома ме оставаат на мир. Нека ти помине, велат, па после ќе видиме. Ќе ти најдеме работа. Лепчето не доаѓа така...

Добро, им благодарам за тоа! Но, вака од здодевност немам што да правам. Ја опфаќам ракава – сè уште ме боли. По патот оддалеку ми допира викање.

– Алвичкааааа! Благааааа алвичкааааа!

Тоа е Екрем, оној, алваџијата. Но јас ушиве ги стискам со прсти. Не сакам да слушам. Така ти е, заради неа, црви ја изгризале, јас вака си настрадав.

А еве ќе кажам:

Пред неколку дена се собравме пред училиштето. Ете ти го Екрем со таблата на гуша. Се развртува кај училиштето и поттргнувајќи се од војниците, ни довикнува:

– Алвичка, блага алвичка!

Добро му е тоа, си ја фали стоката. Ама камо пари? Дома секој динар се гледа каде оди. „Камо назад пари“, ќе ми свика мајка ми. „Уште динар ти вратија од солта. Отвори ја устата!“ Ми го пика прстот и динарот го вади од под јазик.

И , ај, сега ти плачи си везден.

– Алвичка, блага алвичка, – и спотина Екрем.

– Ами како, сува како трици и мириса на мувла. Се згадувам и плукнувам настрана.

Децата се бунат:

– А – а, таква ли е!? – се тргаат од него.

– Не е, жими неа, жими лебот што го јадам со неа! Еве – на, пробај, – ми подава со ножето.

Земам. Ја меткам низ устава и мрморам:

– Хм, чудна ми е некако.

– Не, пробај уште малку. Пробај!

– Добра е, – повторувам и брзам да ја голтнам.

– Ете гледаш, на здравје нека ти биде!

Децата купуваат. Џвакаат низ и полека и ја вртат кон тебе. Мораш да заблазнуваш.

Крај дупката ископана за варница се собираат деца. Се расправаат нешто и ја мерат со очите. Го слушам Стојчета.

– Кој може да скокне преку неа?

Што ќе дадеш? – прашува некој.

– Алва!

– Колку?

– За стопарче. Да не сакаш кило?!

– Јас! – се јавувам и трчам.

– Еј, ај, да те видам!

Децата се тргаат и ми прават место. Варницата е широка, но за мене тоа не е ништо. Се залетувам и сјурнувам како ветар. Пред дупката некој ме подбутнува. Ми се сплетка чекорот и се струполив внатре, испружувајќи се како риба.

Кога стасав дома, целата рака ми отече.

Ете, таа алва, црви ја изеле, до каде ме донесе! Речиси цела недела сум затворен во соба. Среќа моја што прозорецот е свртен кон дворот. А потаму се гледа и патот: можеш да го видиш секој што ќе мине. Еве сега иде Стојче. Го запира Екрема. Рошка по џебовите и вади нешто. Пари се тоа знам. Екрем го лизнува палецот и откинува ливче.

Прозорецот сѐ уште го врамува Стојчета. Гледам: се оттргнува од Екрема и доаѓа ваму. Застанува пред портата и гледа во прозорецот. Го гледам и јас.

– Ела ваму, – ми мавта со раката. – Слези!

– Како ти е раката? – ме прашува Стојче.

– Уште два – три дена ќе можам да ја мрдам.

– Верувај ми, Војче, премногу бев загрижен. Сиве денови мислев: ах, дали ќе му помине... Мнозина ми велеа: Му отиде раката! У – ха, сета е искршена. Белја! Ќе го носат в болница за да му ја сечат. Ќе заплачев, верувај ми, Војче. Мајка ми ја терав да те види како си. „Ајде, вели, што ме тераш мене! Тебе ти е другар.“ И еве јас дојдов. Само те молам да ми простиш. И... и нема да се лутиш?

– Боже пази, зошто да се лутам?

– Јас те турнав... Сакав само така... да направам смеа. Не помислив што

може да стане. А потоа премногу се уплашив. Немав смелост... Ми простуваш, Војче?

Го гледам, подголтнува. Намовнат е целиот. Ја наведнувам главата и гледам пред нозете:

– Ти простувам, – велам.

– Сега ми е полесно. Многу ти благодарам. Еве ти ја алвата: заслужено ја имаш. Ако не ти попречев, знам, ќе ја рипнеше... Молчевме обајцата. Сонцето одблеснува во вирчињата пред нас. Убаво е да се гледа во нив.

– Види што е огледалца! – го мушнувам Стојчета покажувајќи му со рака.

– Наши се, – вели и се стрчува кон нив.

**Јован СТРЕЗОВСКИ**



## ♣ Размисли

- Каква глетка е опишана низ прозорецот?
- На каква случка се присетува раскажувачот на Војче? проверете го прашањето.
- Кој бил виновен за неговото страдање?
- Како постапува неговиот другар Стојче по немилиот настан?
- Што симболизираат огледалцата во водата?
- Анализирај ја формата на текстот.

## ♣ Подготовка за драматизација

- Одберете ученици кои ќе ги толкуваат улогите во текстот.
- Останатите ученици добиваат задача: да подготват дел од училницата како сцена, да изработат цртежи во врска со содржината на текстот, да донесат некои реквизити (спомнати во текстот), да обезбедат тивка музика која ќе се слуша на моменти во претставата и сл.

## ♣ Сценска изведба

- Учениците ја изведуваат претставата, применувајќи: дијалог, раскажување употребувајќи правилна интонација на гласот, дикција, движења на сцената.
- Успешноста на претставата учениците нека ја наградат со аплауз.

### ♣ Драматизација на драмски текст

Сценски (импровизирано) изведете го следниот драмски текст по улоги (со мимики, гестови, движења, со правилно изговарање и акцентирање на зборовите и сл.). Применете ги упатствата од претходната вежба што ги следевте за драматизација на расказот. (За драматизација можете да одберете и друг драмски текст по претходен договор.)

## МАКИТЕ СО СААТОТ

( *Томче е син на богатиот чорбаџи Теодос, кој е вљубен во Стојанка, сиромашна девојка, за која татко му не му дава да се ожени. Татко му има лош карактер од кого се плашат сите во куќата. Вистинска паника настанува кога ќе застане саатот во куќата и кога домашните нема да знаат кога да го разбудат чорбаџијата, кој поради тоа може сериозно да се налути. Во тие моменти доаѓа Томче кој ја наговара мајка му да го убеди татко му да му дозволи да се ожени со Стојанка.*)

ТОМЧЕ: (*Убав младич, со тенки мустачиња и густа кадрава коса, но негрижливо облечен, блед, потиштен, огорчен и инаетлив, чекорејќи полека, влегува.*) Што мајко?

КЕВА: Дај го саатот, Томче.

ТОМЧЕ: (*Бара каде што му стои саатот.*) Го нема.

КЕВА: Леле.

НАЦА: Ете ти сега,

СПИРО: Си го изгубил?

ТОМЧЕ: Не.

СПИРО: Та, не си го, безбели, да простиш, чорбаџи Томче, не си го голтнал наместо локум?

ТОМЧЕ: Го заборавив во елекот.

НАЦА: Одам да го донеам. (*Излегува.*)

СПИРО: Тоа ти е седно: да не си го заборавил елекот, би го зел и саатот, а да си се сетил да го земеш саатот, би го зел и елекот. Тоа ти оди едното со другото како умот со главата. Кога ќе заборавиш каде ти е главата, ќе го заборавиш и умот.

НАЦА: (*Влегува со елекот.*) Еве ти го елекот, чорбаџи Томче.

ТОМЧЕ: (*Го вади од џебот саатот и го клава на уво.*) Не работи. Не сум го... (*Го навива.*)

НАЦА: Пак ништо.

КЕВА: И овој...

СПИРО: Ова ти е... удрила чума во саатовиве! Саатот на чорбаџијата на поправка, оној застанал, овој не работи...

КЕВА: Што ќе правиме? Знаеш, Томче сине дека татко ти заповеда да го разбудиме за на лозје. А еве не знаеме кое време е.

ТОМЧЕ: Нејќам да знам за тоа! Јас знам само едно: уште еднаш ќе прашам. Ако рече пак не, ќе се отепам!

КЕВА: Леле, леле, сине!

ТОМЧЕ: И него ќе го отепам! Сега ќе го отепам! (*Појдува кон вратата.*)

КЕВА: Леле, држи го, Спиро!

СПИРО: Пушти го, чорбаџике, токму да го разбуди чорбаџијата!

ТОМЧЕ: (*Се враќа.*) Да го разбудам? А, тоа нејќам!

СПИРО: Бош работа, и нему му е страв!

ТОМЧЕ: За инает нејќам! Нека задоцни, па жив да се изеде! Толку се фали сѐ на време станува, па сега нека задоцни! (*Седнува на миндерот и инаетливо запалува цигара.*) Сите да му се смеат!

СПИРО: Ама некој ќе плаче за тоа. Туку јас да смислам нешто. (*Кратко молчење.*) А! Ми текна! Ќе одам кај брат Арсо, ако не кинисал на лозје арно ќе биде, ќе му речам да почека. (*Излегува.*)

НАЦА: Ајде да видиме и тоа...(*Излегува.*)

ТОМЧЕ: Е, многу ми е ќеф што ќе задоцни!

**Васил ИЉОСКИ**

(Извадок од драмата „Чорбаџи Теодос“)



# ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ
## РАСКАЖУВАЊЕ

**Размисли**

- Потсети се на ученото за разликата меѓу раскажувањето и прераскажувањето.
- Додека го читаш текстот, размисли како би постапил ти да си на местото на јунакот.

## ИЗГУБЕНОТО ЌЕСЕ

Шутирајќи со ногата по снегот, удри во нешто. Се чу необично ѕвечење. Тој љубопитно се наведна и виде дека е ќесе со пари. Го истресе снегот од ќесето и со широко отворени очи го отвори:



– Леле, колку пари! – прошепоти, а жештина го полази низ грбот.

Почна да му се мати во главата. Се притаи во сенката на првата врата и штом минувачите на улицата одминаа, ги преброи парите во ќесето. Кога виде колку многу пари има внатре, затрепери. Ни самиот не знаеше дали од радост или од страв. Пред очите му поигруваа една по друга неисполнетите желби. Задишан, бргу го стави ќесето в џеб.

Улицата водеше право кон чаршијата. Оддалеку допираше глуво мрморење. Тој задоволно запре пред првиот излог. Светнатите очи му ги привлече шареното ноже, кое по којзнае кој пат, го галеше со погледот. Вечерва му се пристори поубаво, попривлечно.

Ја стави раката во џебот и почна да го стега ќесето. Во следната продавница има уште поубави играчки... Разбранетата река од народ го носеше и тој бесцелно одеше. Се кршеа крилјата на неговите желби.

– Ами, ако тато ја изгубеше заработувачката? Што ќе станеше со нас? – му проструи низ главата. – Како ли му е сега,

по оваа зима, на тој што му испаднало ќесето?

Одеднаш се затрча, бегајќи од вревата и од луѓето. Се најде во паркот. Задишан застана под првата светилка. Веќе успокоен, го отвори ќесето и ја разгледа содржината. Најде лична карта и ја прочита адресата. Нозете му потрчаа како две разиграни коњчиња. Во таа состојба далечината и студенилото за него немаа никакво значење.

Ја имаше одминато бараната куќа и се врати назад. Во малиот и темен двор го пресретнаа
две слабо осветлени прозорчиња. Застана пред едното и се загледа внатре. Веднаш го препозна човекот од личната карта. Сновеше низ одајчето, безнадежно собирајќи ги рамењата. Исплакнатите очи на жена му страдно беа загледани некаде. Две мали девојчиња
поттрчнуваа по таткото...

Без да тропне, влезе во собата и забрзано, со истегната рака, му го подаде ќесето на човекот. Вчудоневиден, човекот отскокна и му пријде. Сакаше да му заблагодари, но тој, чесниот наоѓач, веќе се имаше изгубено во ноќта.

**Борис БОЈАЏИСКИ**

## ♣ Разговор за текстот

♦ Како се чувствувало детето кога го отворило ќесето?
♦ Која мисла го поттикнала да стане чесен наоѓач?
♦ Што видел во куќата на сопственикот на ќесето?
♦ Текстот е раскажан или прераскажан? По што го согледа тоа?

## ♣ Размени мислења

♦ Разговарајте што би сториле кога би се нашле во ситуација во каква се нашол јунакот од текстот. Најинтересните искази запишете ги во тетратките како пораки.

## ♣ Домашна задача

♦ Раскажи настан во кој имало двоумење каква одлука да се донесе. Составот треба да е кус, составен од 10 до 12 реченици.
♦ Читај го составот на час, вреднувај го со дискусија. Од најуспешните да се направи ѕиден весник.

# ПРЕРАСКАЖУВАЊЕ

**♣ Размисли**

♦ Додека го читаш текстот, размисли како ќе го прераскажеш.

♦ Исто така, размисли кој би требало да се срами од својата постапка, девојчето или момчето.

## КОЈ ТРЕБА ДА СЕ СРАМИ



Едно дево[illegible]учајно му паднаа парите. [illegible] кога тоа го стори едно црвенокосо момче. Тоа се наведна да ги земе парите, но во тој миг девојчето извика:

– Не смееш да  ги гибаш! Тоа се мои пари!

Девојчето тоа го рече толку силно, што сите се свртеа во тој правец.

– Се разбира, твои се!   – рече момчето и му ги подаде парите. Затоа и ги зедов за да ти ги дадам.

Девојчето му ги истрга парите од рака и брчкајќи го тенкото носе налутено рече:

– Што се оправдуваш? Ти сакаше да си ги земеш!?

– Се лажеш, девојче, – учтиво но навредено, одговори момчето. Тоа не очекуваше вакво обвинување, се збуни и поцрвене.

– А зошто тогаш се вцрви? – не престануваше девојчето.

– Сега ти е срам! Се срамиш!

Покрај нив стоеше еден човек со кусо палто. Тој го потапка момчето по рамо и го пофали гласно сите да го чујат:

– Те набљудувам и гледам дека си добро момче! Двапати направи добро дело: Ги крена парите на девојчето – тоа е првото. Се вцрве место него – тоа е второто.

Девојчето ги слушна овие зборови и во тој миг му се зарумениja образите. Тоа, бездруго, сфати кој требаше да се срами.

**Петре ДУБОЧКИН**

## ♣ Анализирај, коментирај

**♦ Каде се случил настанот раскажан во текстот?**
**♦ Која била намерата на момчето кое ги подигнало парите?**
**♦ Коментирај го однесувањето на девојчето.**
**♦ Што мислиш, зошто момчето се вцрвело?**
**♦ Како го објаснил настанот човекот со кусо палто?**
**♦ Анализирај ја пораката од овој текст.**

## ♣ Задача – вежбај прераскажување

♦ Прераскажи ја накусо содржината на текстот во тетратката и презентирај го составот на час.

# ОПИШУВАЊЕ

## ♣ Присети се и разговарај

♦ Веќе учеше што е тоа опис, каква е улогата на описот во литературната творба и што
сè може да биде опишано.
♦ Присети се на тие знаења и поразговарај за нив.
♦ Прочитај ги извадоците и анализирај ги описите во нив.

„Мајката дојде оддалеку; дојде од село коешто од градот беше оддалечено добри четири часа. Нејзините машки чизми, коишто допираа до колената, беа сосема покриени со кал. Дури и здолништето на широката селска сукња со зелени цветови беше испрскано...“

**„Грев“ – Иван ЦАНКАР**

„Го држев огледалцето мило во рацете и не можев да му се изнагледам. Беше тркалезно и врамено во една широка рамка од растопен и разнобоен шеќер...“

**„Огледалце на детството“ – Петко ДОМАЗЕТОВСКИ**

„Започна пролетта. Стануваше потопло и во дворот меката и нежна трева се претвораше во зелен килим. Дрвјата стоеја гордо зашто на нивните гранки се мешаа нијанси од зелени лисја со белината и со нежно розовата боја на цутовите. Синото небо беше чисто и сонцето слободно ги постилаше зраците на земјата...“

**„Беше пролет“ – Татјана ЈОВАНЧЕВСКА**



**Автор на цртежот:**
**Бојана Андоновска, ученичка**

♣ Домашна задача – писмено изразување

♦ Напиши состав во кој ќе опишеш една природна појава. Користи и од зборовите кои се наведени, во зависност за која појава ќе пишуваш: завива, фучи, свири, нежно, гали, освежува, лие, капе, истура, роси, снегулки, густи облаци, снежна завеса, крупни, ситни и др.

♦ Читај го составот, дискутирај и вреднувај го со помош на наставникот.

# ЛИК И ЛИЧНОСТ

♣ Присети се

♦ Објасни ги термините **лик** и **личност** за кои веќе учеше.

♦ Прочитај ги извадоците кои следат, напишани од писател и од еден ученик.

♦ Согледај ги описите на лик и на личност кои биле и теми на нивното писмено изразување.

„Јаким стоеше и немо гледаше накај морето. По неговото оцрнето старечко лице се набираа и згуснуваа неразгонливи облаци. Кој ќе му го забележи сега копнежот по онаа мирисна, светла мугра – последната што ја виде и што ја осети во родниот крај...“

**Иван ТОЧКО**

„Да, Горан е мој најдобар другар. Учиме во исто одделение и се дружиме секојдневно, на училиште и дома. Тој е високо момче, со црна коса како абонос и кафени очи. Велат дека е убаво дете, а јас повеќе ќе пишувам за неговата добрина, трпеливоста, дружељубивоста и културното однесување...“

**Симон Андоновски, ученик**

### ♣ Разговарај, размислувај

♦ Во кој извадок е опишан лик, а во кој личност?
♦ Што е опишано во првиот, а што во вториот извадок?
♦ Нагласи ги физичките и карактерните особини на ликот и на личноста.

### ♣ Примени ги знаењата – работа во групи

♦ Поделете се на две групи. Членовите на едната група опишуваат лик од прочитана книга, а другата група опишува личност (другар, другарка, сосед, роднина, минувач и сл.). Составите ги пишувате според следнава шема:

**Портрет**

**Вовед** – ликот/личноста која се опишува

**Разрабока –** физички и карактерни особини на ликот/личност

**Завршен дел** (заклучок) – твојот однос и размислувања за ликот/личноста.

♦ На час од подрачјето Изразување и творење читајте ги составите, дискутирајте и вреднувајте ги (изразното читање, јазикот и стилот кои биле применети, правописот, естетиката).

# ВЕСТ И ИЗВЕШТАЈ

♣ **Присети се, спореди**

♦ Веќе учивте што е **вест**, а што **извештај** и кои се особините на овие видови известувања.

♦ Прочитај ги текстовите кои следат размислувајќи за видот и за нивните особини (кој текст е вест, а кој извештај).

## 19-ти Државен натпревар по прва помош

На 25-ти септември се оджа 19-тиот државен натпревар по прва помош чиј домаќин беше Црвениот крст на Град Скопје.

Натпреварот се одвиваше на 14 работни места кои беа лоцирани на Плоштад Македонија, Скопската чаршија, кај споменикот на Скендер Бег, Жена парк и Градски трговски центар, каде што 25 најдобри екипи од целата држава имаа можност да укажат третман на повредените во итни случаи.

Првото место за најподготвена екипа по прва помош го освои екипата од ООЦК „Кисела Вода“. Второპласирана беше екипата на ООЦК „Карпош“, додека третото место им припадна на членовите од екипата на ООЦК „Центар“. Натпреварот претставуваше одлична можност за сите екипи да ги потврдат своите знаења по прва помош и да се забавуваат.



# Црвениот крст присутен на сите културни и спортски манифестации во градот



Тимовите на Црвениот крст за давање прва помош и транспорт на повредени, веќе се постојано присутни на сите културни и спортски манифестации во градот Скопје.

Би издвоиле некои од нив: Скопски маратон, излетот организиран од Американската стопанска комора со Американската амбасада, ревијалниот турнир Одбојка на Градска плажа, турнирот Одбојка на плажа за учениците од средните училишта, турнир во баскет, велосипедски трки, обезбедување на меѓународната манифестација искачување на Голем Кораб, фудбалски турнир во Триангла, фудбал во женска конкуренција, планинарски ден за дипломатите на Шар Планина, ТЕХНОМА на Скопски саем, бела ноќ и др.

## ♣ Биди креативен

**♦ Една група ученици пишуваат вест, а друга извештај.**

**♦ На час од подрачјето изразување и творење читајте ги составите, дискутирајте за нив и од најуспешните Новинарската секција нека направи ѕиден весник.**

# ДИКТАТ

## ДИКТАТ СО ПРОМЕНИ

**♣ Примени ги знаењата (Провери ги знаењата)**

♦ На часот ќе биде реализиран т.н. **диктат со промени**. Додека наставникот диктира, ти пишуваш во тетратката (уредно и разбирливо).

♦ Со овој диктат ќе ги провериш твоите знаења за категоријата начин кај глаголите, но и за употребата на интерпункциските знаци кај директниот говор кои се тесно поврзани со правописот.

♦ Твоја задача е да го промениш исказниот начин во заповеден или можен начин, според потребите, внимавајќи на правописот кај директниот говор.

### ИЗЛЕТ



Наставничката влезе и ни рече дека утре ќе одиме на излет.

Утредента сите ученици дојдоа пред училиштето. За половина час стасавме на една зелена ливада. По кусо време сите сакаа да јадат. Се собраа заедно, но Борче седна настрана зашто сакаше да јаде сам. Наставничката му рече да дојде и да јадат заедно зашто така е повкусно.

Откако се најадоа, учителката праша да не заборавиле нешто. Учениците се сетија дека треба да ги соберат отпадоците. Наставничката им рече дека е среќна зашто знаат како да се однесуваат.

♦ **Откако наставникот ќе ви го покаже правилно напишаниот текст, спореди ја точноста со твојот диктат коригирајќи го. Така ќе ги провериш своите знаења за овие содржини.**

# ТВОРЕЧКИ ДИКТАТ

♣ **Примени ги (провери ги) знаењата**

♦ **Творечкиот диктат** бара да ги промениш зборовите и изразите кои ќе ги посочи наставникот со твои зборови изрази, при што ќе го збогатиш текстот и ќе го презентираш богатството на твојот речник, односно на твоето писмено изразување.

♦ Ако сметаш дека можеш да го промениш и насловот на текстот со посоодветен, или друг дел од текстот, можеш да го сториш тоа.

## ОГЛЕДАЛЦА

„Седам до прозорецот и гледам во **дворот.** Дождот тукушто **е престанат**. А пред **малку** силно **тураше**. **Право да ви речам**, полн бев со задоволство. Толку **убаво удираше** по стреите, **плускаше** во прозорците и правеше меурчиња по вирчињата во дворот ____________________.
По жицата отегната за алишта **патуваа** ______________________
капки. **Јадри** како бисери. Штом едните ќе паднат, веќе другите тргнале. Поубаво ____________________ нема. Мислам, барем за мене
________________________________...“

♣ **Вежба**

♦ На час реализирајте **диктат со промени** во парови (двојки). Наизменично диктирај дел од текст со другарчето со промена на зборови со синоними. Извршете меѓусебна проверка.

# МЕДИУМСКА КУЛТУРА

# ВИДОВИ МЕДИУМИ
## (ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ )



**♣Подготви се за работа**

- Разгледај неколку печатени и електронски изданија на дневни весници и списанија што излегуваат во нашата земја. Прочитај неколку вести и согледај како се групирани според областа што ја претставуваат.
- Анализирај ја нивната содржина. Размисли каква функција имаат фотографиите што ги уочи на страниците на весниците.





- Проследи дел од програмата на телевизија и на радио. Направи разлика помеѓу информациите пренесени во весниците со оние на телевизија или радио.

 



## ♣Да биде појасно

**Весниците и списанијата** се печатат и информациите ги пренесуваат во **печатена форма** на хартија, но и во **електронска форма** преку своите интернет-портали.Тие информираат за случувањата кај нас и во светот, а читателите тоа го читаат и сликата за настаните ја замислуваат во што им помагаат **фотографиите.** Во печатените медиуми има повеќе **рубрики** кои нудат информации од земјата, од светот, од културата, забавата, спортот и сл.

Електронските медиуми ги восприемаме  на телевизор, на радио, на компјутер. Тие се мошне популарни средства за информирање, забава и комуникација меѓу луѓето. Таков е случајот со интернетот кој стана медиум за масовна комуникација.

## ♣ Активности на час

Прочитај информации од повеќе рубрики во весници и списанија и дискутирај за разликите што ги откри во содржината на текстовите. Можеш да ги користиш и интернет-изданијата на дневните весници и списанија.

# КНИГАТА КАКО МЕДИУМ

♣ **Подготовка за час**

- Секој ученик да ја донесе на часот својата омилена книга.
- Се остава време учениците да ги разгледаат книгите, од првата до последната страна, меѓу себе да поразговараат, да погледнат и од книгите на своите другарчиња.
- Се поведува дискусија што забележале во книгите (деловите во нив и сл.), како настанала книга.







## ♣ Заклучи

**Книгата** ја создава автор кој првичната идеја ја разработува во содржина која читателот ја чита во испечатена или електронска верзија обликувана со следниве елементи:

Книгите имаат: корици со наслов и автор, имаат страница за издавач, уредник и сл., имаат и други елементи.

Литературните дела содржат и:

а) **пасус** – печатена целина од еден до друг нов ред;

б) **предговор** – дел кој е напишан со цел читателот да се упати во содржината на делото;

в) **поговор** – следи по крајот на содржината и е посебен текст во кој се дава оценка за делото, се анализира критички, а може да содржи и

биографија за авторот, детали битни за животот на авторот кои влијаеле на создавање на делото;

г) **глава** – целина во содржината на делото која претставува заокружен дел на одредено случување. (Може да има поднаслови или главите да бидат обележани со бројки.)

д) **том** – делото може да биде составено од повеќе книги поврзани содржински во едно. (Пример: Сите народни умотворби собрани од Марко Цепенков се содржани во десет поединечни книги – томови.)



## ♣ Активност на час

- По договор се организира средба со писател. Разговарај за процесот на пишување книга.
- Потруди се да создадеш книга на тема што сам ќе ја одбереш, а може да побараш совет од наставникот и од писателот кој ќе те упати во техниката на обликување на првобитната идеја во содржина на книга.

## ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА

## (УЛОГАТА НА РЕЖИСЕР, АКТЕР, КОСТИМОГРАФ И СЦЕНОГРАФ)

♣ **Прочитај и согледај**

Додека го читаш следниот текст, размисли кој сè е вклучен во подготовката и во изведбата на театарска претстава.

### СПАСУВАЧКА УЛОГА

(Дејството во извадокот се случува во болница за деца каде театарската група изведува претстава. Горан е пациент во болницата и сосема неочекувано добива улога во претставата „Госпоѓа Министерка“ која се изведува пред болните деца.)

Горан го погледна непознатиот човек со очајнички израз на лицето и разбра дека треба да се уфрли во комедијата за да замени некој што беше отсутен. Според трите реченици што му ги спомнуваше, знаеше дека станува збор за некој епизодист.

Но, тоа за него беше нешто ново и неочекувано, па уште несогласен, тремата почна да му го фаќа јазикот.

До него дојде и министерката Живка да го охрабри.

– Ќе кажеш само три реченици, Горанче, ќе ни ја спасиш артистичката чест и ние за тоа ќе ти бидеме благодарни!

– Добро, ќе се обидам! – пропелтечи и ги збуни артистите небаре не умее чисто да зборува.

Режисерот почна да му објаснува:

– Ти ја имаш епизодната улога на момокот – не знаејќи како да му објасни – но јас тоа го приспособив како поштар. Ќе те облечеме во поштарска облека и кога ќе ти дадам знак, ќе влезеш на сцената каде што ќе те пречекаат артистите Чедо и Дара и ќе речеш:

– Дај ми го писмото ваму, но ти нема да му го дадеш, разбираш? Мирно ќе му одговориш:

– Наредено ми е да ѝ го предадам лично на госпоѓата Поповиќ!

Потоа ќе дојде госпоѓата министерка Поповиќ и ќе ти рече:

– За мене ли е писмото? – а ти ќе ѝ одговориш: – За тебе, госпоѓо, лично од секретарот господинот Нинковиќ. Ете, тоа е сè, Горане, три реченици и спас и за мене и за претставата. Ајде сега да се обидеме веднаш! – им рече тој на артистите што требаше да учествуваат во оваа сцена.

Чедо и Дара застанаа на едно место, а Горан поучен од режисерот небаре влегува однадвор, застана пред нив и повтори:

– Добар ден, имам писмо за госпоѓата министерка Поповиќ!

– Дај ми го ваму писмото! – му рече артистот Чедо.

– Наредено ми е лично да ѝ го предадам на госпоѓата министерка Поповиќ!

Министерката Живка се доближи до него, небаре првпат влегува на сцена и му рече:

– За мене ли е писмото?

– Да, госпоѓо, лично од секретарот, господинот Нинковиќ! – ѝ одговори Горан.

По оваа реплика сите се втурнаа околу него и му честитаа што толку успешно го надополни отсуството на заборавениот епизодист.

Режисерот Митко веднаш му ја поземе поштарската облека, му ја обеси големата чанта, му ги залепи мустаќите и го покри со широката поштарска шапка. За секој случај, да не се збуни на сцената и да ја расипе претставата, му рече:

– Горане, сине, ти треба да ни ја спасиш нашата артистичка чест и мораме да бидеме претпазливи. Во секој случај да запнеш и да не можеш да се сетиш на текстот, еве ти го напишав на пликот од писмото, кое го држиш в раце и нема да му го даваш на Чедо, а ќе си ги прочиташ репликите, разбираш?

– Разбирам – му одговори Горан, по малку охрабрен и среќен што набргу ќе се најде на сцената како артист кој ја спасува честа на другите артисти.

Немаше време за губење и претставата започна. Скриен зад сцената, режисерот Митко, му шепна:

– Горане, само спокојно, без трема, јас ќе ти дадам нишан кога ќе треба да се појавиш на сцената, јасно?

– Да, јасно! – му даде знак со тивок шепот и со нишање на главата.

Претставата полека течеше. Настапуваше на крајот од вториот чин и сѐ повеќе се возбудуваше. Му се тресеа колениците небаре имаше испиено литар ракија. Режисерот Митко го забележа тоа и му се доближи прегрнувајќи го и шепотејќи му:

– Горане, сине, ослободи се од тремата, ова е не е ништо. Замисли си да ги нема твоите другарчиња, така замисли, те молам! Горан се созеде од тремата. Најпосле дојде мигот и тој да се појави на сцената, а режисерот Митко му даде знак и му дофрли:

– Горане, само храбро напред, за мене и за твоите другарчиња! – и ги стегна палците.

При самото влегување тој се спрепна на долгите панталони. На едната страна му летна шапката, а на другата се наведна со чантата,

притоа мирно држејќи го писмото цврсто во рацете. Посегна по шапката, малку ја поднамести чанатата, а за тоа време од присутните деца кои не знаеја дека е тоа нивниот Горан, одекна силен аплауз за одглумената сцена на пијан поштар. Возбуден, режисерот Митко гласно рече:

– Отиде сè по ѓаволите! – и само што не се расплака.

– Како во сон погледна кон сцената и го виде малиот новопечен артист – епизодист Горан Јанески како се созема и цврсто држејќи го писмото во рацете, ја изговара првата реплика:

– Добар ден, имам писмо за госпоѓа министерка Поповиќ...

Режисерот Митко не им поверува на своите очи. Заплака од возбуда и почека што ќе се случи со другите две реплики. Горан ја изговори втората свртен кон Чедо и сè убаво течеше.

Потоа се појави министерката Живка и Митко слушна како го прашува таа:

– За мене писмо?

– Да, госпоѓо, од секретарот господин Нинковиќ.

Потоа Живка му рече:

– Благодарам! – му даде знак да си оди од сцената.

Горан се поклони и со поголема внимателност замина од сцената.

Режисерот одушевен и расплакан, го зеде во прегратка и му рече:

Горане, ако има Господ, а верувам дека има, ќе го молам да оздравиш уште овој миг и да се најдеш во нашите простории како артист аматер, но запомни: не епизодист, туку главен актер! Ти ни ја спаси нашата артистичка чест и ние ова нема да го заборавиме. Додека сме живи ќе се сеќаваме и ќе ја прераскажуваме ова сцена што беше твоја веројатно прва улога во театарска претстава.

Горан ништо не рече, туку се заслуша во аплаузот кој потоа

громна во салата, а беше поздрав и за него, и за сите што учествува во вториот чин кој штотуку заврши.

Од Горана се избриша тремата и тој како голем артист кој ја одиграл улогата, посака да седне до другарчето, да се врати кај публиката, но режисерот Митко го задржа, а еве и зошто: кога заврши претставата го зедоа артистите заедно со нив да се поклони пред насобраната публика.

Пред импровизираната бина дојде директорката Благородна Здравевска и како свое дете го крена во рацете и го бакна.Тоа го направи и чистачката Наталија која почна да плаче и не знаејќи зошто, а публиката дури тогаш сфати дека поштарот бил нивното другарче.



**Рајко ЈОВЧЕВСКИ**

## ♣ Размисли и одговори

- Каква улога има Горан во претставата?
- Кој ја има улогата на организатор во претставата?
- Какви упатства му даваат на Горан?
- Што се случило на почетокот на претставата?
- Како постапил Горан?
- Како реагирал режисерот?

## ♣ Заклучи и запомни

Изведбата на драмското дело на сцена во театар се вика театарска претстава. За нејзино успешно изведување на сцената се одговорни:

**режисерот –** ги организира сите уметнички и технички подготовки во врска со изведбата на драмскиот текст на сцената на театарот, дава идеја за подготвување на просторот во кој ќе се одвива драмското дејство, ги одбира актерите, дава упатства за нивната игра на сцената;

**актерите –** ги толкуваат ликовите, го претвораат пишуваниот текст во жив говор; на сцената доаѓаат до израз нивните творечки способности;

**сценограф –** задолжен е да се грижи за автентичноста на амбиентот во кој се одигрува театарската претстава; од него зависи визуелниот изглед на сцената;

**костимограф –** ја подготвува облеката во која ќе настапат актерите онака како што се опишани во драмскиот текст.

## ♣ Забелешка

Треба да се прави разлика меѓу поимот **артист и актер**. Артист е личност ангажирана во една или повеќе активности од областа на уметноста, особено во визуелната (музичари или друг вид изведувачи). Артистот создава уметност.

## ♣ Вежба

Проследи музички спот. Уочи каква улога има музичарот во спотот, освен пеењето на нумерата. Спореди ја неговата изведба со онаа на актерот во театар или на филм, или пак со онаа на ликовниот уметник кој создава слики. Какви сличности и разлики откри?

## ♣ Биди креативен

Подготви и изведи мала театарска претстава од учениот текст. Обрни внимание на интерпретацијата на текстот по улоги. Потоа оживеј ги ликовите и просторот во драмскиот текст со соодветна сценографија и костимографија. Публиката нека го изнесе својот коментар.

## ♣ Научи повеќе

- Со претходен договор да се организира посета на театарски простории при што ќе се прошират сознанијата за театарот како куќа во која се создаваат театарски претстави.
- Исто така, може да се повика режисер во вашето училиште. Разговарај за сѐ што те интересира во врска со театарската уметност. Така ќе ги збогатиш своите знаења за творечкиот процес на пренесување на драмското дело на сцена.







# МЕДИОТЕКА

## ПРОЕКТНА ЗАДАЧА

– Добив една интересна задача! – ѝ се пофали Јане на Марија.

– Како можам јас да ти помогнам? – праша Марија.

– Дојди со мене во медиотеката. Ќе видиш таму задачата самата ќе се реализира – одговори важно Јане.

Марија се зачуди, кусо размислуваше и го праша:

– Јас досега не сум посетила медиотека, би сакала да видам што има таму, можеби и мене ќе ми сработи некоја задача.

– Се шегував со тебе, Марија, таа нема волшебно стапче за изработки, но во неа има толку материјали за работа што ќе посакаш да доаѓаш често за да се дружиш со нив.

Натоварени со ранците полни книги се качија на вториот кат од библиотеката. Ги пречека свечена тишина полна со почит кон книгите. Влегоа во една просторија полна со полици. Љубезно се поздравија, а Билјана – вработената во медиотеката со блага насмевка им се понуди да им помогне.

– Треба на направам проектна задача за Денот на детето – се обрати Јане, вадејќи еден лист со упатства од наставничката што сè треба да сработи.

– Дојдете со мене, овде се сите материјали што ќе ти помогнат – им посочи Билјана две полици полни со книги, весници, списанија, разни брошури, постери, пакувања со филмски ленти...

– Разледајте ги убаво, а потоа послужете се со нив – посочи таа на телевизорот, компјутерот, проекторот со слајдови и на другите електронски уреди.

– Имаме полни раце работа, Марија, почнуваме со работа веднаш, ова навистина мами да направиме совршена задача – воскликна Јане.

– Петката и пофалбата веќе ни намигнуваат – весело возврати Марија, држејќи две списанија од чии насловни страни зрачеа насмеани детски лица.

(Од детскиот печат)





## ♣ Размисли и одговори

- Каде се упатил Јане за да ја сработи проектната задача?
- Што имало во медиотеката?
- Доколку имаш посетено медиотека, опиши ја и наведи што има во неа.

## ♣ Заклучи

**Медиотека** е специјализиран дел од библиотека или самостојно катче во училиште каде што освен книги, енциклопедии, прирачници, речници се чуваат и се документираат дневни весници, списанија, брошури, публикации, филмови и музика, книги во електронска форма, филмски ленти, слајдови за проектирање и сл. Опремени се со телевизор, проектори, компјутери со интернет, а во нив, исто така,се наоѓа документација од сите области на живеењето.

## ♣ Задача

- Направи проектна задача за некој од следниве наслови:
  Нашите први просветители.
  Татковината празнува.
  Другарството ме прави среќен.

- Материјалите за задачите искористи ги од медиотека. Доколку не ти е достапна, можеш да почнеш со нејзино оформување како катче во училиштето каде што ќе ги чуваш сите материјали што ќе ги прибереш од прочитани весници, списанија, книги. Компјутерот и интернетот ќе ти бидат од голема помош.



# ТЕКСТОВИ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА

| | |
|---|---|
| „Смртта на старецот“ | Георги Сталев |
| „Чудна снаа“ | Народна песна |
| „Сеќавање на стихотворбата“ | Иван Точко |
| „Песочна кула“ | Бошко Смаќоски |
| „Најслаткиот плод“ | Народна приказна |
| „Најскапоценото“ | Видое Подгорец |
| „Како расте татковината“ | Оливера Николовска |
| „Птицата не се врати“ | Горјан Петревски |
| „Сказни за иднината“ | Дубравко Хорват |
| „Цреовото топче“ | Трајан Петровски |
| „За празникот на мојата мајка“ | Ненад Џамбазов |
| „Лоша игра“ | Киро Донев |

- Додека го читаш следниот текст, размисли кои особини на расказот ги препознаваш во него.

## СМРТТА НА СТАРЕЦОТ

(Извадокот е земен од романот за деца „Зелени гранчиња“ посветен на детството и првиот книжевен успех на големиот македонски писател на деветнаесеттиот век, Глигор Прличев, за чие творештво ќе учиш.)

Надвор е сега толку весело, а дедо е болен.

– Зошто мора добрите луѓе да бидат болни? – се прашуваше Григор, гледајќи во буквите пред себе, а лутајќи со мислите. – Дедо никогаш не ме натепал, дедо никогаш не ме искарал полошо. Навистина, ме плашеше понекогаш со желката, но тоа беше за мое добро...

Размислуваше Григорче, а белината на книгата неостено му се врежуваше во очите. И очите болеа кога ќе го кренеше погледот.

– А јас го лажам дедо ми дека одам на училиште! И мајка ми ја лажам... Но што да правам?...

Времето проаѓаше. Тој ги собра книгите во торбичката и полека излезе од ѕидините. Наоколу сè мирисаше на див цвет од смокви. И на пелин.

Патем мислеше на деда си, најмногу на нивните заеднички прошетки по градот кога собираа милостиња.

Погледна кон босите нозе.

Скорните што дедо ми ги купи ги носам само во студено време – си рече Григор. Целиот пат до дома му се редеа несврзани мисли: ту се гледаше врз грбот на старецот кој го носеше до училиштето во зимските денови, ту дедо му се насмевнуваше, со симид во рацете. Му

беше пријатно на Глигора да ги слуша пофалбите од негова уста, кога тој, Григорче, онака (иако без разбирање) му читаше на деда си од онаа книга со дебели капачишта.

И сега си спомнуваше на тие вечери кај мангалот.

Во дворот од куќата не затече никого, а дедо му лежи болен!

Ја отвори вратата. Браќа му Николај и Иван и сестричката Зуграфина погледаа накај него. Ја виде и мајка си клекната пред постелата на старецот. Очите ѝ беа уплакани.

Срцето на Глигора му се свитка.

– Не плачи невесто. Од бога е тоа... Цел живот се мачев, спечалив нешто... Малку е, ама за вас ќе биде доста.

Мајката залипа. Од окото на старецот се срона една солза. Николај и Иван стоеја збунето. Зуграфина го држеше бардачето в рака.

**Георги СТАЛЕВ**

## ♣ Разговор за текстот

- Додека го читаш извадокот, имаш впечаток дека раскажува самиот автор евоцирајќи спомени за своето детство. Чии се, всушност, тие зборови кои го водат текот на дејството?
- Која е причината за загриженоста на Григорче?
- Григорче постојано се сеќава на настаните врзани со дедо му. Пронајди ги во текстот и прочитај ги изразно.

## ♣ За дома

Потесети се на случка од твоето детство. Напиши состав за неа и презентирај го на часот. Дискутирај за содржината на составот и за правописот.

- Прочитај ја песната и размисли за тонот на кој е испеана.

## ЧУДНА СНАА

Е гиди, сваќе, скора роднино,
што ми даде чудна снаа,
аршин долга, три широка.
Ми усука зелен зелник,
зелен зелник коприварник.
Корите се ко штиците,
витките се ко гредите.
Јас ја водам на поседок:
виде петел и си рече:
„Што е ова силен паша,
силен паша, добар аскер.“
Виде разбој, се зачуди:
„Што е ова, шкрипни-рипни,
еднаш чука, два пати рипа.“
Па се врати право дома.
Триста чуда за три дена.

**Народна песна**

### ♣ Разговор за песната

- Кои особини на снаата се опеани во песната?
- Зошто те насмеа нејзината содржина?
- На кој јазик е опеана песната?

### ♣ Биди креативен

Напиши песна или состав во кој ќе употребиш лирски и епски елементи.

**♣ Задача**

- Додека го читаш текстот размисли за развојот на дејството во него.

## СЕЌАВАЊЕ НА СТИХОТВОРБАТА

Детето, синот, напиша стихотворба. Вчера. Можеби и завчера. Не знае точно кога. Пролетта точи миризби и од приквечерината. И од порано... Прва негова стихотворба. Убава? Кој знае. Тој не знае. Тој никогаш не пишувал стихотворби. Сепак, треба да е убава. Сигурно. Така силно му сјаат очите на детето...

Мамо, мамо!

Таа го дочекува строго, студено. Во нејзините очи прекор: по гласот, по разбрануваниот извик на детето, таа го насетува неговиот немир, бегање – скршнување од установеното, определеното, измереното, познатото. Не се лаже. Не. Ги познава таа своите деца. Добро ги познава. Внимателно следеше сè кај нив. Загрижена: неуморно бдееше. Најголемата жртва за нив ѝ се чинеше незначителна, ситница.

– Што има?... прашуваше таа глупо, здржано, но напнато и малку исплашено.

– Мамо-о... – и го подаде листот со стихотворбата.

Раката ѝ затрепери. Ги набра веѓите. Ја чита стихотворбата. Детето трепери собрано, смалено, засрамено, навредено, понижено. Сакаше да ѝ се пофали. Да сподели радост. А еве, страв му е... Згрешил нешто?...

– Остави го ти тоа... Цвеќиња, Сонце... А математика? Кој ќе ја учи математиката? На неа мисли!... А не... – таа заврши, го стегна во раката, го стутка листот...

Детето ги ококори очите: единствен протест... Потем се заврти. Заплака. Се повлече... Тој гледа, слуша: срцето му се кине. Трае... Кога

останаа сами ѝ рече: Неправедно го растажи детето!... Тоа можеби никогаш веќе нема да ја покаже убавината на своите немири, можеби никогаш нема да напише стих... И тоа е можеби поарно за него!... Којзнае?... Но зар цветот треба да свене, пред да ја раскрие својата миризба?...

**Иван ТОЧКО**

## ♣ Разговор за текстот

- Зошто сјаеле очите на детето така силно?
- Како мајката го дочекува радосниот повик на синот?
- Што предизвикал нејзиниот строг глас кај детето?
- Зошто детето си го поставува прашањето дали згрешило нешто?
- Кој бил единствениот протест на детето за таквото однесување на мајката?
- Какви зборови упатува таткото до мајката?

## ♣ За дома

Направи план на текстот, а потоа писмено прераскажи го.

- Размисли кој е главен настан во следниот текст.

## ПЕСОЧНА КУЛА

Народ, вода, сончев блесок и многу многу песок. Денот гори од горештината на сите им е нешто криво, па на плажата е дојдено сѐ живо: татковци и мајки со деца, деца со татковци и мајки.

Плажата во лето е најубавото место на кое се раѓаат приказни и бајки.

Едно пладне, кога сонцето ја натера живата да се искачи во термометарот на триесет и пет степени над нула, Диме на плажата направи кула од песок.

Ама кула, каква кула, што ја нема во сите сказни! Околу ја загради со камчиња тркалезни и мазни и направи градина од водни растенија и реси, а место прозорци  отворени школки во ѕидовите смести.

Таткото ја виде и рече: „Ваква кула нема на светот!“

Мајката рече: „Бездруго, голем мајстор ја градел!“

А Диме беше весел, беше среќен, додека небото над езерото личеше на некое свенато цвеќе...

Вечерта пристигна и постави шатори кај сината вода. И последните капачи почнаа да си одат. Тогаш Диме ја заклучи вратата од песок, дури косата му се  златеше од последниот сончев блесок и задоволен, презадоволен тргна дома.

Што ли заклучи Диме во кулата од песок?

Ја заклучи летната боја на природата. Го заклучи сонцето додека се капеше во водата.

Ја заклучи играта во длабочината.

Ги заклучи од своето сестриче насмеаните очиња. Ја заклучи езерската птица додека беше во лет. Во кулата го заклучи сиот свој убав свет.

И вечер ќе си спие Диме, ќе си спие во безгрижност мека, бидејќи и утре плажата, неговиот убав свет ќе го чека, и заедно со сончев блесок, повторно ќе излезе од кулата со песок.

**Бошко СМАЌОСКИ**

## ♣ Разговор за текстот

1. Каде се одвива дејството во расказот?
2. Што правел Диме?
3. Како ја оцениле работата неговите блиски?
4. Што заклучил Диме во кулата?
5. Зошто Диме спие мирно?

## ♣ Задача

- Откриј ги белезите на расказот и запиши ги во тетратка.

## ♣ Работа по нивоа

Прераскажи го текстот по следниот план:

1. На плажата.
2. Диме прави кула.
3. Заклучени тајни.

- Размисли за постапките на ликовите во следнава народна приказна.

# НАЈСЛАТКИОТ ПЛОД

Некој татко си имал три сина. Кога пораснале, ги повикал кај себе и им дал по едно ќе се со пари.

– Прошетајте низ светот и побарајте си ја среќата! Оној што ќе го донесе најслаткиот плод, ќе го наследи сиот мој имот!

Се поздравиле синовите со татка си и тргнале на три различни страни по светот да го бараат најслаткиот плод. По три години тие се вратиле дома.

– Ми ги донесовте ли најслатките плодови? ги прашал таткото.

– Најслаткиот плод, татко, е грозјето рекол најстариот син. Од него ништо послатко не се раѓа во нашата земја. Затоа јас ти донесов еден грозд црно и бело грозје.

– Е, убаво си сторил синко! Убав плод си донел. Ами ти каков плод ми донесе? – го прашал таткото средниот син.

– Татко, јас си реков дека најслатки се оние плодови што се најретки. Па затоа ти донесов овошје што не расте кај нас, туку во далечните земји рекол вториот син и извадил најразлично јужно овошје.

Таткото ги зел плодовите од средниот син и се свртел кон најмалиот:

– Зарем ти синко, не најде сладок плод? Зошто се враќаш со празни раце?

– Ех, татко, јас се враќам со празни раце, бидејќи плодовите што ги набрав се наоѓаат во умот и во срцето. Овие три години јас учев во едно училиште и знаењата што ги стекнав таму се најслатките плодови што ти ги носам.

Кога ги чул тие зборови, таткото го прегрнал најмалиот син и радосно му рекол:

– Ти ми ги донесе најслатките плодови. Ти ја заслужуваш наградата, зашто нема послатки плодови од оние кои знаењето му го даваат на човекот.

**Народна приказна**

### ♣ Разговор за текстот

- Каде ги испратил таткото синовите и зошто?
- Што донеле најстариот и средниот син?
- Што му одговорил на таткото најмалиот син?
- Како го разбираш одговорот на најмалиот син?
- Кои особини му ги припишуваш на најмалиот син?

### ♣ Задачи

- Прераскажи го говорот на ликовите.
- Прочитај го текстот во парови внимавајќи на артикулацијата, дикцијата и интонацијата.

- Додека го читаш текстот размисли што е реално, а што е нереално во расказот.

## НАЈСКАПОЦЕНОТО

И ден денес во густите и марчни шуми живее Шумскиот дух. Тој е стар

колку што се стари шумите и ги знае сите нивни тајни, бидејќи го разбира шумолењето на лисјата, жуборот на потоците и јазикот на животните и на птиците. Секој може да го чуе неговото пеење и свирење, само ако појде во шумата.

Се случи еднаш, еден ранет гулаб, инаку пријател на Шумскиот дух, да падне во близината на еден среброструен поток. Од скршеното крило му солзеа капки крв и тонеа во песокливата земја.

Гулабот беше мошне жеден. Лежеше со отворен клун и го слушаше жуборот на водата, но немаше сила да се довлечка до неа и да се напие.

Сè би дал за капка вода и си помисли ранетата птица.

Во тој миг покрај гулабот се створи Шумскиот дух преправен во млад ловец. Тој го зеде гулабот в раце и му рече:

Во овој час сè ќе дадеш за капка вода. Еве, јас ќе ти помогнам, не само да ја изгасиш жедта, туку и да оздравиш. Но, тоа ќе го сторам само под услов, ако ми ветиш дека ќе ми го дадеш најскапоценото нешто. Штом си решил да ми го земеш, земи го кога ќе ти се посака. Само, те молам, подај ми една капка вода пред смртта, за да не умрам жеден.

Ловецот ја погледна ранетата птица и се насмевна:

– Не ти го сакам животот, туку крилјата!

Кога ги слушна тие зборови, гулабот затрепери:

– Крилјата? Зошто ми е живот без крилја? Ако не можам да летам во сончевиот простор и од високо да им се восхитувам на зелените шуми, на рамните полиња, на реката, на лозјата, тогаш подобро веднаш да умрам. Животот ќе ми биде мачење, а не радост, робување, а не слободен лет.

Ловецот задоволно се насмевна кога го чу одговорот на гулабот:

– Летај, гулабе и раскажувај им на другите што е најскапоцено на светот. Навистина, од слободата нема ништо поскапоцено и поубаво!

**Видое ПОДГОРЕЦ**

## ♣ Разговор за текстот

- Кој бил Шумскиот дух?
- Што му се случило на гулабот?
- Кој ѝ помогнал на птицата?
- Што барал за возврат Шумскиот дух?
- Што му одговорил гулабот?
- Каква поука извлече од расказот?

▪ Прераскажи го текстот и опиши ги ликовите во него.



## ♣ Присети се, одговори

- Како го доживуваш зборот татковина?
- Какви чувства буди кај тебе овој збор?

## КАКО РАСТЕ ТАТКОВИНАТА

Кога се раѓаме, нашата татковина е помалечка дури и од нас...Но, штом ќе ги отвориме очите и штом ќе разгледаме наоколу, татковината ни станува првата лулка, меко перниче.

Но, таа расте, станува сè поголема и поголема, тесно ѝ е, мора да излезе надвор.

Како да ја стигнеме, о, кога бега?

Мама ни ги подава рацете да нè пофати: „Ајде..., Ајде... Заедно ќе ја стигнеме."

Поаѓаме да ја стигнеме. Ние пушти ги рацете, таа истргај се, нè мами сè понатаму. Таа напред, ние по неа. Така проодуваме. Ние и нашата татковина.

Но, таа и натаму не мирува. Веќе е излезена на улицата. Па, тогаш еве нè и нас! И ние ќе излеземе!

Леле, ама расте брзо нашата татковина! Па, таа ја опфаќа веќе целата улица! Колку е долга и пространа! Ѕирка низ прозорците, се шири во слаткарниците, расте... расте... и вика:

– Дојдете, дојдете повамy! Да видиме што има зад аголот!

Зад аголот има и друга улица, зад неа друга и друга... Потоа завршува градот. Зад градот е полето, житото, овошките, бавчите, старите лозја и таинствените сламени колипки и распарталените плашила. Во оваа ширoчина ни се чини дека ја губиме...

Истрчавме по неа, па се најдовме во друг град. Тој град е, исто така, нашата татковина. По него откриваме и едно село, па друго село, па трето... Па, здогледуваме едно поле, нови ниви, една нова длабока река. И сè се тоа делови од телото на нашата татковина.

Но, како да ја стигнеме?

Со итрина? Хм, во ред: ќе читаме книги за неа, ќе ја цртаме, ќе ја замислуваме, ќе ја проучуваме...

Ќе правиме мостови, тунели, ќе копаме рудници за да навлеземе

конечно во нејзиното срце, зашто дури тогаш ќе ја фатиме.

А колку повеќе ја гониме, таа ни изгледа сè поголема. Но, кога ќе го сфатиме тоа, ќе забележиме уште  дека и ние самите веќе прилично сме пораснале.

Навистина, беше другарски од татковината што ни беше другар и во растењето.

**Оливера НИКОЛОВА**

## ♣Разговор за текстот

- Каква е татковината кога се раѓаме?
- Зошто мора да излезе надвор од собата?
- Зошто авторот вели дека татковината брзо расте?
- Каде сè можеш да ја пронајдеш татковината?
- Што треба да се направи за  да се стигне татковината?
- Објасни ја последаната реченица од текстот?
- Со кои зборови можеш да го замениш зборот татковина?

## ♣ Задачи на час

- Поделеди го текстот на делови и дај им наслови.
- Прераскажи ги деловите во кои  има опис на слика.

## ♣ За дома

Напиши состав со наслов **Татковино секогаш си со мене**. Опиши  ги твоите чувства кон татковината кога си бил некаде надвор од неа или кога си патувал низ неа. Употреби ги зборовите: родина, родна грутка, љубов искрена, копнеж, гордост, среќа.

Наредниот час прочитај ја задачата и размени мислење за напишаното.

## ♣ Разговор

- Присети се на некоја доживеана случка.
- Прераскажи накусо неколку случки.

# ПТИЦАТА НЕ СЕ ВРАТИ

Надвор е студено. Снегот веќе ја покрил земјата. Сонцето се скрило некаде зад снежните облаци. И долго време нема да се појави.

Писателот е сам во собата. И премногу замислен. Дури и тажен. Пак отиде до прозорецот, а трошките леб беа на истото место. Сигурно нешто се случило со птицата. Нешто страшно се случило.

Но приказната е долга...

Секој ден до прозорецот на неговата соба долетуваше гладна и премрзната птица. А тој не забораваше да натроши леб на работ на прозорецот. Птицата ќе дојдеше, ке го исколваше, тропнуваше со клунчето по стаклото и одлетуваше. Така, писателот и птицата станаа пријатели. И веќе навикнаа еден на друг. А, за нивното пријателство дознаа и сите деца од маалото.

Птицата тој ден не долета.

Зошто ја нема? Што се случило со неа?

Никој тоа не го знаеше.

Писателот неколку пати излегуваше надвор од собата. Кога ќе се вратеше, мислеше дека трошките ќе ги нема. Ќе дојде птицата и ќе ги исколва.

Пак ништо. Трошките леб останувaa на исто место. Неа ја немаше. И идното утро не се врати.

Не долета и третото.

Дури и децата од маалото се загрижија што ја нема птицата.

– Дали денеска дојде? – прашуваше Снежана.

– Не, не дојде! Ја нема... – одговори писателот.

– Можеби го пронашла своето јато и заедно со него се отселила во друг крај – велеше Иво.

– Можеби – се согласи пистелот.

– Или, пак, смрзнала од студ? – негодуваше и Мирјана.

– Ништо чудно! – одврати писателот.

– А ако, пак, некое дете ја погодило со ластикот? И паднала ранета на земјата? – се прашуваше Снежана,

– И тоа можело да се случи! Има и такви деца... – пак се согласи писателот.

Тајната никој не ја знаеше.

Писателот се затвори во својата соба. Седна на работната маса, го зеде перото и почна нова приказна. Птицата не се врати.

Надвор времето беше смуртено. Зафуче и студен ветер. Небото се подготвуваше да напласти нов стег.

**Горјан ПЕТРЕВСКИ**

## ♣ Разговор за текстот

- Како писателот ја претставил зимата?
- Зошто бил замислен?
- Што размислувале децата за недоаѓањето на птицата?
- Зошто писателот се затворил во својата соба?
- Како се викала новата приказна?

## ♣ Задача за час

- Подготви се за усно прераскажување на текстот според следниов план:
- Надвор е студено.
- Писателот е замислен и тажен.
- Пријателството со птицата.
- Птицата ја нема.
- Децата разговараат за неа.

## ♣ Прочитај

Секој поглед кон ѕвездeното пространство побудува мечтаење да се освои недофатливиот простор. Напредокот на науката и техниката соништата ги претвора во реалност, па нешто што порано било само плод на фантазија, денес е секојдневие.

- Наброј неколку научни достигнувања без кои денешното живеење и комуникацијата би биле невозможни.
- Прочитај го текстот и обрни внимание на случката. Дали е можно да се оствари во реалноста.

# СКАЗНА ЗА ИДНИНАТА

Во далечната иднина, на некоја планета живеело некое љубопитно дете. Не треба да кажам каде е таа планета, зашто тогаш, во далечната иднина, сите планети ќе бидат близу...
Тогаш секој ќе има своја летечка машина што ќе ја носи на грбот и со неа ќе може за миг да стигне на која и да било планета. Доволно ќе биде да се притисне едно копче, па нејзиниот сопственик да се најде милион километри далеку од дома.

Излети до планетите би биле дозволени само на возрасните, зашто нивните летечки машини би имале копчиња само за долги летови. А децата на своите летечки машини би имале копчиња само за кратки летови. Едно љубопитно дете одлучило да полета сосема само на друга планета. Пред тоа внимателно подготвило план. Ги зело копчињата за далечни летови од машините на родителите и ги вградило на својата машина, а копчињата за кратки летови ги ставило во машините за родителите.

Еден ден татко му со страшен тресок се срушил со својата машина за летање на терасата. Ударот бил толку силен што сите излегле да видат што е тоа.

– Добро е, добро! – рекол татко му, поткревајќи се полека.

– Замислете што би се случило илјада километри над Земјата? Ама ова е вистинска среќа: леталото ми запре три, четири метри над терасата. Добро поминав, навистина добро!

Ова љубопитно дете дури тогаш сфатило дека неговиот татко навистина би можел да загине во меѓуѕвезденото пространство и тоа поради промената на копчињата. Тогаш брзо отишло кај летечките машини и копчињата ги вратило на своите места.

Татко му ја дознал причината зошто летачката машина му задоцнувала секој ден и не се налутил. Рекол дека сè е добро штом добро завршува. Потоа рекол дека многу го сака љубопитството. И дека луѓето кои не се љубопитни, ништо не можат да создадат.

**Дубравко ХОРВАТ**

## ♣ Размисли и одговори

- Зошто во иднината сите планети би биле поблиску?
- Како авторот ги опишува летечките машини?
- Што направило љубопитното дете?
- Што се случило со татко му?
- Како таткото го објаснил љубопитството?

## ♣ Задачи по нивоа

- На час по изразување и творење одбери една од задачите и напиши ја. Читај ги одговорите и коментирај ја успешноста на извршените задачи.
  1. Определи ги деловите на текстот и напиши им наслови.
  2. Прераскажи го текстот накусо во тетратката.
  3. Објасни го зборот љубопитство, употребувајќи описи.
  4. Раскажи случка кога си бил љубопитен.

## ♣ Меѓу ѕвездите

Пронајди и прочитај текстови од детскиот печат или на интернет во кои се говори за некои научни достигнувања. Организирај разговор за значењето на тие пронајдоци.

## ♣ Поврзи ги знаењата

- Потсети се што си учел за Илинденското востание во 1903 г. Прочитај и некои податоци за овој историски настан.
- Читај ја песната која следи во себе, применувајќи ги знаењата за изразно читање.
- Поврзи ги знаењата за лирска песна применети во песната „Цршовото топче“.

## ЦРЕШОВОТО ТОПЧЕ



Го изделкале од црешово дрво
Комити во густа корија
И го одредиле да биде гласник
На македонската историја.

Со железни обрачи го опашале
Да грми, земја да тресе
Да рикне низ него црната мака
Рајата што ја исплака.

Започнал Илинден со крв и метеж
Пламнале земја и небо
Гинел за слобода маченик што вкусил
Горчина лута во лебот.

Јачело моќното грло на топчето
Сеело страв и несонија
Тоа ја разнело ширум вистината
Со гласот за Македонија.

**Трајан ПЕТРОВСКИ**

## ♣ Задача за час

На овој час ќе ја примениш техниката **квадрат** за анализа на песната „Цреушовото топче“.

Наставникот формира групи со по четири ученици. Секоја група добива лист поделен на четири дела кои учениците од групата ги пополнуваат според барањата:

1. Во првиот дел се црта слика замислена од ученикот инспириран од песната;
2. Во вториот дел ученикот впишува звуци кои смета дека ги содржи песната, но и звуци кои смета дека се соодветни на песната;
3. Во третиот дел ученикот впишува слики кои смета дека ги содржи песната, но и слики кои ги смета соодветни за песната.
4. Во четвртиот дел ученикот запишува која е врската меѓу содржината на песната и неговиот живот, според своето мислење.

- Читајте ги содржините на квадратите, разговарајте за напишаното, но и дополнувајте ако почувствувате потреба нешто да додадете.

- ## ♣ Примени ги знаењата
- Повтори ги елементите на изразно читање.
- Додека наставникот ја чита песната, слушај внимателно за да можеш и ти да ја читаш изразно.
- Секој ученик во себе ја чита песната, а потоа се чита на глас.
- Особено внимателно читај ги опеаните чувства кои во песната ги има во изобилство.

# ЗА ПРАЗНИКОТ НА МОЈАТА МАЈКА



Да сум птица што трепери лесна,
Што извива крилја в силна радост,
За празникот на мојата мајка,
Би испеал една добра песна:
„Мила мамо, имај вечна младост!“

Да сум река што се пени бистра,
Би ја галел со свои води,
И со нежност в раце би ѝ кажал:
„Мила мамо, биди вечно млада, иста,
Благодарам, мамо, што ме роди!“

Да сум небо како зора јасно,
Да сум сонце бисери што точи,
Би ѝ дарил китка ѕвезди бајни
Да ѝ светат ко небесни очи.

Да сум уште, што ли не би сакал
И Аладин од чудесни бајки,
„Летни, песно, како птица лесна,
Поздрави ги во светот сите мајки!“

**Ненад ЏАМБАЗОВ**

## ♣ Размисли одговори

- Што сака детето да ѝ подари на мајката ако е птица?
- Што би ѝ кажал доколку е река?
- Што би ѝ дарил доколку е сонце?
- Зошто детето сака да биде како Аладин? (Кој бил Аладин?)
- Кое чувство преовладува во песната?
- Какви чувства ти предизвикува песната?
- Наброј ги поетските слики (целини) во песнава.
- Во кои стихови откри совпаѓање на исти слогови на крајот од стихот? Прочитај ги тие зборови.

- Прочитај го внимателно текстот во себе размислувајќи за постапките на ликовите и за примената на елементите за изразно читање.

### ЛОША ИГРА

Лица:

Конферансие
Мирче
Кирче
Лекар
Велосипедист
Глас

(*Завесата е спуштена. Пред неа излегува конферансието.*)

КОНФЕРАНСИЕ: (*Кон публиката.*) Не е никаков грев да се игра, нели? Всушност, игрите се измислени за децата. Кој дедо или татко не сакал да игра фудбал додека бил дете. Која баба или мајка не играла со кукли додека била девојче. Се играло, се игра и ќе се игра сѐ додека постојат децата. Но, како, со што и како, тоа е она што треба да се знае и да се почитува. И да знаете: токму поради она – КАКО, СО ШТО И КАДЕ, сами од себе игрите се делат на ДОБРИ И ЛОШИ... Ќе ви објаснам... Туку зар е подобро вие самите да присуствувате на една игра и да направите споредба – дали личи на оние игри што ги игравте вие? Да, така е најдобро... (*Се крева завесата и се гледа улица, куќа и до неа едно дрво. Крај дрвото се Мирче и Кирче. Бркаат во џебовите.*)

МИРЧЕ: Колку донесе?

КИРЧЕ: Еве половина џеб... Носам и едно кутиче патенти!

МИРЧЕ: Патенти? Што ќе ни се?

КИРЧЕ: Добри се за велосипеди или мотоцикли... А и добро стојат

исправени со боцките нагоре...
МИРЧЕ: (*се фали*) Види ги овие! Специјални! Ги зедов од ковачницата на чичко Стојан. Со нив ги потковува коњите. Ете, тоа ти е клинец, а не твоите патенти. Со овие можеме да дупнеме и тракторска гума. (*Буричка во другиот џеб*). А и овие не се лоши... Дај ги ти твоите.
КИРЧЕ: Ајде, ќе ги наредиме од крај до крај на улицата. Ќе имаме од едниот до другиот тротоар!
МИРЧЕ: Одиме (*Излегуваат. По кусо време се враќаат и се засолнуваат зад дрвото и ѕиркаат кон улицата. Се слуша брмчење на возило што доаѓа и се губи.*)
КИРЧЕ: Изгледа овој не „заглави“... Псссcст! Доаѓа некој со велосипед... Гледај, готов е, му отиде предната гума... Слегува, го турка велосипедот. Доаѓа наваму...
ВЕЛОСИПЕДИСТОТ: (*Го турка велосипедот.*) Ту, лоши деца! По третпат ми се случува на исто место. Ми пропадна и овој ден. Не можам да стигнам навреме на работа, а ми отиде и дневницата.
(*Мирче и Кирче се кријат зад дрвото и се смеат.*)
.........................................................................................
(*Оддалеку се слуша завивање на болничка кола. Доаѓа поблизу и одеднаш престанува.*)
МИРЧЕ: Еј, „заглави“ и „Итната помош“!
КИРЧЕ: Ти реков: и тенк да згазне врз моите клинци, ќе заглави. Зар не виде, врвовите им се како игли...
МИРЧЕ: (*тивко*) Излезе возачот... Гледај, излегува и еден во бело...
КИРЧЕ: (*ја става раката над очите*) Леле, оној во бело е лекар. Го познавам. Беше кај нас кога бев болен. Доаѓа наваму...
МИРЧЕ: (*уплашено*) Да бегаме!
КИРЧЕ: Доцна е... Нè виде...
КИРЧЕ: Еј, момчиња, каде има во близина телефон? Нè снајде несреќа. Некои деца ставиле клинци сред улица... (*кон Кирче*) О, тоа си ти Кирче! Како си? Оздраве ли?
КИРЧЕ: Да, оздравев!
ЛЕКАРОТ: Тогаш кај тебе стигнав навреме, но изгледа овој пат ќе задоцнам. Ми јавија дека се повредил некој од работниците во фабриката, па брзам таму, но еве што се случи. Сега морам да телефонирам да дојде друга кола и да го продолжиме патот... Каде рековте има најблизу телефон?
МИРЧЕ: Па, можеби на бензинската пумпа. Првата улица лево...
ЛЕКАРОТ: Благодарам дечиња. Довидување! Морам да побрзам!
КИРЧЕ: (*збунето и уплашено*) Што рече? Се повредил некој во фабриката! Таму работи и татко ми... Ако се повредил тој...
МИРЧЕ: И бате Трајче таму работи. Можеби е тој. Можеби...

(Завесата се спушта)

КОНФЕРАНСИЕТО: Можеби... Можеби... Можеби... Зар е важно сега тоа **можеби?** Зар е важно кој е повредениот? Не... Важно е нешто друго: играта лошо сврши. Еден чичко не стаса на работа навреме и ја загуби дневницата. А, еден повреден чичко секој миг ја очекува помошта од лекарот. А, тој ќе стигне ли навреме? И, кој ќе биде виновен, ако задоцни?... Што ќе се случи со повредениот?...

### ♣ Размисли и разговарај

- Опиши ја играта која ја смислиле децата.
- Зошто таа игра била лоша?
- Какви последици произлегле од играта?
- Кои опасни игри ги играш со другарчињата? (Опиши ги со искреност.)



# РЕЧНИК НА НЕПОЗНАТИ ЗБОРОВИ

**А**

Абер – глас
Арчиш – трошиш
Атер – волја
Ашколсун – задоволен сум (турски)

**Б**

Бакшижо – подарокот
Беф – бев
Бериќет – благосостојба
Брајча – браќа
Брачет – братучед
Брскум – брзајќи
Беседи – зборови

**В**

Вајчај – фаќај
Варница –дупка за гасење вар
Ветво – старо, износено
Водворил – всадил
Враница – вид убав коњ

**Г**

Габрова – грмушка од дрво габер
Грош – пара

**Д**

Д’бот – дабот
Дисаѓи – торби што се ставаат на коњ за носење товар
Д’ојме – да одиме
Дреи – алишта
Дрипави – искинати, распартални
Дрсје – остро, силно, дрско
Друм – пат
Друзи – други

**Ѓ**

Ѓаури – христијани (турски)

**Е**

Есапо – сметка

**З**

Заблазнуваш – завидуваш
Златноалова – златноцрвена
Зокумон – плашило
Знајш – знаеш

**И**

Изнамирила – се дотерала
Иље – инает
Иљадо – илјада

**Ј**

Јадри – крупни
Јок – не (турски)

**К**

Кадифе – сомот
Капачиште – големи, дебели корици
Кардаш – брат (турски)
Кинисал – тргнал
Кираџиче – некој што има нешто под наем
Клава – става
Кокар – расад за кромид
Конфети – иситнети паченца од хартија
Коприна – свила

**Л**

Лаф – збор (турски)
Лафи – зборува
Лансирен пулт – место од каде се командува ракета
Лошините – лошите

**М**

Мангал – место во куќата каде гори оган

Мариојцо – мариовецот
Мастраво – изеденото јадење
Меѓи – граници меѓу нивите
Миндер – дел од мебел за седење
Мушнувам – подбутнувам

**Н**
Нејќу – не сакам

**О**
Окит – накит
Одуздена – отпуштена, одврзана
Опчаница – опинци (вид селски обувки од кожа)

**П**
Перуника – ирис (цвеќе)
Прачканица – расправија
Писка – свирче
Плајчејне – плаќање
Попраќало – испраќало
Потскаквеф – потскокнував
Потспастрам – потсредам
Приклај – додади
Пулт – командна табла во ракета

**Р**
Рошка – пребарува

**С**
Сјојме – да си одиме
Сколиите – училишта
Сношти – синоќа
Спечали – заработи
Спотина – тера напред, засилува
Стопарче – стотиот дел од парата
Стројници – посредници при мажење или женење
Струни – тенки жици на виолина
Стрмоглаво – стрмно
Сфршено – верено

**Т**

Таарнана – тиранин
Тараба – дрвена ограда
тиј’ранини – тирани, поробители
Токми – мери

**Ќ**

Ќотии – скржавци, бедници
Ќаар – добивка

**Ѕ**

Ѕуница – виножито

**Ч**

Че – ќе
Чорбаџи – богат човек
Чрчор – птичји пој
Чума – смртоносна болест
Чун – чамец

**Ш**

Шупелка – инструмент сличен на кавал (направен од дрво)

## За писателите

**Славко Јаневски (1920 – 2000): Крвава низа, Песни, Леб и камен** (Збирки песни), **Село зад седумте јасени** (прв македонски роман), **Две Марии, Месечар, Распеани букви, Милиони џинови, Сенката на Карамба-Барамба, Марсовци** (романи) и др.

**Глигор Поповски (1928 – 2007): Бајка за детето Вилен, Дрварче** (раскази), **Росица** (поезија), **Парада на цвеќињата** (поезија), **Сказна за најјунакот, За поубав свет, Учителката** (роман), **Елен Камен** (сказни), **Шеп, шеп, шеп** ( гатанки) и др.

**Бистрица Миркуловска (1930): Цвеќенца** (поезија), **Градинче** (раскази), **Празнични виделини** (поезија), **Ѕвездена** (бајки), **Виделина** (бајка), **Клучарчиња** (роман) и др.

**Цане Андреевски (1930): Сончева порака** (поезија), **Јаготки** (раскази), **Нашите први учители** (поезија), **Дарби** ( приказни), **Малата голема точка** (раскази) и др.

**Михо Атанасовски (1934 – 2008): Од лав до страв** (басни), **Во дворецот на сказните** (сказни), **Марко Новинарко** (раскази), **Големиот јунак** (новела), **Куќичката со бела шамија** (роман), **Бамбила од другиот свет** (роман), **Уличето со обетки од цреши** (роман), **Вечери крај шадрванот** (поезија) и др.

**Видое Подгорец (1934 – 1997): Развигорче** (поезија), **Горско кладенче** (поезија), **Шиумскиот разбојник** ( раскази), **Ајдучка чешма, Весела азбука** (поезија), **Шарени бродови** (раскази), **Првото писмо** (роман), **Лушпи од месечината** (поезија), **Дрво на спомените** (раскази), **Бојан** (роман), **Исчезнатиот рај** (роман) и др.

**Ристо Давчевски (1935– 2009): Дождовни капки** (поезија),

**Бескрајна приказна** (раскази), **Собир на враните** (басни), **Дворец на опачини** (драмска трилогија), **Принцот Кристијан** (роман), **Сказни за Басново**, **Сладолетки од сказните** (раскази) и др.

**Бошко Смаќоски** (1938 – 1998): **Големи и мали** (роман), **Корениште** (роман), **Песни од Модрич** (збирка поезија), **Сликички и зборчиња** (песни), радиодрами, телевизиски драми и др.

**Киро Донев (1942)**: **Битката на Мечкин Камен** (повест), **Пере Тошев** (повест), **Манастирски ѕвона** (роман), **Шарена криенка** (роман), **Слика што блика** (поезија), **Чудни чуда** (раскази), **Весел Зоопарк** (раскази) и др.

**Ненад Џамбазов (1943)**: **Весели едночинки**, **Земјата моја** (поезија), **Палавото зајаче** (поезија), **Знамето на мирот** (поезија), **Весело детенце** (поезија), **Земјата на лажговците** (поезија и проза), **Гатанки и прашанки**, **Кажам лажам** (раскази) и др.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Бојковска Стојка, Минова-Ѓуркова Лилјана, Пандев Димитар, Цветковски Живко. *Граматика на македонскиот јазик.* Скопје: Просветно дело, 2008
- Видоески Божидар, Димитровски Тодор и др. *Правопис на македоснкиот литературен јазик со правописен речник.* Скопје: Просветно дело, 1970.
- Ворен Остин, Велек Рене. *Теорија на книжевноста.* Белград: Нолит, 1985.
- Петко Домазетовски. *Македонско народно културно наследство.* Скопје: Друштво за култура и уметност, „Браќа Миладиновци", 1995.
- Јовановски Владимир. *Новинарски триптих.* Скопје: Календар, 2010.
- Конески Блаже. *Граматика на македонскиот литературен јазик*. Скопје: Култура, 1982.
- *Македонска книжевност: Раскази за деца*. Битола: Микена, 2008.
- Пенушлиски Кирил. *Народни приказни.* Скопје: Кочо Рацин, 1964.
- *Правопис на македонскиот јазик (Второ издание)* .Редакција: Цветковски Живко, Веновска-Антевска Снежана, Груевска-Маџоска Симона, Јачева-Улчар Елка, Саздов Симон. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Култура АД, 2017.
- *Речник на книжевните термини.* Белград: Нолит, 1986.
- Саздов Томе. *Македонска народна книжевност.* Скопје: Култура, 1966.
- Солар Миливој. *Модерна теорија на романот.* Белград: Нолит, 1979.
- Шапкарев Кузман. *Избрани дела.* Скопје: Мисла, 1976.

# СОДРЖИНА
## ЈАЗИК


Потекло на македонскиот јазик............................................................... 05
Прасловенски јазик....................................................................................... 05
Старословенска азбука.................................................................................. 07
Современо македонско писмо..................................................................... 09
Поделба на гласовите.................................................................................... 10
Поделба на согласките....................................................................................11
Правила за акцентирање на зборовите.........................................................12
Морфолошка класификација на зборовите..................................................15
Видови именки...................................................................................................17
Определеност кај именките..............................................................................19
Граматичка категорија начин кај глаголите....................................................20
Видови придавки................................................................................................ 21
Заменки: лични и показни.................................................................................. 22
Главни реченични членови.................................................................................25
Прилошки определби за: место, за време и за начин.......................................26
Сложена реченица..................................................................................................27
Речник и стил...........................................................................................................  29
Лексичко значење на зборовите...........................................................................29
Пароними..................................................................................................................29
Правопис...................................................................................................................31
Скратеници............................................................................................................. 31
Слеано пишување на сложените зборови.......................................................... 32
Основно и преносно значење на зборовите......................................................... 35
Интерпункциски знаци: точка запирка, прашалник и две точки...............36


## ЛИТЕРАТУРА


Поделба на литературата по родови..........................................................40
Мостови — Глигор Поповски....................................40
Нашето сонце — Боро Ситниковски..................................42
Весела Вселена — Александар Кујунџиски.......................... 43
Содржина на текст.................................................................................... 48
Леб за тате — Велко Неделковски.................................48
Три добри совети — Народна приказна.................................52
Расказ........................................................................................................... 55
Кога цутеа бадемите — Бистрица Миркуловска.......................... 55
Шампион — Рајко Јовчевски...................................... 60
Видов раскази................................................................................................ 62
Средба со Аладин — Ристо Давчевски.......................................62
Расказ за цветот — Бошко Смаќоски....................................... 64
Раскажувач (наратор)..................................................................................... 67
Гнездо — Бошко Смаќоски.................................... 68
Дарби — Цане Здравковски..................................70

Необрани јаболка Бошко Смаќоски....................................74
Не знаел колку е богат Народна приказна..................................76
Поим за драма
Измама Миле Поповски...................................... 78
Булки крај шините Велко Неделковски..................................82
Дијалог и монолог во драмски текст...................................................... 85
Гостин од Америка Ристо Крле..............................................85
Што станало со Ѕуница Бистрица Миркуловска............................ 90
А девојче перуниче Народна песна.........................................92
Комуникациски дијалог......................................................................... 93
Привремен дијалог Александар Кујунџиски...........................93
Лирски видови........................................................................................ 95
Љубовни, патриотски, и пејзажни песни..................................................95
Жетва Јован Котевски....................................... 96
Боите на татковината Марина Бебековска..................................96
Ти ли беше пролет В. Димитровски..................................... 97
Приспивна Блаже Конески.....................................100
Залез Јован Стрезовски.................................. 100
Мојот роден крај Живко Николовски................................ 101
Визулени и аудитивни елементи во песните............................................102
Дете заспано крај езеро Блаже Конески.......................................102
Стилски фигури.....................................................................................105
Епитет.................................................................................................... 105
Шупелка Константин Миладинов.........................105
Жнала Мара жолто просо Народна песна...................................106
Дом голем и светол Александар Поповски............................109
Анафора и епифора............................................................................... 111
Ој луле Народна песна...................................... 111
Таму е нашата река Петре М. Андреевски............................112
Есен Станко Враз........................................... 114
Во новата година Шукри Рамо...........................................115
Стани Станке Народна песна...................................... 115
Доста си мома одела Народна песна...................................... 116
Лирско-епски песни...............................................................................117
Мајчино воспитание Глигор Прличев......................................117
Јунак и нива Народна песна.......................................118
Скендер-беј и моме битолско Народна песна............................120

## ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ


Усно изразување.....122
Разговорот како вид комуникација..... 122
Учтиви зборови.....122
Интервју..... 126
Немаме резервна планета..... 126
Хронолошко и ретроспективно раскажување.....129
Дуњите на баба ми Јовица Ѓурѓиќ.....129
Прво пеење Трајан Петровски..... 130
Милосија Ката М. Руменова..... 133
Езерска бајка Славко Јаневски.....134
Опишување.....136
Огледалце на детството Петко Домазетовски.....136
Елка Марија Воронкова..... 137
Опишување ликови и личности..... 140
Нешто за нашето маало Михо Атанасовски..... 140
Ликот на Хајди..... 143
Нашиот Диме..... 144
Известување (извештај).....145
Да ја сакаме книгата.....145
Настани за денот на училиштето.....146
Вест.....148
Најдобрите на олимпијада.....148
Литературна школа.....149
Сценска изведба..... 151
Драматизација..... 151
Огледалце Јован Стрезовски..... 151
Макитe со саатот Васил Иљоски.....155
Писмено изразување.....158
Изгубеното ќесе.....Борис Бојаџиски..... 158
Прераскажување..... 160
Кој треба да се срами Петар Дубочки..... 160
Опишување..... 162
Лик и личност..... 163
Вест и извештај..... 165
Црвениот крст присутен на сите културни и спортски манифестации во градот.....166
Диктат (Диктат со промени)..... 167
Излет.....167
Творечки диктат.....168
Огледалце.....168

## МЕДИУМСКА КУЛТУРА

Видови медиуми (печатени и електронски)........................................172
Книгата како медиум..............................................................................174
Театарска претстава............................................................................ 176
Улогата на режисер, актер, костимограф и сценограф............................176
Спасувачка улога Рајко Јовчевски..................................176
Медиотека...................................................................................................183
Проектна задача......................................................................................183

## ТЕКСТОВИ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА

Смртта на старецот Георги Сталев...................................188
Чудна снаа Народна песна.................................. 190
Сеќавање на стихотворбата Иван Точко...................................... 191
Песочна кула Бошко Смаќоски.............................. 193
Најслаткиот плод Народна приказна.............................195
Најскапоценото Видое Подгорец................................197
Како расте татковината Оливера Николова............................ 199
Птицата не се врати Горјан Петревски............................. 201
Сказни за иднината Дубравко Хорват.............................. 204
Цреошовото топче Трајан Петровски.............................. 206
За празникот на мојата мајка Ненад Џамбазов.................................208
Лоша игра Киро Донев.........................................209

Речник на непознати зборови............................................................... 212
За писателите........................................................................................ 216
Користена литература........................................................................... 218